Куќа на Езеро

Роман

Драгица Најческа

Куќа на Езеро

Скопје, 2018

Risto Stefov

Publications

Toronto, Canada

All rights reserved. No part of this book may be reproduced or transmitted in any form or by any means, electronic or mechanical, including photocopying, recording or by any information storage and retrieval system without written consent from the author, except for the inclusion of brief and documented quotations in a review.

Copyright © 2023 by Dragitsa Najcheska

e-book edition

******

March 15, 2023

******

Пак ја разбуди истиот сон. Куќата... Ја купила. Станала нејзина. Таа мала, најнеугледна, стара можеби цел век, куќа. Со ’рѓосан катанец на влезната врата. Растурени турски ќерамиди. Из лупени од сите страни ѕидови. Не бе ше влегла во неа. Сигурно глетката внатре ќе биде уште полоша. Но, ја сакаше. Веднаш штом разбра дека се продава – сакаше да ја купи. И да беше уште полош нејзиниот изглед, немаше да се премисли.

Желбата се беше родила во неа многу одамна. Да купи куќа на езеро. Нека е со една соба. Нешто што е макар и колку колиба! И – еве ја среќата – куќата за која боледуваше беше само на неколку чекори од езерото. Тука веднаш. До него! И се продаваше!

И пак истиот сон: куќата е нејзина. Ја дотерала. Разубавена, поубава од сите други наоколу!

Така скоро три месеци. Си мислеше – нека оди по ѓаволите таа куќа! Ќе се разболи! Не било к’смет. И толку. Треба веќе да заборави на неа.

А само неодамна тоа ќе станеше и јаве... Само неодамна...

...Седевме во дворчето на куќата на блиски пријатели, близу до езерото, со чашка ракија и салата. Тоа пријателство траеше долго време. Неколку децении. И јас, онака, без посебна намера, на пријателите охриѓани им реков:

– Какви пријатели сте вие, триесет години летуваме со мажот ми во Охрид, и тоа се во куќи по крај езерото, а вие не најдовте некоја, макар и нај мала куќа, да купиме. А ти, пријателе Никола, гледаш, другар ти додека е жив нема да го убедам било каде на друго место да го поминеме одморот – само во Охрид! Никаде не отидов во други земји, како сите мои пријатели и роднини, заради овој ваш Охрид! Да беше роден во него, немаше толку да биде приврзан.

– Е, ама каде ќе седи по дванаесет часа со трската, и да чека да се фати некое рипче, ако не тука на брегот? А, кажи дали ја има оваа убавина било каде во светот? Сета благота природата ја истурила овде. Сакаш езеро, сакаш планина, сакаш шума. Цркви, Манастири, музеи, се што ти душа сака...

– Но... не сум знаел дека сакате да купите куќа. Никогаш за тоа не сте зборнале. Ни каква... Ни колкава? – одговори Никола.

Мажот ми Митко гледаше во мене со израз на лицето како да сакаше да го прекине ова мое зборување, што сметаше дека е неумесно, дури и ако е шега. Но, брзо потоа Љубица, пријателката, се сврте кон нејзиниот маж.

– Слушај бре Никола... Баш си... смотан! – свика одеднаш таа, – од кога се продава она куќичено, веднаш до улица.

– Ајде бегај, тоа не е за луѓе како нив. Виолета ќе ти купела баш таква куќа!

– Зошто, што му фали на куќичето? Ќе го дотераат, обелат. Ним им треба главно за преку лето.

Љубица веднаш потоа влезе во кујната.

Погледнав во мажот ми. Тој гледаше во мене со потсмевање и не му се веруваше за што зборувам. Никогаш не бевме разговарале на таа тема, а и со пари не стоевме баш добро.

Тие двајцата, со Никола, си продолжија со ракијата и салатата.

Откако го испивме кафето, ја извлеков Љубица надвор. Сакав веднаш да ја видам куќата. Не ме интересираше ни колкава беше, ни каква беше – стара, полураспадната, распадната...

Стоевме пред малата куќа. Беше куќа. Со врата и два прозорци – целата свртена кон езерото. Влезната врата дотрајана. На вратата стар огромен катанец! Стогодишни растурени ќерамиди. На дворешните ѕидови со излупен малтер на повеќе места. Срцето ми тупкаше силно.

Љубица нешто ми зборуваше. Не слушав за што зборува. Нејзините зборови допираа до мене како да се кажани оддалеку, како ехо. Јас во своите мисли веќе ја поправав куќата, ја дотерував, ја обновував.

Се вративме кај мажите.

Никола, кој веднаш сфати дека бевме излегле да ја видиме куќата, рече:

- Ти се допадна ли?

По неговиот тон сфатив де ка си мислеше оти ни случајно не ми паѓа на памет да купувам таква старудија. Па дури како да се уплаши да не се навредив, што воопшто таква дотрајана куќа нам ни ја понудиле. Молчевме...

– Кој ја продава? – реков.

– Јас сум овластен да ја продавам, – одговори Никола.

Јас погледнав во него со неверување.

–Колку пари бараат? – прашав.

Никола ја кажа цената. Јас брзо пресметував во главата. Приближно околу таа сума се собираа тие пари заштедени и орочени во банката, за кои не знаеше мажот ми. Ги чував како строга резерва, скриена од него, бидејќи тој беше поголем трошаџија од мене.

Потоа сама отидов кај куќата. Стоев недалеку од неа. Сфатив дека таа, мала, полусрушена куќа, ја сакам повеќе од било кој најубав нов стан во градот.

Се вратив назад кај пријателите. Некое време молчев, плашејќи се да не го налутам мажот ми, но сепак се решив. Реков со растреперен глас:

– Ја купувам куќата.

По малку време, без да дочекам било кој да реагира, уште порешително изговорив:

– Ја купувам куќата.

Никола и Љубица гледаа де во мажот ми, де во мене. Не им се веруваше дека за таква голема работа јас можев сама да решам, и тоа така одеднаш, како да станува збор за купување на некаква ситна работа. Гледаа во мажот ми, очекувајќи нешто да каже: дека се согласува и тој, или дека се противи. Ако ништо друго, барем дека и тој сака да ја види куќата. Ништо од тоа...

Тогаш Никола рече:

– Размисли малку, да не избрзаш, да ја отвориме, види ја и внатре како изгледа.

– Како и да изгледа, ќе се поправи, ќе се дотера, – веднаш одговорив.

– Кој е сопственикот на куќата? – прашав, со нетрпение да разберам за кои луѓе се работи.

– Не се од градов, – рече Никола.

По кусо молчење, Никола со движење на главата покажа кон небото и рече:

– Со овој авион, ене го, се слуша, брчи, доаѓа сопственичката на куќата.

Не ми се веруваше дека сите работи се случија толку брзо.

Таа, сопственичката на куќата, доаѓа, токму сега!

Треперев од возбуда! Мажот ми нервозно ја грабна трската за ловење риби и замина на брегот. Сето ова очигледно многу го изнервира, но не рече ништо. Можеби не му се веруваше дека од оваа работа нешто ќе биде, пред се поради пари те. Сигурно му изгледаше несериозно од моја страна, бидејќи не знаеше дека имаме заштедени пари, што беа неколку години орочени на моја девизна книшка.

Јас останав да чекам со нетрпение, со Никола и Љубица.

По половина час, такси застана пред куќата на пријателите, до нивниот двор. Од него излезе жена со природна руса коса, не постара од педесетина години. Со ведро лице, насмеана. Од такси колата, низок, изразено црномурест човек изнесе куфер и го остави до неа. Такси колата замина. Русокосата жена срдечно се поздравуваше со Никола и Љубица.

– Еве ме, стигнав, – рече на српски јазик. Никола уште веднаш, пред да се поздрави со неа, извика:

– Милена, дај рака, еве ти ја новата сосетка, Виолета. Само пред неколку минути падна договор за купување на твојата мала куќа. Таа и нејзиниот сопруг се наши пријатели од пред многу години.

Русокосата жена, која тукушто беше допатувала, ширум ги отвори очите, погледна во мене, се поздрави и рече:

– Е бре Никола, мој драги пријателе. Барем пред два дена да ми го кажеше тоа. Да ми телефонираше. Јас со себе од Белград го носам човекот што веќе ја купи куќата. Парите ми ги даде, па дојдовме да му го предадам клучот. Тоа е мој колега, всушност подолго време работиме во иста фирма. Откако го кажа тоа, го претстави со целото име и презиме изразено црномурестиот ситен човечец кој ги извади куферите од такси колата со која пристигнаа пред малку. Тој им подаваше на сите рака и се поздравуваше. И јас механички му подадов рака, иако немав желба да се запознаам со тој човек, кој и без да знае ми ја уништи среќата на која пред малку како мало дете и се радував.

Бев вчудоневидена! Зарем толку малку траеше среќата! Гледав де во Никола, де во Љубица, како од нив да барам спас. Сакав да ја тргнам на страна сопственичката на куќата и да и предложам многу повеќе пари од тие што и ги дал, дојдениот со неа, купец. Тогаш ја натерав Љубица, иако против нејзината

волја – да го каже мојот предлог. И Љубица, скоро на уво, и го шепна тоа. Но, одговорот гласеше:

– Ова е образ, не е ѓон, – рече, и со рака го допре својот десен образ.

И сосема беше во право жената!

После тие зборови, јас се засрамив... Но, имав чувство дека некој ми ја оттргнал, ми ја грабнал од раце куќата. Таа таква, никаква, но ќе беше моја... Со тие пари што ги имав, само неа можев да ја купам, но ете...

Човекот го зеде клучот, но не отиде кон куќата. Се зачудив, не ми се веруваше – да го земе клучот што му го подаде Никола, од куќата која штотуку ја беше купил, и да не влезе веднаш во неа! Си по мислив дека можеби порано доаѓал да ја види.

Се качивме сите горе, на горниот кат од големата двокатна бела куќа, која беше прилепена до малата. И таа куќа беше сопственост на истата таа Милена, за која образот, чистиот, беше поважен од не малкуте пари што и беа понудени.

Седевме на катот горе: Милена, нејзиниот купец, Љубица, Никола, со кои очигледно ги врзуваше долгогодишно пријателство. Седев и јас. Се качив со нив инстинктивно. Како да се понадевав де ка се уште не е се изгубено.

Набргу ни се придружи братучед на купецот, кој живеел во Охрид. Некое чудно емотивно човече, Џеваир. Нему како да му стана жал кога разбра за тоа што пред малку се случи. Како единствено тој да ја сфати мојата преголема желба да ја купам оваа мала куќа. Се чинеше дека ќе почне да бара од својот братучед, мене да ми го отстапи купувањето на куќата. Само тој виде дека одвај ги додржував солзите во очите.

И по повеќе изминати години, не би можела да се сетам дали јас самата, или тој, братучедот на купецот, или таа, Милена – рекоа нешто што звучеше како заклетва. Дека, ако тој, човекот, колегата на Милена што сега ја купи куќата, некогаш ја

продава, ќе ми ја понуди прво мене. Иако во тој момент ова ветување изгледаше чудно и нелогично, мене како да ми помогна полесно да го поминувам ова мачно разочарување.

Мажот ми си дојде од риболов многу доцна. Но, јас не спиев. Кога му раскажав за дојдениот купец од Белград заедно со сопственичката на куќата, осетив дека тој се израдува што сето ова така заврши. Можеби само ми се стори – си мислев. Но, Митко не рече ни збор.

3

Сонувањето започна кога се вративме дома, во Скопје. Се до следното лето. Како некој да ми ги местеше соништата. Многу ноќи – само куќата во Охрид! Соништа различни – но со куќата во Охрид.

Следното лето, веднаш штом пристигнавме во Охрид, уште не се бевме растоварите во куќата каде повеќе години летувавме, без да ме види мажот ми – право кај малата куќа. Таа, куќата, сосем иста. На неа истиот огромен 'рѓосан катанец. Не беше преместена ниту една ќерамида. Срцето ми затупка. Кого да прашам – што се случило?! Да го побарам братучед му? Незгодно е. А што има чудно во тоа што куќата не се реновира? Можеби човекот нема пари за поправки.

Почнав да се распрашувам наоколу. Еден, друг, трет. Некои од соседите велеа дека новиот сопственик имал проблеми со здравјето, други, дека неговата жена не ја бендисала куќата, трети, дека се јавила некоја голема нетрпеливост меѓу него и соседот кој живееше зад него. Што е точно?! Не, не смеам повеќе да си создавам илузии... Како да не постои ни една друга куќа во близина на езерото!...

Не, оваа ја сакав! Друга толку близу до езерото – нема да најдам.

Не знам како издржав до следното лето во неизвесност! Кога допатувавме следната година, ситуацијата – непроменета!

Тогаш се решив да појдам кај неговиот братучед. Кога позвонив на вратата од неговата куќа, тој се изненади. Важно за мене беше дека не ме заборавил и дека љубезно ме прими. Од него разбрав дека се што бев слушнала за причините зошто куќата не се поправа – беше точно. И едното и другото и третото.

Тој ми раскажа затоа, како еден ден, замолен од неговиот братучед од Белград, се обидел да ги препокрие ќерамидите на куќата, каква е таква е – барем во неа да не влегува дожд и снег. Штом го видел качен на куќата, соседот зад него му свикал, дека не смее да се качува и било што да поправа.

– Со кое право вие ми забранувате да се качам на покривот на куќата на мојот братучед, ако тој ми дозволил?, му се обратив со тивок глас, но доволно категоричен за да сфати дека нема да слезам, – раскажуваше Џеваир. – И, на мое големо из не на дување, тој брзо зеде скала и од страната на неговиот дел од дворот, кој не беше преграден со дворот на куќата на мојот братучед, се качи на покривот. Веднаш потоа тој почна да ме турка насилно, се до ивицата на покривот, при што постоеше реална можност да паднам. Се зачудив како си го дозволи тоа, бидејќи јас бев многу помлад од него и многу посилен. Само со еден замав на раката ќе го фрлев од покривот долу. Но во тој момент се сетив на моите три деца и на сопругата која никаде не работеше и си помислив дека децата ќе ми останат по улици. Се разбира дека слегов и не дозволив да направам непромислена работа, која можеше многу да ме чини, да биде трагична. Кога му кажав за настанот на мојот братучед, и тој се согласи дека треба да се почека некое време, – продолжи Џеваир.

Џеваир раскажа и некои подробности за тоа дека скоро е невозможно куќата да се поправа и поради надлежните служби што треба да дадат одобрение за тоа. Дека имало и некои други, уште по деликатни причини. Но, и покрај сето тоа рече дека братучед му се уште – не беше решил да се откаже од куќата...

Си заминав разочарана, иако го добив истото ветување, дека ако било кога нешто такво се случи, прво мене ќе ми се јават...

4

Беше доцна пролет. Речиси последни денови пред отпочнување на летото... Врвеше уште една година од тие настани во врска со купувањето на куќата. Наскоро ќе треба да се пакуваме за одмор. Мажот ми летувањето го планираше исклучиво во Охрид, односно тоа се знаеше однапред и разговор на таа тема воопшто не се дозволуваше. Порано тоа многу ме нервираше. Но, сега и мене таму ми беше умот.

Деновите беа се потешки за работа поради високите температури. И мажот ми, и јас, а најмногу децата, одвај чекавме да заминеме на одмор. Но децата секоја година изразуваа незадоволство, велеа – пак ли во Охрид?!

– За вас изгледа нема друго место на земјава, – реагираа, – Охрид, па Охрид!

Се бунеа, иако знаеја дека со тоа нема ништо да изменат. Дека татко им е непопустлив.

Последните денови пред одморот се најтешки веројатно за секого, па и за мене. Тој ден ми изгледаше најзаморен. Се враќав од работа. Одвај одев по скалите до станот.

– Мамо, да не заборавам, те бараше тетка Милена. Од Белград, – ме пречека од врата ќерка ми со тие зборови.

– Кога? – свикав и се стрчав кон телефонот.

– Мамо, не ти докажав, те бараше уште пред два часа.

Брзо пребарував во нотесот. Од возбуда не можев да го најдам бројот на телефонот на Милена... Тогаш телефонирав во Охрид. Му се јавив на Џеваир, братучедот на човекот што ја купи куќата.

– Ало, добар ден. Милена ме барала од Белград?! – брзо зборував.

– Да, ве баравме, – гласеше одговорот. – Сакавме да ви кажеме дека најпосле братучед ми се реши... Ќе ви ја препродаде куќата. Не му тргна нешто со таа куќа. Дали ќе можете да одите во Белград, бидејќи братучед ми е сериозно болен... Не може да патува. Но... да ви кажам и тоа дека бара многу повеќе пари. Сака да купи двособен стан... или вие да му купите... во Охрид, па да направите замена.

Зборовите од последната реченица воопшто не допреа до мене. Сакав веднаш да се јавам кај Милена. Како и најмалото одлагање да може нешто да измени, тој да се предомисли...

– Те молам дајми го телефонот на Милена, – реков.

Џеваир ми го издиктира бројот. Му се заблагодарив и брзо ја прекинав врската.

Во следниот момент позвонив кај Милена.

– Да, – го слушнав нејзиниот ѕвонлив глас.

– Драга Милена, сте ме барале? – чувствував дека гласот силно ми трепери.

– Мојот пријател што ја купи куќата би го раскинал договорот... Но, – тука настапи кусо молчење, – но под други услови... Бара да му се дадат многу повеќе пари од оние што тој ги плати за да ја купи куќата од мене. Само под тој услов би го раскинал договорот. Го разубедував, но не се предомисли.

Милена тоа го кажуваше така, како да и е непријатно... поради нејзиниот пријател.

Тоа што го кажа таа во врска со парите, како да не го слушнав.

– Ќе се договориме кога ќе дојдам, – реков. – Веројатно по дватри дена.

Но, не се договоривме.

Разговорот во станот на Милена во Белград не беше ни малку пријатен. Очигледно претходниот купец сакаше да извлече доста голема корист од раскинувањето на договорот, кога сфати дека купувањето токму на таа куќа веќе станало моја животна опсесија. Побар а трипати повеќе од она што и го беше платил на Милена. Кога го слушнав тоа, јас се налутив и го прекинав разговорот. Со првиот воз си заминав за Скопје.

По две недели, повторно патував во Белград, со возот кој пристигнуваше таму наутро. Око не бев склопила. И покрај новите услови од претходниот купувач – не се откажав!

Дали е можно?! Како нешто проречено! Дали ако нешто толку го посакуваш колку јас неа, токму таа, мала, неугледна, пред век градена, кој знае од кого, веќе руинирана куќа – ќе го имаш? И уште повеќе, она уште повозбудливото, езерото, ќе го има веднаш до мојата куќа!... Тоа прекрасното, чудесното, искричавото, игривото, до воз буда немирното, во најразлични нијанси на бои прелеваното, со татнежи заплашувачкото, и пак со потполн молк смирувачкото, божествено езеро – тука веднаш до мене... во секој миг од денот и ноќта до мене, со мене...

За целата оваа работа малку зборував со мажот ми, со Митко, плашејќи се тој категорички да не се спротивстави. Само му кажав дека ќе одам во Белград уште еднаш да разговарам со Милена, па и со човекот што ја купи куќата. Митко само ги крена рамениците и веѓите ги изви во лак. Неговото лице попримі израз на сериозно незадоволство. Но тоа не го попречи моето заминување во Белград. Овој пат во придружба на мојата внука.

Следниот ден, пак навечер, се враќав од Белград заедно со мојата внука која ме придружуваше, со договорот в рака. Лист хартија со неколку потписи и неколку печати. И клучот. Од големиот ’рѓосан катанец. Не ми се веруваше!

Куќата, таа малата куќа на самиот брег на езерото, е моја! Вистина ли е или само плод на мојата фантазија?... И, за да се уверам во тоа, повеќепати го фаќав клучот во мојот џеб.

6

Мажот ми беше заминал на работа кога стигнав дома, а децата беа отишле на училиште. Јас знаев дека Митко уште од почеток на сето тоа гледаше како на некоја моја голема будалаштина. Нема да биде воодушевен.

По малку време отидов на работа. На колегите и на колешките не се решив да им се пофалам. Како да ми требаше време да се осигурам дека куќа та е моја. Наша... На Митко не сакав по телефон да му ја кажам радосната вест. Сакав да видам како ќе реагира. Колку ќе се израдува!

Ручавме сите четворица, молчејќи.

Откако завршивме со ручекот, децата заминаа на часови по англиски јазик, без било што да прашаат во врска со купувањето на куќата во Охрид. Како да се плашеа да ми постават такво прашање.

Не можев да поверувам дека и Митко не ме праша што направив со купувањето на куќата во Бел град.

Привршував со раскревањето на масата по ручекот.

Не издржав.

– Треба да отвориме шише шампањско! Да про славиме! Најголемиот сон, мој, а верувам, и твој, се оствари! Имаме своја куќа на брегот на Охридското Езеро! – му реков со возбуда и го извадив шишето од креденецот.

По кусо молчење, мажот ми, бавно изговарајќи ги зборовите, прозборе:

– И ти, Виолета, тоа го нарекуваш куќа? Ми е срам да им покажам на луѓето што сме купиле! Односно, каква куќа купила мојата жена!

Оваа втора реченица ја нагласи, иронично изговарајќи го секој збор.

– Што сакаш со тоа „мојата жена купила“ да кажеш? Ме изненадуваш! А што се однесува до куќата, биди убеден дека наскоро, откако ќе ја поправиме, сите ќе ни завидуваат! – му одговорив... – Зошто ти е потребна таа иронија, не ми е јасно!

Митко не го продолжи разговорот, но по некој нов невообичаен израз на неговото лице осетив дека нешто премолчува. Дека би сакал повеќе работи да ми каже, но не се решава.

Шишето со виното, со шампањското, не го ни погледна.

Пред да отиде кон прозорецот и да застане таму со грб свртен кон мене, во неговите очи видов непријателски поглед, упатен некаде, неопределе но каде. Таков израз во неговите очи не бев видела во сите овие години откако бевме заедно.

– Јас мислев дека ќе се прерадуваш. Ти си вистинскиот зависник од Охрид и од езерото. Ни јас ни децата не сме биле на летување никаде на друго место изминативе години. Луѓето по кој знае колку пати ги испрошетаа сите држави и ги поминуваат годишните одмори на разни мориња.

Митко и натаму молчеше. Дури не се ни сврте кон мене. Јас полека ги прибрав и чашите од масата. Тој се уште стоеше покрај прозорецот. Одвај се воздржував да не му се развикам. За да не го направам тоа, излегов од трпезаријата и отидов во дневната соба, но вратата кон трпезаријата ја оставив отворена.

Кога децата се вратија од часовите по англиски јазик и влегоа во трпезаријата, а јас тукушто бев влегла во кујната, свикаа:

– Мамо, извини, бидејќи брзавме за на училиште, не те прашавме што направи во Белград, со купувањето на куќата?!

Јас дојдов брзо во трпезаријата. Кога им кажав дека куќата најпосле е наша, знаејќи колку сакав да ја купам таа куќа, скокаа од радост и се фрлија врз мене да ме гушкаат.

Брзо потоа, кога погледнаа во татко им, кој беше отворил весник и дури не погледна во нив, сфатија дека татко им поради нешто не е расположен, но сепак го заобиколија од двете страни и го изгушкаа и него.

Ме распрашуваа како сум поминала по патот и во Белград и дали во целост е завршено се во врска со купувањето на куќата во Охрид.

– Ќе може ли уште ова лето во неа, да речам сега, во нашата куќа, да се летува? – праша ќерка ми Славица.

Митко на тоа прашање од ќерката тивко се под насмеа, но тоа децата не го забележаа.

– Има доста да се поправа, погенерално да се реновира, – реков. – Ќе зависи од тоа дали ќе најдеме добри мајстори, а бидејќи сме на работа, нема да можеме таму долго да се задржуваме и да по праваме. Но, најважната работа е завршена. Да ви кажам искрено, уште не ми се верува дека ова е вистина, дека не е само еден од моите соништа...

Син ми Миле и Славица одвреме навреме погледнуваа кон татко им, кој веќе се беше преместил во дневната соба и натаму

го држеше и го разгледуваше весникот. Но, не ме прашаа во што е работата, бидејќи се плашеа тој да не слушне.

8

Помина недела, две... Веста за купувањето на куќата брзо се рашири меѓу пријателите, уште повеќе кај роднините. Честитања од сите страни. Забележав дека тоа уште повеќе го иритираше Митко. Тој и натаму беше нерасположен, ретко ќе проговореше со мене, па и со децата. Тоа ја намалу ваше мојата радост и среќа...

Митко, за првпат откако бевме во брак, еден ден не дојде на ручек без да ми телефонира дека ќе се задржи поради некоја работа. Исто така забележав дека подолго остануваше в кревет во викендите, кога не одеше на работа. Излегуваше прик вечер, без да каже каде оди. Кога беше дома, постојано седеше пред телевизорот. Некако, се повлече во себе. Не беше расположен за било каков разговор.

Бев нестрплива да одиме и убаво да ја видиме тукушто купената куќа. Во еден од викендите да појдеме во Охрид, да ја отвориме куќата, да влеземе во неа. Купувањето се случи токму на невидено! На дворешниот изглед не ветуваше многу. Бев свесна во каква состојба е куќата, но тоа воопшто не ме загрижуваше. Човечката рака се ќе поправи, ќе направи.

Но, гледајќи го расположението на Митко, не се осмелував тоа да му го предложам.

– Митко, – му реков еден ден решително, – нешто се случува со тебе, да не не си добар со здравјето, или нешто не е во ред кај тебе на работа?

Тој очигледно и овој пат не беше расположен за разговор, само одмавна со раката и излезе од собата. Кога погледнав од прозорецот, го видов како шета нервозно низ дворот. Почнав веќе да се загрижувам. Не знаев на каков начин да го натерам да ми каже отворено дали оваа негова психичка состојба е

последица на купувањето на куќата во Охрид. Или е нешто сосем друго, што се по јавило во меѓувреме.

Поминуваше и вториот месец од купувањето на куќата во Охрид, кога се случи нешто на кое никогаш не би можела ни да помислам...

Митко си замина од дома.

Едноставно, едно попладне, набргу после ручекот, видов дека забрзано влезе во собата со шкафот каде беа сместени неговите алишта. Сфатив по неговите движења дека си пакува некои од неговите работи, за кои веројатно сметаше дека му се неопходни... Потоа само за момент застана на излезната врата со куфери во рацете, и од тоа тивко што го проговори едвај разбрав дека некое време сака да живее сам... и излезе од станот. Од прозорецот здогледав како ги става двата куфера, во кои ги собра неговите работи, во багажникот на такси-колата која очигледно во меѓувреме ја имаше повикано, а потоа и самиот влегува во неа.

Не можев да се помрднам од местото. Имав чувство дека ќе се шлогирам... Како да поверувам... Зарем Митко би можел такво нешто да направи?... Да не напушти мене и децата? И тоа така одеднаш, без збор, без објаснување.

Не стигнав ни да го прашам каде оди. Си мислев, ќе се врати од првата уличка.

Но, тоа не се случи...

Лежев будна, сама во брачното легло, кое го делевме многу години. Се обидував да сфатам што беше тоа што го натера на ваква непромислена постапка. Купувањето на куќата во Охрид, не ми се веруваше дека е вистинската причина. Па и тоа дека не знаеше за парите што јас ги имав заштедено... Секој сопруг би се воодушевил од штедливоста на својата жена... А и, не ги дадов тие пари за било што, туку за куќа – каква е, таква е, куќа е. На самиот брег на неговото омилено езеро!

Во главата ми се плеткаа најразлични мисли... Дали е можно да имал некоја друга жена со која се поврзал?... Па ете, сега го искористи моментот да ме напушти. Си најде причина...

Подоцна вечерта, кога децата ме прашаа каде е татко им, им кажав дека замина на подолг службен пат. И самата сакав да верувам дека по из весно време ќе се врати. Подобро да не разберат веднаш што се случуваше. Митко често одеше на повеќедневни службени патувања, така што за извесно време ќе можат да ја прифатат оваа моја лага. Работата во Заводот за осигурување на лица и имоти, во кој работеше, беше поврзана со вакви негови подолги патувања.

Мачни тешки денови. Од се најмногу ме притискаше неизвесноста. Зарем не бев заслужила било што да ми објасни, да поразговара со мене, што и да беше се случило со него, во неговиот живот? Па дури и да е во прашање некоја друга жена. И на тие години, на средна возраст, човек, било да е маж или жена, може да засака некого, некоја друга личност, и да не може да се спротивстави на тие свои чувства. Овој начин кој тој го избра, да си замине од дома без ниту еден збор, ме натера да ја преиспитам секоја своја постапка, па и негова. Но не наоѓав ништо такво, толку непремостливо, за да дојде до ваков ненадеен раскин.

На двете деца дома им стануваше се појасно дека нешто кријам во врска со отсуството на нивниот татко. Ќе мора да им ја кажам вистината. Не се мали да ги залажувам. Но, и јас самата не ја знаев се уште вистинската причина за ваквиот негов чекор.

По извесно време решив да и се доверам на една своја пријателка, што работеше со мажот ми. Ја прашав дали тој доаѓа редовно на работа и дали некој од вработените знае за тоа што се случи меѓу мене и Митко. Пријателката се изненади. Не само што не знаеше самата таа, туку ни било кој во фирмата, бидејќи неговото однесување било со сем вообичаено. Редовно си доаѓал на работа, си ги вршел нормално работните обврски, често патувал службено. Не изгледал нешто посебно не расположен.

За да разберам каде живее мажот ми, се решив на една, можеби малку понижувачка, постапка. Паркирана со колата, на едно доволно оддалечено место, за да не може Митко да ме види, го проследив каде ќе оди откако излезе од работа. Бидејќи возеше велосипед, Митко не ме забележа. Не ме виде ни кога дојде до една голема куќа, ни кога влезе во неа, откако го остави и го заклучи велосипедот на посебното место за велосипеди пред зградата.

Откако влезе во зградата, почекав малку и дојдов до истиот влез. Во приземјето имаше четири влезни врати, очигледно на четирите стана. Се колебав, но сепак позвонив на првата врата од левата страна. Излезе повозрасен човек, со проседа коса и наочари со дебели стакла, зад кои едвај се на сираа неговите светлосини очи.

– Извинете, – му се обратив, – пред малку во зградата влезе еден човек кој ми заличе на еден мој пријател, кого го барам... да не сте вие домар на куќата?

– Да, да, јас сум домарот, – одговори тој, разгледувајќи ме внимателно, како да сакаше од лицето да ја прочита причината за моето доаѓање.

– Дали пред извесно време не се има вселено не кој човек во вашиот влез? – прашав тивко.

– Да, неодамна еден господин го изнајми наместениот стан што се издаваше, станот број се дум на вториот кат, – одговори домарот.

Ќе прашав дали човекот се вселил сам или со некоја жена, но веднаш сфатив дека тоа не би било во ред. Се заблагодарив и тргнав да си одам. По брзав, за да не дојдам во искушение да се искачам по скалите и да тргнам кон станот во кој се вселил Митко. Немаше сомневање дека тука живее. Домарот, чие љубопитство беше очигледно предизвикано, стоеше пред влезот се додека не си заминав со колата.

Следниот ден вечерта стоев недалеку од зградата, обидувајќи се да разберам кои се прозорците на неговиот стан. Не помина многу време, кога ја здогледав силуетата на мажот ми зад една од завесите на вториот кат. Ни во еден момент не се сомневав дека е тој. Ги напрегав очите да видам дали нема да се мерне зад завесите и некоја друга силуета, на некоја жена. Се поуспокоив, зашто таква немаше, освен ако не е легната или седната, така што не може да се види.

При повторната средба, пријателката Нена ме наговараше да му се јавам по телефон и да барам да се сретнеме, да поразговараме. Или да и дозволам таа, како негова колешка, да се обиде да ни договори состанок, а ако тој смета дека е потребно, и таа, пријателката, ќе дојде. Јас се согласив. Мора на било каков начин нешто да разберам.

Попладнето Нена ми кажа дека одбил, не сака да се сретне со мене. Нена ме убедуваше да дојдам кај него на работа, но јас не се решавав. Се чувствував многу повредена.

Наскоро ќе мора да поразговарам и со децата... Беше дури чудно што го немаа сретнато во градот. Или пак знаат дека татко им е заминат од дома. Знаат, а молчат.

Се враќав од работа депримирана, разочарана, се уште не верувајќи што ми се случува. Одеднаш почувствував дека некој ми го обгрна десното рамо. Нагло се свртев... Беше еден пријател на мојот татко, па и мој, иако повозрасен. Психијатар по пр фесија.

– Што си се замислила? Ми делуваш преморено...

Иако прозборе со шеговит тон, сфатив дека е загрижен.

– Сакав да те побарам, во врска со твоето момче.

Се изненадив и прегласно прашав:

– Што во врска со него?

– Тој разговор, Виолета, не е за на улица. Утре, во кое време сакаш, наврати кај мене во кабинет, – со некој неприроден и натаму шеговит тон ме покани.

– Сега кај одиш? – го прашав. Не би се вратил поради мене в кабинет? Не можам да чекам до утре.

Докторот малку се колебаше, но се согласи.

– Тогаш, да одиме, – рече љубезно, сфаќајќи колку сум вознемирена.

Во кабинетот немаше никој. Докторот ме покани да седнам. Дури и чистачката си беше отидена. „Што сака да ми каже во врска со мажот ми, и тоа баш тој? Што може тој да знае за него?

Од каде би знаел?“ Целото тело ми трепереше... „Нешто лошо да не му се случило?!“

– Ќе пиеме по едно машко кафе?

– Да, – прифатив. – Сега баш добро би ми дошло.

– Ако не ме изневерило сеќавањето, ти пиеше кафе со половина лажиче шеќер.

– Не ми се верува колку добра меморија имаш.

– За жал, тоа не е секогаш добро, посебно во мојата професија. Ти работиш во банка, така беше? Ти завидувам. Таму си кај парите.

– Што ќе ми завидуваш? Јас сум таму правник, а парите се на банката, да не се мои? – се пошегував.

– Кафето е готово. Повели...

– Според докторскиот кодекс некои работи можеби и не би требало да ти ги кажам, посебно некои од подалечното минато. Но јас, бидејќи многу години сте заедно со Митко, ќе го прекршам. Митко, твојот сопруг, уште на шест-седумнаесет години беше мој пациент. Тоа беа некои оптовареności, некое чувство дека е потценуван од страна на неговата доста постара сестра, па и од татко му, а дека неговата мајка не го зема во заштита... Па во неговата глава се таложело некое чувство, како сите тие тројцата да се беа сојузиле против него. Тивок, мирен по природа, за разлика од сестра му. Никогаш не му се спротивставувал на татко си, на неговата честопати груба надмоќ, пред се физичка, и се повлекувал во себе. Почнал да заостанува со учењето, а наставникот, кој очигледно не бил и добар педагог, исто така почнал да го понижува пред другите ученици. Дури, одвреме навреме и физички да го малтретира, за некои, како тој подоцна што ми раскажуваше, негови самоволија. Како последица на сите овие работи, а и поради многу честото отсуство на татко му од дома, неговото задржување по кафеаните со различни друштва, и машки и

женски, самиот тој почнал да изостанува од часовите во училиштето, да се заклучува дома во собата. Сам.

Принуден од ова однесување на Митко, татко му, знаеш дека бевме пријатели и со него, ме замоли да го повикам и да поразговарам со него. Еден ден го дочекав кога излегуваше од училиштето и божем случајно му се придружив. Терапијата траеше повеќе месеци, а и со помош на лекови, некако се извлече од тој товар.

Факултетското образование, како што и самата знаеш, го заврши во Скопје. Седењето во студентскиот дом многу му помогна да се ослободи од своите психолошки оптовареności. Неговите ми беа благодарни, бидејќи настојував така да постапат. За малку ќе го задржеа во Кавадарци, немаше да го пуштат да студира...

Докторот тука го прекина својот монолог и рече:

– Јас премногу да не оддолжив. Но сепак сметав дека е неопходно да го знаеш сето ова, за да можеш полесно да го прифатиш неговото сегашно однесување кон тебе.

Вашиве сегашни односи, ова што се случи меѓу вас, познато ми е во подробности. Тој деновиве доаѓаше повеќепати кај мене.

Да се вратиме пак малку повеќе наназад. Кога ти реши да се омажиш за него, јас се наоѓав меѓу два огна. Бев близок и со едното и со другото семејство. За неговите кризи, јас би ги нарекол и пубертетски, како некаков задоцнет пубертет, јас знаев повеќе од сите. Но бев убеден дека му припаѓаат на минатото. Поради тоа не се решив било што да им кажам на твоите. А во исто време, познавајќи те тебе од најмала возраст, бев убеден дека си многу јака личност и дека ќе му помогнеш на таму да успее во животот. И не се излажав.

За целото време додека зборуваше докторот, седев неподвижно, како некој да ме беше заковал за столицата. Реков:

– Сето тоа за кое зборуваш му припаѓа на далечното минато. Било, па поминало. Но ова сега, што е ова сега?! На што личи?! Брак како и сите, со добри и лоши страни. Ако нешто толку му дотежнало, нека кажел, нека се спротивставел. Нека се побунел. А вака, на овој начин, што? Да ме потресе и мене и децата!

– Работите не се толку едноставни. Тоа ти е слична состојба како со бактериите што се притајуваат во човечкиот организам. Никогаш не може да се предвиди кога ќе се активираат. Колку што разбрав од разговорите со него деновиве, непосреден повод за неговата сегашна, во извесна смисла неконтролирана состојба, е купувањето на куќата во Охрид.

После оваа реченица на лекарот, сакав веднаш да реагирам, но го оставив да продолжи.

– Мажот ти не ја сака таа куќа. А ти не си го ни прашала дали се согласува да се купи куќата. Воопшто, си го игнорирала. Сосема сама си ја донесла одлуката за купување на куќата. Од друга страна, страшно го изненадило и го револтирало што си криела пари од него. Како да му се срушила сета доверба во тебе. Дали навистина... да ја купиш куќата, сосем сама си одлучила?! Секој ден, кога доаѓаше кај мене, разговорот го почнуваше со овие зборови: Кој сум јас во нашата брачна заедница? Никој и ништо!

– Токму така рече?

– Искрено речено, и јас, кога би бил на негово место, така би се чувствувал.

Гледав во докторот и револтирано реков:

– Многу брзо се сетил! Самиот тој, уште од почетокот на заедничкиот живот, така се постави. Ми ги даваше скоро сите пари од платата, но и решавањето на сите проблеми. Знаеше дека ќе го направам најдоброто. И го правев. Како да имав дарба за практичните работи. Купував сама и најситни и најкрупни нешта. Изгледаше пресреќен дека не мора за ништо да се ангажира, да мисли, да се грижи. Се беше посветил, сите

овие изминати години, на своите сопствени задоволства, уживаше во својот сопствен мир. Дури и грижата за децата како да не спаѓаше во неговите обврски.

– Верувам дека е така, познавајќи го. Тоа му е наследено по малку и од татко му. Иако беа во постојана конфронтација со него, нешто и од него наследил. Но, купувањето на куќа е многу крупна работа, ќе се согласиш. Не е важно, мала или голема, нова или стара. Од друга страна, и него не го оправдувам – зошто веднаш не реагирал! Уште штом си почнала да зборуваш за купувањето на куќа во Охрид, требало да се спротивстави, ако не сакал да се купи.

Лекарот шеткаше по собата како да се решава дали да додаде уште нешто.

– Има тука и една друга работа, која ти, претпоставувам, не ја знаеш, не ти кажал сигурно за тоа, за средбата со сестра му и зет му в град, во старата чаршија. Тоа било уште пред да го напушти вашиот дом. Кога ми раскажа при посетите кај мене деновиве и за таа средба, заклучив дека проблемот во врска со купувањето на куќата излегол уште повеќе на површина после разговорот со сестра му и мажот на сестра му.

Тој, откако се сретнал со нив, седнале на кафе муабет.

– Жена ми купи куќа во Охрид, – им се пофалил на сестрата и зетот.

– Како тоа Виолета купила! – свикале во еден глас.

– Таа сама реши, јас не бев ни за ни против, – им одговорил.

– Таков си беше отсекогаш, – рекла сестра му, – токму таков, мала вода!

– А од каде и се на Виолета толку пари, да не добила некое наследство? Опасна е таа снајка ми, – продолжила сестрата, па и зетот, потсмевајќи се.

– Штедела, без да знам јас! – рекол Митко. – А жена ми ме знае што мека душа сум, ако ме фати друштвото некаде по пат, со платата в џеб – отиде половина плата во кафеана! Со право по нешто подзакривала.

– Ајде бре! Што не уштедам јас, туку ги броиме парите да ни стасаат од први до другиот први, – додала сестра му.

– Настанало мачно молчење, после кое Митко веднаш си заминал, – заврши лекарот.

– Кога доаѓаше следните денови кај мене, – продолжи лекарот, – во изразот на неговото лице ви довдека страда и дека тоа што се случува со него, не е добро. Неколку дена по средбата со сестра му, многу се измачувал. Почнал да пребарува во вашиот заеднички живот недостатоци, погрешни работи. Не спиел по цели ноќи. Ја замразил купената куќа во Охрид и станот во Скопје. Се му изгледало одбивно. И тогаш решил да замине. Можеби, било кој друг така да изреагирал на веста за купената куќа како сестра му и зетот, и токму тоа, дека ти си ја купила, немало толку да го погоди. Но ваквиот коментар на сестра му како да го вратил во времето на траумите од пубертетските години. Се придодало ова новото, што уште повеќе кај него го засилило комплексот на помала вредност... на понижен, овој пат од саканиот човек...

– Тоа е идиотизам од нивна страна, – извикав револтирано, – ќе умрат од завист, од љубомора, посебно таа, золва ми. Од неа, и ти самиот рече, а и од татко му, Митко беше станат толку преосетлив, да не речам искомплексиран!

Биолета се обидуваше да ги поврзе во својата глава сите тие работи за кои зборуваше лекарот. Но од тоа не и стануваше полесно. Напротив, нешто уште пострашно ја притискаше во градите. Ја обземаше некаков нов, не познат страв од тоа што ќе следува по натаму. Дали Митко ќе успее да го надмине тој негов комплекс, кој очигледно го носи од домашната средина, од мала возраст, а таа, ете, на некаков начин, без да е свесна за тоа – тешко го повредила. Што ако комплексот го совлада и ако трајно го растури нивниот

брак?! Се исплаши од помислата дека ќе мора сама, без него, да го продолжи животот, да ги подига децата и да ги ре шава сите други проблеми!

Молчев некое време, воздивнав, па реков:

– Ете до каде ја дотеравме! Затоа човек не треба премногу да сака некои нешта и, откако ќе ги добие, не е добро да се прерадува... Фала богу што никој од фамилијата не знае што се случува кај нас дома... бидејќи тој со работата многу често патуваше, се уште успевам да ги прикријам работите.

Докторот на испраќање ме посоветува да бидам стрплива, рече се надева дека овие терапии што тој ги применува, дека ќе помогнат. Да не брзам да се сретнам со него. Да почекам, самиот тој да се среди. На децата да им кажам дека татко им е лут, бидејќи не сакал да се купи куќата во Охрид, а јас сепак сум ја купила.

11

Наближуваше времето за одморите. Децата не сакаа да одат никаде, најмалку во Охрид. И тие веќе знаеја дека татко им не си доаѓа дома поради купената куќа во Охрид, а им беше и здодеало таму да летуваат секоја година. Не се осмелив да ги прашам каде сакаат да одат за време на летниот распуст...

Сепак, пред одморите решив да одам во Охрид. Сама. За првпат откако беше купена куќата. И да не беа вакви затегнати односите меѓу мене и мажот ми, сама ќе ги вршев работите што претстоеја... Но, овој пат тоа беше присутно на поинаков начин.

...Во Охрид требаше многу работи да се досредат со документите околу купопродажбата. За среќа, уште пред да тргнам за Охрид ми помагаше еден колега од мојата генерација, адвокат, кој таму живееше.

Откако привршивме некои работи и оформивме документ со кој бев воведена во владение на куќата, адвокатот ми рече:

– Ќе одиме во канцеларијата каде што работи твојот прв сосед. И тој е правник. Секретар е во Судот. Се надевам дека, ако не друго, ќе испиеме по едно кафе. Можеби и го знаеш. Пријатно ме изненади што и првиот сосед е наш колега.

Влеговме во канцеларијата. Од зад работната маса стана висок, слабичок човек, љубопитно гледајќи во мене.

– Трајане, дојдов дате запознаам со нашата колешка, а сега и твоја прва сосетка.

Непознатиот за мене, а очигледно и јас за него, се уште не разбираше за каква колешка се работи, ниту за која сосетка. Тогаш, адвокатот што ме доведе појасни дека сме студирале заедно, а дека јас тукушто сум ја купила малата куќа, која што беше скоро залепена со едниот ѕид до ѕидот на неговата куќа.

Одеднаш тој потскокна. Како змија да го каснала. И, иако светлината во канцеларијата беше слаба, можеше да се забележи на неговото лице жолт, па црвен, па пак жолт, дури зелен бран од лутина. Јас инстинктивно се повлеков кон вратата, а тој процеди низ заби:

– Тоа не може да биде! Во таа куќа никој не може да живее! Не смее никој да ја купи!

Мојот колега и пријател што ме придружуваше се најде во незгодна ситуација. Беше вчудоневиден. Остана без зборови. Потоа се прибра и рече:

– Но, зошто? Што ти значи тоа?! Ајде да зборуваме отворено. Цела година тебе те молеа да ја купиш! Те чекаа! Жената двапати доаѓаше од Белград. Седеше среде зиме в хотел. Јас, иако нејзин застапник, успеав да ја убедам, специјално, само за тебе да ја спушти цената на една третина! Но, ти упорно не сакаше да ја купиш! Велеше дека не ти треба. Дека за твоето мало семејство имаш голема куќа... И... сега, што ти значи ова?!

Настана молк.

– Сега се е готово. Договорот потпишан, парите исплатени. Можеш само да си ги расипеш односите со новите соседи, – продолжи налутено пријателот, адвокатот, што ме доведе...

– Море какви соседи, од тоа нема ништо! – беше упорен соседот и тргна кон нас, како да сакаше да ни каже дека веднаш треба да излеземе од неговата канцеларија.

Ние се погледнавме и брзо ја напуштивме канцеларијата. Колегата како за првпат да го виде во вакво издание мојот иден непосреден сосед. Просто не знаеше како да реагира.

–Ќе му помине, – рече, – а зошто не ја купи куќата за таа минимална цена, која нему како на прв сосед му ја понуди Милена, не верувам дека и самиот знае. Сигурно мислеше дека нема да се продаде. Со нејзиното постепено оштетување, што

одамна го има започнато, преку своите врски, веројатно се надеваше дека ќе биде прогласена за куќа на паѓање. Тогаш, надлежните органи ќе донесат одлука, од безбедносни причини куќата да се урне. На тој начин, тој нема да даде ни пара за неа, а неговата куќа ќе излезе во прв ред, со поглед на езерото.

– Значи вистина било, дека откако куќата беше огласена за продавање, – зборуваше адвокатот со кој бев дошла, – дека сите купци ги заплашувал и ги одвраќал, но јас не сакав да верувам во тоа. Многу ме разочара, навистина многу ме разочара! Од овој момент натаму, заборавиго.

Јас не можев да поверувам дека еден образуван возрасен човек, па уште и правник, може да постапи така пред личност која првпат ја гледа.

Во крајна линија, секој со свој двор и своја порта! Тој само може да загуби со ваков некоректен однос. Секој сосед, па и било кој човек во животот може би ќе ти затреба. Доста е едно пријателско „добро утро“ или „добар ден“ да си речеш. Но ете, тој почеток не ветуваше нешто добро.

– Жено, дури сега работата со куќава пред нас е за никаде! Од еден се откачивме, ама со овие новиве купци ситуацијата ќе биде многу по лоша. Маж и жена и зет – тројца школувани, – и рече Трајан на жената штом си дојде од работа, уште пред да ги собуе чевлите и да го соблече палтото.

– Па и на сето згора, оној колегана Јован, божем пријатели, ја донесе госпоѓата дури в канцеларија. Таа што ја прекупила куќата од претходниот купец, да ми ја претстави. Ми идеше за гуша да го фатам!

– Јован? Да не можеш да поверуваш. Зарем так во нешто од него? – свика неговата жена.

– Па уште пред неа вели: „Кој ти е крив што ти не ја купи... Милена те чекаше цела година, па дури и цената ти ја намали за една третина од таа за која ја продаваше на други купци. Тебе, како на прв комшија. А ти цело време одговараше дека не ти треба, дека семејството не ти е големо, а за нас тројцата, велеше, и оваа куќа што ја имам, ми е преголема“. Ете така, со овие зборови!

– Не ми се верува! И сето тоа го зборуваше пред неа?! – Жена му вртеше со главата и почна да колне.

– Јас дури сум жив, нивна нога нема да стапне во таа куќа. Никогаш! Никогаш! – зборуваше тој, со широко ококорени очи.

– Море каква нога. Таа куќа, кога-тогаш може да биде само наша, – потврдуваше жена му, пот скокнувајќи околу него.

Набрзо дојде и синот. Откако му кажа татко му дека други луѓе ја прекупиле куќата од претходниот купец, почна да се кара со него и со мајка му.

– Кој ви е крив? Сите ве убедуваа да ја купите, а вие се правевте најпаметни. Ве лажеше паметот дека ќе ја добиете без пари, без да дадете ни еден денар. Е сега ќе кукате. Доцна!

Сите тројца молчеа...

– Го пропуштивте возот, – продолжи синот по кратко време. – И сега што, ќе се тепаме ли со секој што ќе се јави на вратата на таа куќа? А фала богу и нашава куќерина не е мала! Сакам да ве замолам повеќе да не се занимавате со таа куќа. Ми дојдовте преку главата со неа!...

По тие зборови што ги изрече налутено, синот се качи на горниот кат. Но, нервозата не му помина. Мајка му и татко му не сфаќаат дека сите пријатели и роднини нив ги осудуваат, а и него, другарите од соседството, со кои растел од дете, го гледаат попреку. Не сакаше да се оддалечи од нив поради оваа фиксидеја на неговите родители.

Слезе пак долу кај нив. Татко му му ја раскажа средбата со новата сопственичка на куќата, правничка, која ја донесе кај него во канцеларијата неговиот колега.

– Се во врска со купопродажбата на куќата било завршено, платено, и таа била воведена во нејзино владение.

– Фала богу, барем отсега ќе се смирите, – додаде синот.

– Напротив, – свикаа во еден глас мајка му и татко му. – Дури сега ќе видат кој е поголем правник!

– Што сакате, правете, само мене не мешајтеме. Очигледно не ви доаѓа паметот! Се чудат сите комшии со вас, па и роднини и пријатели. Баш како правник да те прашам – дали може некој насила да присвои нешто што не е негово, а при сето, и сопствениците на куќата се живи? Нивно право е кому и кога ќе ја продадат куќата!

– Види го ти него, го слушаш ли жено, тој ме поучува што е тоа право! А не гледа дека ние сета оваа работа ја правиме за него, за кого друг?!

– Мене не ми треба, ако ова го правите за мене, веднаш откажете се!

По тие зборови тој ја напушти куќата.

– Неблагодарен! Се што досега сме печелеле е за него, а тој – не ми треба!

Кога со помош на соседот Никола го отклучив катанецот и ја отворив влезната врата од куќата, имаше и што да видам! Влага, тежок мирис на дотраена мушама, која беше послана врз подните, скапани од влага дрвени штици. Од сите страни дупки на покривот од изместени ќерамиди, кои очигледно беа стари најмалку стотина години. Беа провиснале искинати жици од струја. Водовод ни и одводни цевки никаде немаше. Од задниот ѕид од куќата, кон задниот двор, имаше еден дел срушен, колку еден метар. На него имаше врата, низ која се излегуваше во задниот двор. Ја отворив со голем напор таа задна врата, бидејќи таму, зад неа, беа натрупани купишта ѓубре. Видов дека задните дворови на соседот и на нашата куќа, како и дворот на големата двокатна куќа, сопственост на истата сопственичка од која ја купив куќата, не се поделени. Тоа ме изненади и исто така ме загрижи.

Распоредот на куќата внатре беше многу едноставен, но истовремено и многу практичен. Од влезот се минуваше во немал ходник, во кој беа влезните врати за левата и десната соба. Левата соба беше доста поголема и констатирав дека во неа ќе можат да се сместат кујната и бањата. Но, каде биле тие порано?

Не беше можно куќата да немала бања. Многу подоцна, по повеќе години, разбрав дека тие простории, кујната и бањата се наоѓале во доградба, зад куќата во која се влегувало од задната врата. Таа доградба успеал да ја сруши соседот со помош на Санитарната инспекција, наводно бидејќи ширела нехигиена.

Дали не згрешив што токму за оваа куќа, во ваква состојба, дадов пари колку за еден добар двособен апартман?! Таа мисла ми прелета само за миг, но во вториот момент, кога погледнав низ прозорецот кон езерото, од кое ме делеа само неколку метра – знаев дека сум направила многу значаен чекор во животот.

Првата помисла, откако излегов од куќата и ја заклучив влезната врата со катанецот, ми беше дека е добро Митко што не е со мене! Ќе ме фрлеше в езеро или сам ќе се фрлеше! Но, за мене, во мојата визија, тоа беше најубавата куќа, зашто верував дека еден ден тоа ќе стане...

Кога ја преминав улицата и само со десетина чекори дојдов до езерото, ме исполни такво чувство на среќа, како некој да ми го подарил најчудесниот дворец во најчудесното катче на Земјата!

– Дали ја виде новата сосетка, госпоѓата што ја купила куќата, сега кога доаѓаше? Цел ден се мотка наваму-натаму. Се прави важна како да купила палата. Му се радува на она ќумезарникон?! Баксуз еден! Сум ја гледала кај со седите на кафе. Баш не ми изгледа за многу учена! И мажот го знам. Таа сигурно се буфта на ваму-натаму, бара врски за да и дозволат да го поправа куќарено. Ќе добие дозвола кога ќе си го видам тилот.

– Не вели двапати. Ќе најде некој, ќе поткупи, ќе сврши работа, – нервозно зборуваше мажот и, – и додека ние да се свестиме, ќе ја оспособат за живеење.

– Ти мислиш така оди таа работа, плукни-залепи. На прво место, дури да го исчистат се то ѓубре однатре, им треба еден месец. Целата електрична инсталација, нели ја искинавме? А вода – од каде? И ѓаволот да го наместат да копа за да ја најдат цевката за вода, нема да им успее. Да не зборуваме за канализацијата. Целата е под рушевините на доградбата, во која беа сместени кујната, бањата и клозетот, што ја срушивме, благодарение на пријателот што донесе решение дека е склона на паѓање. Па барем од неа се куртуливме. Да ги видам новиве газди како ќе живеат без сето тоа!

– А мори жено, зарем не знаеш дека ова скопјан чиштава со сите се поврзани – половина град го купија.

– А ти зарем со малку луѓе си поврзан, зар на малкумина си им направил услуги: дали имот си им спасил, а на законот си погледал низ прсти, на колкумина што се туженле во судот си им шепнал да фрлат некоја поголема пара во џебот на судијата, за да им се реши работата во нивна корист, а за општинарине и да не зборуваме. Еден нема што не се офајдил од тебе, повеќе или по малку. На многумина си им ги наросил

очите. И кому требало, и кому не требало. Дури и за портирите и куририте по нешто имало. Не можам да грешам душа, и за нас остануваше, фала му на бога, па инаку како ќе ја направевме куќа ва. Со една плата, и таа не од најголемите, средна.

– Ти како се разборува, како навиена. Фали уште некој да наслушува. Денес не треба многу. Доста е некој да те накодоши. Запри ја малку устата. Треба да размислиме кои луѓе да ги фатиме, да не им даваат дозвола ни ќерамида да чепнат. Половината од ќерамидите ги разместивме, а и со децении стојат таму наредени на покривот, ако не и преку сто години. Тече внатре од сите страни. И од задниот, полусрушениот ѕид, што падна кога се туркаше доградбата. Кога врне, порој тече внатре. Се е скапано. Коњ да врзеш, ќе цркне, а не пак луѓе. Дали знаат и самите што купиле! Фрлиле пари за џабе!

– Оти нема да влезат внатре, нема, туку само ќе не изгњаваат малку повеќе. Треба да дежураме. Штом се појави мајстор уште во дворот, веднаш пријавување во градежна инспекција. Тој Миле кусиот за неколку минути ќе достаса на точак. Ќе акаше по селана ако не беше ти. Кога да ме види, ќе се искриви од клањање. Помини-замини, ќе донесе по едно шише домашна ракија. Ти и со секретарон на Општината стоиш многу добро. Туку дури да дојде до него работата, ќе помине многу време. Замоли ја архиварката што ги прима барањата за поправки на куќи, ако дојде нешто до неа, да го замота некаде и да те информира дека дошло такво барање.

Сфаќав дека од се беше најважно куќата колку е можно поскоро да се оспособи за живеење. Ако на соседот, во овие неколку години во кои во неа не живеел никој, му била намерата да ја руинира до тој степен за да не може во неа да се живее, ја постигнал целта. Беше очигледно дека многу работи се намерно оштетени. Пред се, поради изваденитe и растурените ќерамиди, целиот под беше скапан. Врнело повеќе месеци, па и години, дожд, а и снег. Се гледаше дека и дел од ѕидот кон задниот двор намерно е уриван. Водоводни цевки, како и одводни, не постоеја. Струја немаше.

Испратив писмено барање за поправки на куќата до службата за градежништво при Собранието. Дури ни полупаднатите ѕидови не смееја да се по прават без нивна согласност. Изваденитe ќерамиди, иако врне во куќата и скапува и натаму внатре, не смееше да се надоместат, ни да се попреместат. Сите тие нивни забрани се граничеа со апсурд.

Писменото известување во одговор на моето барање не дојде брзо, но сепак дојде. Одговорот од надлежните беше негативен. Не ми се веруваше колку децидно стоеше напишано дека не се дозволуваат ни најмали поправки.

Не ми преостануваше ништо друго, па отидов на разговор. Ме прими еден млад службеник. Тој, от како трпеливо ме сослуша, најладнокрвно ја повтори реченицата од писмениот одговор, кој најверојатно тој го напишал и ми го испратил.

Се обидов дури со малку повисок тон да разговарам со тој сосем неискусен и по целиот свој изглед неодговорен млад службеник:

– Вие, дали сфаќате дека врне внатре?! Тече од сите страни! Мачки, кучиња влегуваат! Мора да разберете!

– Но, и вие треба да разберете дека, како што ви напишав, додека не се усвои Урбанистичкиот план, не може ни ќерамида да се премести.

Ладнокрвниот одговор личеше како да е снимен на магнетофонска лента.

– Колку време уште ќе треба да чекаме на неговото усвојување? Тоа трае со години. Речиси шест години се расправа за него и никако да се донесе. Токму на овој дел од градот, покрај брегот на езерото, – се обидував да делувам на службеникот, но залудно.

И кај многу други службеници се обидував, но ништо. Со месеци само тој единствен одговор.

Видов дека работата со дозволата станува се помалку веројатна, па во договор со двајца мајстори, кога доаѓав во викендите, малку по малку, почнав да поправам некои работи внатре, во куќата зад затворени врати. Со текот на времето стекнав доверба во нив и ги ангажирав да подработуваат и кога не бев тука.

Се разбира дека и натаму главните пречки доаѓаа од првите соседи... Тие беа и натаму непријателски расположени кон нас... и дел од нивното по широко семејство. Најдолгиот sид од нивната куќа и нашата беа поставени паралелно, на растојание од само десетина сантиметри. Го следеа секој наш чекор. Се обидуваа на сите можни начини да ги спречат мајсторите да работат. Се правеа со надеж дека ќе не принудат да се откажеме од тукушто купената куќа. И што беше уште позачудувачки, веруваа дека ќе успеат во тоа. Затоа моравме да внимаваме тие да не бидат дома кога мајсторите ќе ги вршат поправките.

Но, тоа одеше макотрпно. Мајсторите работеа со сема тивко и одвај забележани, главно во внатрешниот дел од куќата. Од патосите, сите скапани даски беа искорнати, а подот беше послан со нова мушама. Ги попреместивме и старите ќерамиди, пак украдувајќи часови кога немаше никој кај соседите, колку за да не тече вода внатре, во куќата.

Така, наскоро имаше каде да се склони глава.

Кога доаѓав од Скопје, и ќе видев дека соседите не се дома, мајсторите брзо ќе ги повикав. Тие на брзина ќе подѕидаа, дел по дел, од старите полусрушени ѕидови. Потоа јас пак заминував во Скопје, а тие продолжуваа сами.

На двапати се случи мајсторите да ми се јават и да ми кажат дека тоа што претходно го подизградиле е срушено од страна на соседот правник и неговата жена.

Кога ќе допатував следниот викенд, ќе повикав полиција. Полицајци ќе излезеа на лице место. Дури ќе извадеа и тефтер, наводно да запишат нешто во врска со настанатата штета. Гледаат и размислуваат. Обично ќе дојдеа двајца, од покрупните. Велат:

– Има ли очевидци – нема. Е ако нема, како да ги обвиниме соседите!

Но, јас се обидував да објаснам дека очевидци не може да има, бидејќи задните дворови на двете куќи не беа поделени. Токму тој дел на куќата, каде беа намерно срушените ѕидови од соседите, беше скриен за погледите на минувачите. Не се гледаше ни од едната ни од другата улица, бидејќи се наоѓаше зад големата бела куќа на Милена. Всушност, таму имаше пристап само од заедничкиот заден двор. Јас повеќепати им објаснував на полицајците дека друг човек, за да влезе во задниот двор на нашата куќа, би морал да помине низ нивниот двор, дворот на соседите. Не би можел да влезе од предната страна на нашата куќа, бидејќи таа беше лепенка со големата куќа од Милена. А и зошто би доаѓал човек непознат, кој би бил неговиот интерес да ги руши ѕидовите на нашата куќа? Со кој мотив би го правел тоа?

Очигледно беше дека соседот ги користеше сите свои врски од работното место, само за да нее оневозможи куќата да ја оспособиме за живеење. На него, на неговите постапки посебно влијаеше неговата сопруга. Таа се однесуваше многу

примитивно кон нас, со закани и простачки изрази. Тогаш не знаев ништо за неа. Понекогаш ми се чинеше дека тоа го прави од здодевност, од немање што да работи. По цел ден шеткаше наоколу и само озборуваше. Имаше само еден син, кој студираше во главниот град и додека да се вратеше нејзиниот сопруг од работа, требаше со нешто да се исполни времето.

Но јас не се откажував.

Викнав мајстор електричар, кој живееше во непосредна близина и заедно со свој колега ја поврзаа струјата во целата куќа со нови кабли. Постоеше стар струјомер и куќата доби осветлување, а и неколку штекери за приклучување на електрични апарати, пред се на печката. Со тоа беше на правен крупен напредок.

Во Охрид живееја наши пријатели, прекрасни луѓе, кои не само што се радуваа за секоја нова поправка во куќата, туку и ни помагаа тоа да го оствариме. Еден ден пријатно не изненадија – ни по дарија здрава, иако употребувана, но многу сочувана влезна врата, која веќе не им била потребна. Така и старата влезна врата беше сменета, заедно со ’рѓосаниот катанец замина на отпад. Прозорците беа здрави, дури на нив имаше и железни шипки за поголема безбедност.

Пријателите што им ја подарија вратата, Марга и Иван, и двајцата скоро истовремено останаа без работа. Сопругот, солиден правник на одговор но место во огромна разгранета трговска организација, неодамна остана без работа. Преку ноќ, директорот и група негови луѓе прогласија банкротирање и ставање на фирмата под принудна управа, со неброено многу долгови. Имотот се распродаваше по минимални цени. На луѓето, по разни основи, на принуден начин им престануваше работниот однос. Во списокот на тие влезе и Иван, веројатно поради по тенцијална опасност да изнесе во јавноста факти завистинските малверзации и состојби во фирмата, како и за заграбените парични средства од страна на луѓето од раководниот тим, помогнати од функционери во власта.

Скоро истовремено, по два месеца, и неговата сопруга, проектант во Проектанското биро на градот, беше отстранета од работа како технолошки вишок. Со две деца кои се школуваа во повисоките класови на средното училиште. Без никакви резерви парични средства.

Откако се случи тоа, Виолета отиде да ги види пријателите. Марга ја пречека на влезната врата и Виолета не знаеше зошто ја повика да одат во гаражата. Таа очигледно неодамна беше реновирана. Во неа беа импровизирале продавничка за текстил, со неколку парчиња долна облека, наредени на два рафта и неколку рала чорапи, машки и женски, како и облека за мали деца.

– Мора од нешто да се живее, – процеди низ заби, налутено, со насолзени очи, прегрнувајќи ја Виолета.

Виолета не се осмели било што да каже. Не можеше ништо да се каже, барем успокојувачко, нити нешто што ќе внесе оптимизам.

Потоа се качија во куќата горе на катот каде ги дочека Иван. Марга по обичај и овој пат послужи слатко. Иван побара да се напијат и по една чашка пијалак. Очигледно сакаше малку повеќе да поседат и да поразговараат. Неа секогаш ја сметаше за добар соговорник, а во нивните дискусии внесуваше и по малку хумор, со нота на критика за некои постапки на власта, но не зајадлив.

Сега, по ова што се случи, Виолета не знаеше што да каже за да ја релаксира оваа мачна ситуација. Но уште од првите реченици сфати дека тој веќе нашол начин како да ја објективизира оваа новонастаната нивна состојба.

– Е, моја драга пријателке, со ваква судбина во ова денешно време, не сме ни први ни последни. Ова сега што се случува се подготвуваше подолго време. На ова сценарио работеа луѓе и од внатре и од надвор. Зарем не гледаме дека подолг период намерно се обезвреднуваат големи стопански фирми, огромни трговски организации, фабрики,

земјоделски комбинати, од раководните лица во нив, заедно, во спрега со врвни личности од власта. Нивната цел е, откако ќе ги стават под принудна управа, набрзо потоа да ги присвојат за мали пари, да станат сопственост на тие моќници, оставајќи недобројни работници без работа. На улица.

Иван тогаш стана, влезе во кујната и оттаму донесе исечено сирење, неколку вилушки и чиничиња и го продолжи разговорот, односно се надоврза на претходната мисла.

– Сите тие фабрики, трговски организации, земјоделски комбинати, разни индустриски објекти, со стотици илјади вработени, беа макотрпно создавани по војната, токму од истите тие работници, по цена на огромни напори и самооткажувања, во име на иднината, на идниот подобар живот за сите, и пред се на идните генерации. Токму таа работничка класа остана без работа, без средства за производство, а дел од интелектуалците без институции во кои ќе работат. Буквално на улица. Не малку од нив за да преживеат станаа таксисти, а има и такви што откупија тезги по пазарите, па продаваат овошје, зарзават, или некакви дрангулии. Посебно тие кои не можеа да го продолжат животот со нечесни работи.

Тогаш Марга се обиде да го запре, да не зборува понатаму, како да се плашеше дека премногу се нервира поради ова што го зборува, но тој воопшто не обрна внимание на тоа, продолжи.

– Работничкото самоуправување, средствата за работа на работниците, останаа жални празни пароли.

На работниците им останаа само штрајковите со кои заталкаа по улиците и празните ветувања дека ќе бидат обесштетени, и за нив ќе се отворат нови работни места. Каде, кога најголемиот дел од индустриските објекти се оштетени и ограбени. Производството на минимум. Задолжувањето на државата се поголемо. Осиромашувањето на многу од луѓето до крајни граници.

Од друга страна, во испустените села, од кои беа повлечени луѓето, со непланска политика, за создавање на работничка класа, нема услови, за да можат во нив да се вратат. Сега, по повеќе децении.

Во овој вртлог луѓето се повеќе ќе губат здравје и, дури и живот. Дел од нив се претвораат во маса со која може се да се прави, која за да опстане, за да остане во живот, спремна е на се. Може да се манипулира со неа, и да се користи за остварување на лични цели на властодршците.

Иван дури тогаш како да сфати дека предолго зборувал, а дека тие, двете со Марга само слушале, се извини за тоа и додаде:

– Јас сум се разборувал како на конференција, не требаше да испијам втора чашка ракија. Среќа што нема кој да прислушува, доушници колку сакаш!

Виолета остана уште малку и на заминување им рече дека верува оти тие ќе најдат излез од оваа немила состојба. Тоа навистина и го мислеше.

Работливите и силните луѓе никогаш не се откажуваат, не се предаваат. Тоа мало импровизирано дуќанче, полека-полека, благодарение на неуморните раце на четиричленото семејство, прерасна во голема продавница во центарот на градот, каде можеше да се купат многу делови од гардеробата по најновиот моден тренд, за жени, за мажи, за деца. Се носеше облека од странски земји. Цели колективи, со вработени од сите возрасти, со нетрпение ги чекаа најновите пратки од современата модна конфекција.

Децата им завршија факултети. Си најдоа соодветни работни места. Создадоа свои семејства.

Први кои забележаа дека мажот ми воопшто не дошол откако е купена куќата беа Љубица и Никола. Јас веќе се бев подготвила како ќе го објаснам неговото недоаѓање. Наминав кај нив на кафе, а и однесов тукушто мелено кафе, кое го бев купила од блиското дуќанче.

– Кај ми е другарот? – прв праша Никола. – Од кога не е дојден!

– Нели знаете дека не го бидува за практични работи. Дури не се направи куќата да може да се живее во неа, не му се доаѓа, – им одговорив кога прашаа зошто го нема.

– Зарем малку соби се издаваат во околинава! Ќе изнајмевте некоја, – додаде Љубица.

– Но тој мислеше дека брзо ќе оди со поправките на куќата, – реков јас.

– Тука се излажал! Има да се начека, – дофрли Никола.

По тонот со кој ги изрече овие зборови Никола сфатив дека не ми поверуваа. Не поверуваа дека Митко туку-така не доаѓа. Тој знаеше дека Митко е болен за ловење риби и дека не е можно да се откаже од тоа. Освен ако не оди на риболов на друга страна. Му кажуваше еднаш порано дека, кога не доаѓа на риболов во Охрид, оди на некои реки или на друго езеро... Но токму сега, кога купија куќа, да оди на друго место да фаќа риби, никој не би поверувал!

– Никола, тоа што не доаѓа Митко цело лето, не ти изгледа малку чудно? Тој да може без Охрид, не ми се верува. Тука сигурно има нешто друго.

– Јас ќе речам нешто, иако можеби ќе згрешам... Митко е налутен дека куќата е купена без негова согласност! Мислам дека прво тој не ја бендиса, а и друго – нели беше чудно што пријателкава наша не го ни праша мажот, туку одеднаш сама реши?... Ја купувам куќата – се сеќаваш дека веднаш пресече... само што разбра дека се продава куќата, не ни ја виде убаво, а веднаш одлучи. Митко, ако се сеќаваш, ја грабна трската и молчешкум замина на брегот на езерото. Ни збор не изусти. Се согласува или се противи – ама и не беше прашан од жена му. Да не испадне еден ден дека ние сме криви!

– Што ти текна тебе пак сега, Никола? Од каде ние криви?! Таа праша дали се продава некоја куќа во близина на брегот, ние и кажавме. Тоа беше се од наша страна. Кој можеше да претпостави дека таа веднаш ќе се затрча, а пред се дека има толку пари? Ние знаеме дека тие живееја скромен живот, со службенички плати, како нас. А дека до толку не го ферма Митко, за да може сама да одлучи, куќа да купи без договор со него, ни на крај памет не би ми паднало!

– Толку многу запна да ја купи токму таа куќа, што ете, и по три години чекање, пак успеа!

Митко и таа за овие изминати години верувам дека имале можност да разговараат и да се договорат заеднички – дали ќе ја купуваат куќата или не. Единствено ако секој останал на своето, а таа сепак решила да ја купи куќата без негова согласност! Само кога ќе дојде и Митко во Охрид, ќе разбереме како стојат работите. Еднаш си мислев да му се јавам по телефон и да му кажам дека без него не ни оди ни

риболовов, ама си реков, подобро да не чепкам кај што не ми е работа и се откажав.

– Да ти кажам право, и добро си направил што си се откажал! Немој уште повеќе тебе да ти се налути. Тие толку години се во брак, ќе си најдат решение!

Препреките за вселување во куќата не беа малку. Во неа само до пред неколку години, скоро триесетина години, живеело шесточлено семејство. Родители со четири деца. Секако дека тие имале и бања и други помошни простории. Каде исчезнала водоводната инсталација од куќата, кој ја уништил, кој ја прекинал, како и одводната, канализационата? Ни најблиските соседи староседелци не ни помагаа, не ни кажуваа како да се поврземе со градскиот водовод. Јас бев убедена дека знаат каде биле инсталациите и кој ги поништил. Секако дека ние бевме нови луѓе за нив, и не би сакале поради нас да ризикуваат да си ги расипат одно сите со старите соседи, колку и да гледаа дека не се во право со целото нивно однесување. Сигурно дека само за неколку години, тричетири, от како во куќата не живеел никој, таа сама од себе не можела толку да пропадне... Јасно беше дека без овие две работи, без водата и одводот, нема живот.

Тоа лето не дојде ни Милена од Белград. Пред да замине, таа ми даде клучеви од нејзината голема куќа. За големата двокатна куќа се грижеше и на таму Никола, а повремено, кога бев во Охрид, и јас.

Ни до ден денес не знам зошто, и Никола, откако ја купивме куќата, избегнуваше за било што да ни помогне. И тој не ни кажа каде се приклучоците за вода и одвод. Можеби се плашеше од соседот... правникот. Да не се замери. Толку години беа први соседи.

Поднесов барање и до водоводното претпријатие во врска со приклучување на куќата на водоводната мрежа. Не ми одговорија. Истото се случи и со барањето до претпријатието Комуналец. Најверојатно зад нивното молчење стоеше пак тој – соседот...

Имаше и една друга работа. Кај некои од луѓето од Охрид постоеше отпор кон секого што не е од градот. Некоја несфатлива завист, ако што било оствари во него. Посебно ако стане сопственик на куќа, уште повеќе ако е таа покрај езерото! А беше се создал и некаков нелогичен отпор кон луѓето од главниот град на државата, иако токму луѓето од Скопје беа најбројните туристи во Охрид. Граѓаните од другите поранешни републики на Југославија нај многу одеа на Јадранско Море. Странските туристи од подалечните земји беа малуброjни. Кога ќе дојдеа, се задржуваа кратко, на поминување, на одење или враќање кон плажите во Грција. Од друга страна, Охрид како туристичка дестинација, со сите негови убавини и услови за летување, уште не беше доволно познат, а голем број од луѓето кои издаваа станови за престој на туристи многу малку инвестираа да ги направат поприфатливи за престој.

После мене, купувањето на куќата најмногу го израдува сопругот на мојата сестра. Се разбира, и сестра ми. Зетот беше роден во овие краишта и животен идеал му беше да има куќа во Охрид. Затоа беше пресреќен што, ете, макар некој од семејството, од најблиските, ќе го оствари тоа. Не можеше да сфати како мојот сопруг така да реагира, да се лути, што неговата жена, односно тие заедно купиле куќа во овој чудесен град... и на ова не повторливо место. Да и се лути?! Повеќепати отиде кај него да разговараат за таа работа, но тој не прифаќаше да зборува за тоа.

Зетот, бидејќи и самиот живееше во куќа во Скопје и беше направил доградба на куќата, имаше доста искуство со градежните работи. Тој најмногу се ангажираше да им помага на мајсторите. Гледаше колку е можно побрзо куќата да се оспособи за живеење. Имаше посебна дарба за сите можни технички работи, иако беше лекар.

Еден ден, мачејќи се како да го реши прашањето за приклучување на водата, во просторијата што ја cosидавме за купатило, здогледа мал отвор во прилепениот соседен sид од големата куќа на Милена. Успеа да внесе во тој отвор водоводна цевка, која можеше да ја приклучи на водоводната цевка во големата куќа. Беше неверојатно, дека никој од соседите не сакаше да каже каде може да се исклучи водата од градскиот водовод, на кое место, на кој уличен главен вентил, што беше неопходно за да се приклучи нашата водоводна цевка.

Дури и службените лица од Водоводот не убедуваа дека наводно требало целиот регион од плоштадот се до нас да остане без вода, зашто местото на главниот вентил на тој реон за ис клучување и при клучување било дури на плоштадот. Всушност, тој голем вентил, како што разбравме многу по доцна, се наоѓал во нашата непосредна близина и намерно бил сосем маскиран, припокриен, со штички, да не се гледа, за да се

спречи нашето приклучување. Но, зет ми тоа го реши со приклучување на цевката пред водомерот на големата куќа, а водата што ја трошевме се мереше со контролен водомер.

Следното неопходно прашање, канализационата цевка, се реши на сличен начин. Притоа, требаше да го прекопаме целото задно дворче, додека ја најдовме одводната цевка од големата куќа, за да се приклучиме на неа.

Соседот и сосетката неколкупати се обидуваа да го спречат тоа копање, со викање, со кавги, со заплашувања на мајсторите кои ги бевме ангажирале, но не успеаја.

Ѕидот, кој го имаа наполу срушено соседите, кој се граничеше со нивниот, докрај го сосидавме. Ќерамидите ги прередивме во присуство на седум-осум наши пријатели, за да ги оневозможиме соседите, заради присуството на повеќе луѓе, да прават и натаму проблеми. Така куќата стануваше до некаде куќа за престојување и за одмор. А веќе се навлезе во вториот месец од летото.

20

Тукушто вратена од Охрид и среќна, бидејќи куќата доста се реновира, им раскажував на децата дека сега таа има сосем друг изглед, дека луѓе под застануваат за да се уверат дека е таа истата куќа. Тие со љубопитство ме слушаа и се радуваа заедно со мене.

Доцна вечерта, пред да си легнеме, синот ми рече малку уплашено:

– Мамо, тато мене и на сестра ми ни предложи да одиме со него на летување во Грција, петнаесет дена. Ќе не пуштиш, нели?

Не знаев и самата како се воздржав да не се развикам. Колкупати го молев Митко, наместо во Охрид, да одиме на летување во Грција или на било кое друго место, на море. Тој не сакаше ни да слушне. Што е ова сега, за инает ли ми го прави?! Но во моментот сфатив – не е криво детето! Во ново настаната ситуација децата бараат од мене согласност да одат на одмор со својот татко. И секако треба да ја добијат.

– А кога да одите? – реков.

– Сега в петок, – одговори син ми.

Тогаш дојде и ќерка ми од спалната и, како да е виновна, праша:

– Мамо, нема да се лутиш ако одиме?

– Не, зошто да се лутам. Знам дека ви е здодеано секоја година да летувате во Охрид, а јас таму имам уште многу работи да завршам. Таман ќе биде готово додека да се вратите. Па од Грција, право во Охрид.

И двете деца почнаа радосно да ме гушкаат. Најпрво, веројатно, ослободени од тоа што не им се налутив, а потоа, зашто за првпат ќе одат на море. А и тоа што ги пуштам со татко им на летување.

Бев свесна, немав право да ги задржам. Истовремено бев среќна дека тие одвреме навреме се сретнуваа со него, дека не се отуѓија од татко им. Тој им даваше и пари, онолку колку беше во можност, кои тие секогаш ги носеа дома, ми ги даваа мене, сфаќајќи дека треба да ги трошиме за заеднички потреби.

Децата во петокот заминаа со такси кон Железничката станица, каде требаше да се најдат со татко им и да отпатуваат на одмор.

Откако ги испратив и влегов назад во станот, тој ми се виде сосем празен. За првпат откако Митко си замина, заплакав. „Животот е многу суров“, си мислев, „ни за една напосакувана работа што ќе ти се случи тој не те остава докрај да се изра дуваш!“ На моменти ми се чинеше дека ова што се случуваше во мојот живот е нешто што им се случува на некои други луѓе, а не мене... дека на ваква постапка Митко, после толку години среден заеднички живот, не би се решил. Но ете, неочекувано, ни во најлошата фантазија што не би помислила, дојде тоа лошото и кај нас. Ќе се врати ли претходниот хармоничен живот – не знаев. Ми беше жал и за децата. Во најубавите години – вака растргнати меѓу мене и татко им, поради што? Причината е бесмислена... Нешто што е прекрасно – испревртено е во неговата глава во нешто сосема спротивно на тоа. Ништо друго не ми преостануваше, освен да се надевам. Таа надеж и ме одржуваше. Во тоа ми помагаше и пријателот, психијатарот.

Сите најблиски од семејството, кои разбраа за овие случувања во нашиот семеен живот, а и многу од пријателите, не можеа да поверуваат. Некои се обидуваа да го убедат Митко да се врати дома, но очигледно тој уште не беше подготвен за тоа.

Неговите сестра и зет ни еднаш не кренаа телефон што било да прашаат. И јас не им се јавив. Знаев дека никогаш нема да им простам.

При секоја средба со психијатарот, тој ме уверуваше дека е блиску времето кога Митко ќе ни се врати, мене и на децата. Но, тоа... веќе многу продолжуваше. На моменти како да почнав да губам надеж. Грч ме фаќаше во целото тело при помислата – што ако тоа никогаш не се случи. Повеќепати му предлагав на психијатарот да договори да се сретнеме со Митко во негово присуство, но тој сметаше дека Митко се уште не е подготвен за таква средба.

– Јас ќе оценам дали дошол моментот за тоа, – одговараше психијатарот.

– Но ти не сфаќаш дека колку повеќе ја одлагаме таа средба, имам чувство дека тој се повеќе се од далечува од мене, – му велев.

И покрај тоа, психијатарот остануваше на својот став. Јас понекогаш размислував дека треба да го пресретнам кога ќе излезе од работа, но се плашев да не го изнервирам повеќе со таквата постапка. Можеби најважно од се беше тоа што тој не се оддалечи од децата. Со секој месец тие стану ваа се позрели. Ни во еден момент не ме обвинија мене за тешката ситуација во која сите се најдовме. Редовно одеа на средби со татко им и не по малку го сакаа, отколку кога беше дома.

За жал, и по последната средба со нејзиниот пријател, психијатарот, Виолета не се понадева дека работите ќе се средат во блиска иднина. И самиот тој, како што рече, не очекувал дека ваквата ситуација толку ќе се одолжи. Виолета не беше сигурна дека постапува добро што го слуша психијатарот, кој ја посоветува да не му се јавува на Митко извесно време и да не бара да поразговара за се што се случи – поради кое тој беше повреден. Можеби ќе можеше да го убеди дека во ниту еден момент не помисли дека со оваа своја постапка во врска со купувањето на куќата, без да дочека тој да потврди дека се согласува, толку ќе го навреди. Тој сигурно се сеќава дека таа самата ги купуваше и првата и втората кола! Тој едвај чекаше таа, наместо него, да се ангажира околу крупните набавки. Велеше дека

не го бидува за таквите работи. Можеби ќе може да сфати дека најмалку се работи за тоа, дека го понижи на тој начин, туку веруваше дека ќе биде пресреќен, бидејќи и самиот тој е вљубен во Охрид. А во врска со парите... таа не ги криеше со зла намера. Тој ќе мора да признае дека, ако знаел за нив, досега кој знае колкупати ќе биле потрошени, а факт е дека живееја пристоен живот, за ништо не оскудеваа.

Следниот пат кога ќе оди кај лекарот, сето ова ќе му го изложи и можеби самиот тој ќе го смени мислењето. Од друга страна, оваа нејзина пасивност можеби на Митко ќе му се чини де ка таа признава оти тој е во право. А што ако си помисли дека е рамнодушна кон фактот дека тој си отишол од дома, дека престанала да го сака?!

Пред неколку дена, кога заедно со децата ги подготвувавме патните торби за одмор во Грција, јас, неочекувано и за самата себе, ги прашав:

– Дали вие двајцата некогаш сте помислиле дека веќе не го сакам татко ви?

Синот и ќерката најпрво се погледнаа меѓу себе, а потоа веднаш се нафрлија врз мене и со гушкање извикуваа:

– Не мамо, никогаш!

Тоа го направив потсвесно, како да верував дека, бидејќи ќе бидат подолго време сами со татко им, можеби ќе можат да му влијаат. Да го уверат дека можеме да живееме како порано, заедно, како семејство. Иако тоа не им го кажав отворено, си мислев дека децата ја сфатија мојата порака. Не знам зошто се понадевав дека од одморот од Грција децата ќе си дојдат заедно со татко им дома, дека тие ќе го убедат. Но, тоа не се случи. Митко не си дојде дома.

Тоа лето, за првпат, воопшто не дојде во Охрид. Што да им кажам на најблиските пријатели? Немаше друг излез, смислив лага: има проблеми со кичмата и лекарите му наредија да лежи!

Јас и децата моравме да се навикнуваме да живееме сами. Синот и ќерката, по враќањето од Грција, веднаш посакаа да дојдат со мене во Охрид. Можеби им беше жал дека во сето ова време одам таму сама.

Отпатувавме по неколку дена. Кога дојдовме и застанавме пред куќата, на ќерката и синот не им се веруваше колку таа беше изменета.

– Како да не е истата куќа! – извикаа во еден глас.

– Мамо, колку си успеала, и покрај сите пречки, да ја дотераш! Веќе може да се живее во неа...

Другиот ден почнаа да му се јавуваат на татко им, да го викаат да дојде да ја види куќата, се фотографираа пред неа и му испраќаа фотографии...

Но, Митко не дојде.

Враќањето на Митко дома се случи неочекувано, исто како и неговото заминување. Едноставно едно попладне, во приквечерината, пред куќата застана такси-кола од која излезе Митко, возачот го отвори багажникот и му ги подаде куферите што беа сместени во него. Потоа слушнав како влезе во дворот, ја отклучи влезната врата и влегувајќи, ги остави куферите во претсобјето. Прилегнав на каучот во дневната соба и не се помрднав, преправајќи се дека спијам. Срцето силно ми тупкаше и со голема брзина решавав како да реагирам. Митко влезе на прсти, тивко, кога виде дека спијам ги премести куферите во спалната. По извесно време слушнав како се тушира во купатилото и сфатив дека си дојде дома.

Наскоро дојдоа децата.

Јас го искористив тоа, правејќи се дека ме разбудиле. Тие се однесуваа како возрасни и не покажаа никакво изненадување, како татко им да се вратил од службен пат. Почнаа да му раскажуваат по кој предмет во училиштето како поминале, какви биле наставниците, кои им се плановите за натамошното школување. Се обидував да не се сретнам со неговиот поглед, а и тој исто така. Прет поставував дека го одбрал овој начин на смирување посоветуван од лекарот, нашиот заеднички пријател.

– Кој ќе помага за поставување на масата за вечера, – собрав сили да проговорам, – а кој ќе прави салата?

Децата се стрчаа во кујна и почнаа да носат чинии, виљушки и ножеви, чаши, а Митко влезе во кујната да прави салата, која редовно ја правеше пред јадење. Ќерка ми пушти програма на телевизија. Имаше реклами за тоа каде да се помине одморот.

– Тато, – рече ќерка ми, – оваа година нема да се противиме, како други години, ако речеш дека ќе летуваме во Охрид! Ем нема да даваме пари!

Сите се насмеавме. Почна убава музика на програмата, како да ја порачавме.

Следните денови сите се обидувавме да го продолжиме живеењето како разделбата да не се случила...

...Иако бев подготвена, со последното телефонско јавување на психијатарот, во целото ова време откако се врати Митко, се осеќав како во некој вртлог.

...Пред неколку дена, кога го слушнав гласот на психијатарот по телефон, се исплашив. Подолго време не бевме се чуле. Си помислив нешто лошо да не се случило со Митко. Но, тој тогаш всушност ми најави...

– Имам добри вести за тебе, драга Виолета. Пред малку најмене помина Митко, ненадејно. Спиел непрекинато многу часови. Кога се разбудил, излегол од дома. Толку бил отсутен, што за малку ќе го изгазела некоја кола, која со голема брзина поминала покрај него. Помислувајќи си што ќе му се случело ако не отскокнел брзо настрана, кога се прибрал од овој шок, седнал на некој тротоар, и целиот негов изминат живот како на филмска лента му поминал пред очи. Кога дојде кај мене сиот задишан, од врата ги кажа овие зборови... „Можеби и Виолета многу погреши, но јас премногу жестоко ја казнив. И неа, и децата. Се плашам дека враќање нема. Не верувам дека Виолета ќе ми прости.“ После овие негови зборови, што ги кажа на еден здив, долго мислев што да му одговорам. Тогаш реков... „Ако таа се уште те сака, и ти неа, мислам, простувањето само од себе ќе дојде...“ Неговото лице се поразведри. Пред било што да додадам, излезе од ординацијата. Што ќе одлучи сепак не знам...

Јас молчев. Врската се исклучи... Јавувањето на лекарот го слушнале децата... возбудени, тие веднаш почнаа да ме гушкаат. Потоа се растрчаа да суредуваат по станот.

...Зарем на лекарите наградата е само во парите? Пак имавме семејство...

Есента поднесов барање за погенерално реновирање на куќата. И писмено и усно се обидував да го убедам вториот по функција човек во Собранието на Градот дека таа куќа, иако мала, бидејќи е на првата линија, веднаш до езерото, каде поминуваат сите туристи и граѓани, треба да има подобар изглед, пред се надворешно. Не само по функција, тој беше еден од највидните и најобразувани луѓе, со поширока култура. Мора да разбере дека се работи за желба да се инвестира во таа, иако мала куќа, која не би смеела и натаму да го нагрдува тоа чудесно, единствено во светот, тоа прекрасно крајбрежје.

При следното навраќање кај него, тоа чудо и се случи! Тој беше размислил и решил да ми даде одобрение за потемелно санирање на куќата. Не можев да поверувам кога го слушнав тоа. Одвај се воздржав да не го избакнам во тој изблик на возбуда. Се договоривме да дојдам по решението по три дена. Како во драмските комични текстови, кој знае колкупати му се заблагодарував на излегување.

Тој ден, утрото, сестра ми Мирјана отпатува во Охрид да го земе решението. Јас бев задржана со неодложна службена работа во Скопје и не можев да одам. Допатував дури попладнето.

Сестра ми, како што се бевме договориле, беше дошла во Собранието во девет часот наутро. Но, по два часа, Мирјана ми телефонира дека се уште не можела да влезе дури ни кај секретарката на претседателот. Луѓе постојано влегувале и из легувале, но секретарката кај која се пријавила дека е дојдена и за што е дојдена, не ја повикувала. После тоа повеќе часови јас не успевав да ја добијам по телефон. Не знаев што се случува. Многу се нервирав, но не можев никако да дојдам во контакт со неа.

Бидејќи завршив со службената работа, со првиот автобус заминав за Охрид. Куќата беше заклучена. Неа ја немаше. Си помислив дека е отидена и по други работи, не водејќи сметка дека јас се нервирам и ја очекував со нетрпение, или пак си мисли дека уште не сум дојдена.

Тропна влезната врата. Истрчав. Веднаш, по изразот на нејзиното лице, сакав да разберам дали го зела решението. Не ми беше ни важно, во тој момент, зошто задоцнила. Тогаш ми го подаде решението, велејќи – најпосле успеавме!

– Имај трпение, сега ќе ти раскажам што маки видов ова претпладне и зошто досега се задржав. Идам право од Собранието!

– Сакаш да кажеш дека цело претпладне го помина таму? – реков недоверчиво.

– Да, вели. Се досега. Не сум јадела ништо од сабајле, нити нешто сум се напила, ни вода, – рече таа уморно, замавнувајќи со главата.

– Навистина! – свикав. – Дај прво нешто касни, напиј се нешто. После ќе раскажуваш.

Додека Мирјана јадеше, јас го читав решението. Откако го прочитав, почнав да ја прегрнувам сестра ми и радосно да подрипнувам по куќата.

Мирјана почна да ми раскажува за она што се случувало во целото тоа претпладне. Претседателот неколкупати по локалниот телефон на секретарката и порачувал да чека, дека решението е готово, отчукано и ќе ми биде дадено. Но, тоа не се случувало. Тоа чекање продолжило неколку часа. Таа била повикана кај секретарката и седела кај неа сите тие часови. Претседателот, при секое излегување и поминување низ канцеларијата на секретарката, се препотувал, изгледал нервозен, лут, бидејќи му било непријатно поради нешто, а што било тоа, Мирјана не можела да разбере. Но, не и рекол да си оди, или можеби утре да дојде по решението. Таа сфаќала дека и тој настојувал токму тој ден да и го предаде, но не знаела зошто не го прави тоа.

Секретарката се обидувала во завиткана форма да и објасни дека решението треба да го потпише уште еден од инженерите,

овластен за тоа, но тие сите се јавиле дека мораат да одат некаде на терен... А кога ќе се вратат – и самата не знаела или не сакала да и каже.

– Изгледа дека намерно избегале, буквално како да исчезнале, откако разбрале за што ги бара претседателот, – со тивок глас и објаснувала секретарката.

– Се приближуваше крајот на работното време, – раскажуваше натаму Мирјана. – Претседателот ја подотвори вратата од својата канцеларија и скоро во лутина и бес, и кажа на секретарката да ја викне инженерката... Но, јас не го запаметив нејзиното име и презиме. Уште, и рече на секретарката да не и кажува на инженерката зошто ја вика. Секретарката излезе и набрзо се врати со една друга жена, веројатно инженерката. Таа влезе кај претседателот. По кратко време се слушна од кај претседателот: „Ти наредувам да го ставиш потписот тука! Тоа е твоја службена обврска!“

Потоа, покусо молчење, вратата брзо се отвори и од неа излета инженерката.

На повик на локалното ѕвонче, веднаш влезе кај претседателот секретарката, го зеде решението и ми го подаде, додавајќи: „Кажете и на сестрави, на Виолета, дека не ми се веруваше дека толку пипци има пуштено вашиот непријател. Може ли толку зло да има во душата на луѓето? Но ете, има и добри луѓе.“

– Разбрав дека претседателот не сакаше да сфатиме колку тие луѓе околу него имаат негативно во себе и дека и него се обидуваат да го совладаат, дека му се спротивставуваат, не оставајќи го да постапува според својата совест, драга моја сестро.

Битката засега беше добиена. Или барем така изгледаше. Верувањето на соседот дека со притисоци и најразлични малтретирања ќе не натера да се откажеме од куќата, мислев дека ќе му го сведеме на минимум.

Но, и тој не се откажа од притисоците, заедно со неговата жена. Од заканите, од штетите што при секоја можност која ќе им се укажеше, ни ги правеа.

Најмногу се плашев мажите да не изгубат трпение и да не дојде до физички конфликт. Се правев тоа да не се случи. Најчесто конфликтните ситуации гледав сама да ги решавам, без нив. Повикував надлежни луѓе од власта. И тие ми помагаа.

Една од таквите случки беше кога работник се беше качил на покривот на куќата да ги прередува ќерамидите. Јас бев влегла внатре во куќата. Одеднаш слушнав како соседот, правникот, силно му вика на работникот да престане со работа и да слезе од покривот. Јас веднаш се најдов во дворот. Го видов соседот како истрча во својот двор со закана, како да има намера да се врати со пиштол... Тогаш го повикав работникот да слезе од покривот. Во меѓувреме, соседот истрча со копач во раката и се обиде да го уплаши работникот и да го принуди да прекине со работа.

Полицијата што ја повикав веднаш стигна, како да беа некаде во близина. Полицајците божемно сакаа да го приведат, но брзо се договорија – друг пат да се воздржува од на силно однесување.

Неговата жена, пак, при секое поминување крај мене извикуваше погрдни зборови, а понекогаш и плукаше кон мене. Дури еднаш и уличарски го исплази јазикот, бидејќи стоеше на прозорецот на нејзината куќа и веруваше дека тоа нема никој да го види. Стануваше забавно!

Тоа лето беше дојдена и Милена. Само на неколку дена. Требало да отпатува во странство, во Шведска, кај својата ќерка. Ќерката беше таму мажена. Колку повеќе ја запознавав, толку повеќе ја засакував таа жена на приближно мои години. Иако останата млада без сопругот, кој неодамна беше починал, а ќерката се отселила во странство, на целото нејзино лице имаше постојана блага насмевка. Природно русата коса и стоеше како ореол околу главата и сосема одговараше на нејзините подвижни, немирни сини очи. Се смееше гласно, грлато, и ги засмеваше и другите околу неа. Кој би рекол дека има обврска да се грижи за две возрасни жени во Белград, мајката и свекрвата. Истовремено беше вработена во една од нај моќните авиокомпании, извршувајќи најодговорни работи.

Милена дојде да ја разгледа и нашата мала куќа, во која воопшто не била никогаш. И се допадна како ја бевме реновирале. Тогаш ме замоли при реновирањето на куќата да не ја затвораме вратата кон заедничкиот заден двор, бидејќи друга врата за излегување натаму нема. Не ќе можеме да излегуваме ако за тоа има било каква потреба, пред се за одржување на покривите. Тоа што ја послушав беше многу корисно, бидејќи иако не голем, задниот двор беше неопходен и за малата и за големата куќа.

На старата, небаш мала, дрвена врата, која се наоѓаше на задниот дел од куќата, кон дворот, имаше невообичаен, огромен, старински потемнет клуч, кој зборуваше за тоа дека куќата е градена пред околу стотина години.

Големата куќа на Милена, заедно со малата, била изградена уште додека владееле османлиите во Македонија. Ја градел турски валија од Битола, за да престојува во најубавиот град на Македонија, во Охрид, кога ќе посака, сам или со при дружба. Куќата беше со огромна стара дрвена порта, со влез од кај езерото. При влезот, скалата се шириле кон двете страни симетрично до чардакот. Од двете страни на чардакот се наоѓаа дрвени високи врати на четирите огромни одаи и три други врати, две од двете бањи и една од просторијата за остава. Таваните на собите беа обложени со дрво, на средината со

дрвен орнамент. На горниот кат се доаѓаше по дрвени скали. Таму ги имаше истите соби. На средината, таванот, над прет собјето, беше во форма на кубе, на кое беа вградени десетици застаклени отвори, како прозорчиња кон небото. На сите соби, и на долниот и на горниот кат, патосите им беа од дрво.

Малата куќа била за послугата. А од неа постоела и директна влезна врата кон големата куќа, преку која, без да се излегува во дворот, можело да поминуваат слугите. Вратата во меѓувреме некој ја зазидал. Влезната врата на малата куќа исто така беше многу стара, а на прозорците имаше железни шипки, што ги наместил занаетчијата кој тука живеел со своето семејство, како заштита.

Еден критичен ден, мајстори работеа на поправки на задниот ѕид, каде се наоѓаше старата врата која решивме да ја замениме со помала и по модерна и за која требаше помал рам. Голем дел од ѕидот мораше да се пресида. За тоа дека добивме решение за погенерално реновирање, никој од соседите не знаеше.

Тукушто се сосида рамот за вратата, од задниот двор дотрчаа соседот и неговата жена, и со раце почнаа да го туркаат рамот.

Јас и мајсторите стоевме вчудоневидени и кога почнавме да им викаме да не го прават тоа. Тогаш дотрча мажот ми Митко, се уште сонлив, кој спиеше во големата куќа и кого го разбудило викање то. Штом ги здогледа соседите како го туркаат тукушто сосиданиот рам за вратата и дел од циглите околу него кон внатрешноста на собата, грабна една од огромните цигли и јас сфатив дека ќе ја фрли врз нив, ако во тој момент едниот од мајсторите не му ги фатеше рацете.

Насилниците побегнаа назад во дворот. Самите ќе си ги искршеа нозете низ растурените цигли. Од тој ден како да станаа попретпазливи во искажување на својата агресивност.

За да се реализира реновирањето што ни беше дадено со решението, моравме да спроведеме силно осветлување за време на ноќите и по некој од нас да останува буден, односно да биде дежурен. Ако треба и да спие во дворот на полско креветче, за

да не се сруши сосиданото. Заличуваше како реновирањето да се одвиваше во време на окупацијата во годините од Втората светска војна.

Со некои од работниците соседите зборуваа во наше отсуство, без да знаеме, па јас и другите од семејството немаше ни да разбереме, ни да сфатиме дека ги убедиле да ја напуштат работата. А не ретко и ги заплашувале, ги уценувале со животот. И тие напуштаа.

Откако го добивме решението за погенерални по правки и официјално, секојдневно по нешто се реновираше, се поправаше. Еден ден бев останала сама со мајсторите. Во недела. Требаше да ги извадат старите ќерамиди и куќата да се препокрие со нови. Уште не беа извадиле десетина од ќерамидите, некаде кон девет часот претпладне, во дворот на куќата влезе непознат човек. Оздола под панталоните му се гледаа пижамите. Тој се претстави како претседател на Општинскиот суд во Охрид. Јас, бидејќи лично не го познавав претседателот на судот, си помислив дека нешто не е во ред со овој човек. Тој веднаш почна да ми се заканува, мене, но и на мајсторите. Дури им нареди веднаш да прекинат со работењето. Рече дека има спорен ѕид, тој што е од страната на соседот, и затоа не смее да се поправа било што од куќата. Со други зборови, куќата што ја купивме била со три ѕида, ако четвртиот е на соседот, и според тоа покривот на куќата стои на три ѕида! Па, поради ова има тужба од соседот и е донесено решение од страна на судот, со кое се забрануваат секакви на тамошни градежни дејствија.

Јас најпрво бев збунета, но брзо се прибрав и му реков дека ниту сум известена дека е покренато такво тужбено барање од соседот, ниту пак сум примила решение за привремено запирање на градежните работи, односно поправките. Но, тој се правеше дека не го слушна тоа што јас го зборував, па и натаму продолжи на работниците и мене да ни прети на висок тон. Тогаш налутено му реков:

– Бидејќи не ве познавам и не знам дека сте претседател на Судот, ве молам да ми напишете писмена наредба, дека вие во

недела рано претпладне, во неработен ден, во девет часот, сте дошле во својство на претседател на Судот, во дворот на мојата куќа, да ги бркате работниците и да им наредите да престанат да работат, а и мене ми забранувате да продолжам со градежните поправки на куќата. – И уште реков: – Бидејќи е незгодно да ве легитимирам, барам од вас да се потпишете со цело име и презиме и да го наведете бројот на вашата лична карта.

Уште пред тој да сфати што барам од него, брзо извадив од чантата голем бел лист хартија и пенкало и му ги подадов, повикувајќи го наредбата да ја пишува врз масата, што се наоѓаше на самата тераса.

Во тој момент тој им се обрати на нашите први соседи кои, дури тогаш забележав, стоеја близу до него, всушност зад него, со зборовите:

– Замислете, не верува дека сум претседателот на Судот, ама кажете и, ве молам!

Тие, во еден глас, правникот и неговата жена, се развикаа:

– Да, тој е претседателот, тој е! – и двајцата влегоа во дворот.

Тој како да доби сила од нивната поддршка, свика, обраќајќи ми се мене:

– Вие сте многу дрска! Како можете од мене, претседател на суд, да барате вакво нешто?!

Потоа тој налутено покажа на листот хартија и на пенкалото.

– Не знам на кого би требало да се однесува тоа – дрска. Ако сте вие претседател на Судот, претседател сте во самиот суд, а не по дворовите во неделен ден и по пижами да спречувате работници да работат!

Тој се зацрвене во лицето и како да сакаше да си оди, направи неколку чекори кон излезната врата на дворот. Веројатно,

откако ги слушна овие мои зборови, тие како да го отрезнија. Но, во тој момент, како стрела долета друго непознато за мене лице, ниско неугледно дебелкаво човече. Дојдениот, зазбивтан веројатно од трчање, во присуство на дотогашните актери, уште од првите чекори во дворот почна да вика по работниците да прекинат со работа, игнорирајќи ме мене... Потоа ми се обрати:

– Јас сум судија Петрески, го водам судското барање на вашиот сосед Трајан Ценески и ви наредувам веднаш да престанете со работа, бидејќи и вие и работниците ќе имате тешки материјални и други последици!

Тогаш и нему му реков дека секој граѓанин знае дека судските спорови судиите ги водат во судовите, поредовна, со закон пропишана судска постапка, а не во куќите и дворовите, со заплашување.

Без да обрне внимание на моите зборови, тој почна директно да им се обраќа на работниците, да ги заплашува, да им зема имиња и презимиња.

Кога и од него побарав писмена наредба, тој се направи дека тоа не го слушнал и почна да измислува дека јас не сум сакала да примам акт од Судот. Бев свесна дека тоа во моментот го измисли за да ја фрли кривицата на мене.

– Срамна лага, – му свикав.

Во дворот, уште додека не беше завршен овој невиден драстичен притисок од таканаречените врв ни претставници на судството на Општина Охрид и тие се уште беа тука, пристигна уште покусо и понеугледно човече, кое набрзо изговори дека е градежен инспектор, очигледно телефонски повикан за зајакнување на нападот. Како да слушнав дека се претстави само со името Ратко... Тој уште понасилнички и побезобзирно почна да ги брка работниците и да ги заплашува, не давајќи им време ни да се измијат и облечат за да ја напуштат куќата. Јас ги посоветував да си заминат, за да немаат било какви последици. Градежниот инспектор, ако навистина тоа беше, исто така безобзирно се однесуваше и кон мене.

На овој завршен дел на спектаклот, на оваа циркуска претстава, докрај беа присутни и соседот и неговата жена, претседателот на Судот, судијата. Откако работниците набрзина заминаа, вратата од куќата триумфално ја затвори градежни от инспектор. Тогаш сите заедно, претседателот на Судот, судијата и инспекторот презадоволни се ракуваа со соседот и неговата жена, гласно кркотејќи се од задоволство и ликувајќи, на очиглед на повеќе граѓани од Охрид, кои во меѓувреме се беа доближиле до куќата и кои беа вчудовидени од настанот. Некои се потсмеваа на актерите на оваа претходно режирана сцена, прашувајќи се која и каква ќе им биде наградата на овие „заштитници“ на поредокот и законитоста, ставајќи се во недолична улога дури и за еден просечен граѓанин? Мене ми беше јасно дека се работи не само за злоупотреба на службената должност кај овие луѓе, туку и за самозаборавеност на овие локални моќници, задолжени да ги спроведуваат законите. Зарем со вакво беззаконие?!

По неколку дена во вратата од куќата најдов потпикнат тенок нечист лист хартија, кој на се личеше освен на документ: решение за запирање на градежните поправки на куќата, на кое немаше ни датум, ни печат, а потписот беше замачкан. Ми стана јасно дека се свесни оти се прочитани во нивните намери да му удоволат на соседот. Од кои причини токму на ваков незаконит начин, само тие знаеја.

За целата оваа постапка на овие овластени лица од државата, да ја бранат правдата и да постапуваат според законите, ги известив по писмен пат надлежните повисоки инстанци, кои за вера на вистината презедоа некои мерки. Претседателот на Судот мораше да ја напушти функцијата, градежниот инспектор беше преместен на друга работа. Само судијата остана на истото место.

Обидите од страна на соседот со притисоци да не натера да се откажеме од куќата и натаму продолжуваа. Останатите соседи се чудеа на неговото однесување и повеќепати ја потврдија вистината, дека токму тој, соседот, имал можност да ја купи оваа куќа, но не сакал. Јасно беше дека се надевал да ја добие со

постепеното руинирање, без пари. Тогаш, зошто овој бес? Ни се лутеа нам за грешката што тие ја направиле. Ситуацијата беше апсурдна. Ние, кога ја купивме куќата, немавме претстава за тоа што се случувало порано.

Сето ова беше слично на една неодамнешна комична случка меѓу двајца луѓе, всушност и блиски пријатели, кои ловеа риби со специјални трски со јадици на брегот на езерото по повеќе часови. Еден ден, на еден од нив на јадицата му се беше фатил крап од неколку кила. Но при обидот да го извади на брегот му се скинал конецот и крапот со закачената јадица во устата отпливал назад во езерото. По четири-пет дена, за верување или не, еден од истата група рибари уловил исто така го-ем крап. Кога го извадил на брегот, сите виделе дека во устата има јадица и дел од рибарски конец. Тогаш, рибарот кој пред тоа го имал фатено крапот што му побегнал назад во езерото, извикал:

– Тоа е мојот крап, дајми го, да ми го дадеш! Еве, и јадицата и конецот си ги познавам, сигурен сум дека е мојот крап, – и тргнал насила да му го граба уловениот крап на својот другар.

– Ама како, човече, твојот, ти го испушти, тој се врати назад во езерото! Сега јас го уловив и го извадив на брегот и, се разбира, тој е мој! – викал рибарот кој тукушто го извадил крапот од езерото.

И, тогаш почнала расправија која можела и лошо да заврши. Но, сите потврдиле дека крапот е на тој што го извадил надвор од езерото и расправијата стивнала... Така заличуваше и оваа работа со куќата.

Една од работите што најмногу ме храбреа беше дека скоро сите други соседи не го одобруваа вак во то бескрупулозно однесување на правникот и неговата жена. Дури и нивните блиски роднини кои живеаа во истиот двор со нив. Двајцата браќа, млади луѓе, кои завршија факултети и специјализации, не пропуштаа да ми ја изразат поддршката. Ќе подзастанеа покрај оградата на куќата, со симпатии кон мене и пријателски зборови.

Во истото уличе, веднаш зад нив, живееше едно турско семејство, староседелци, родители со ќерка и син. Толку скромни луѓе, домаќини, што би рекол народот, и работливи. Со напорен труд, работејќи во дуќаните во градот, заработуваа за својата живеачка. Во добри односи со сите соседи. При секое видување, со добар збор и искрена на смевка на лицето придобиваа уште од првите средби. Нивните деца беа растени заедно со ма кедонските деца, со кои се уште другаруваа. Со ништо не се разликува од нив, дури ни со јазикот на кој комуницираа, освен по верските традиции и обичаи. Односите на соседите со векови се негувале со пријателство и дружељубие. Се поздравуваа при секоја средба, а не пропуштаа да си ги чести аат едни на други верските посебни празници. Кога се запознав со нивната мајка, по нејзиниот благороден лик сфатив дека таа, а и таткото, ги пренесле на нив тие карактерни особини и однесувања.

Кога еден од големите најлони, што привремено беше прикован на летвите од покривот на куќата, па мајсторите го беа извадиле и беше оставен на тротоарот, пред оградата на куќата, сама се обидував да го издиплам, што не ми одеше баш лесно, непознат човек ми се приближи и со негова помош најлонот беше здиплен. Му се заблагодарив. Дури подоцна разбрав дека тој е таткото на сестрата и братот од семејството за кое раскажував.

Во сите маки со водата, посебно водата за пиење, разбравме дека на крајот од уличето има куќа во чиј двор од голема цевка гргаше изворска вода, а водата течеше во тркалезен бунар, кристално чиста, што беше ѕидан со украсни камчиња. Во куќата живееја двајца браќа, кои беа женети и имаа по две деца. Со нив живееше и нивната мајка Велика. Сите беа дружељубиви. Од водата од чешмата можеше да пие секој, па дури и да си наполни, а портата во дворот, мала, скоро провизорна, беше отворена денонокно. На тој начин го исполнуваа и аманетот на нивниот прерано починат татко. Целиот нивни двор беше посаден со многу цвеќиња и зелени растенија, прекрасно аранжирани и негувани со љубов и внимание, што откако ќе влезеш во него ќе посакаш што по долго да останеш, да се одмориш и физички и психички. Над влезната патека во дворот постоеше и природна настрешница

од киви, што мамеа со своите надвиснати плодови. Таа, како и некои од дрвјата, држеа дебела сенка над масичките и сто лиците во дворот, наредени покрај водата што бликаше. Поради тоа и не беше чудно што туристите кои престојуваа секое лето кај нив, во нивната двокатна куќа, имаа желба да останат повеќе денови отколку што беа планирале, а и пак да дојдат следната година. Сите патеки во дворот послани со терацо и светлокафени парчиња од мермер. Секаде наоколу се гледаше смисла за разубавување на амбиентот. Сето тоа беше создадено од спретните раце на мајката, синовите и нивните семејства. Посебно на помалиот брат. По крај чистиот воздух што денонoќно доаѓаше од езерските води, и оваа изворска вода што изминатите години редовно ја пиевме, благодарение на овие благородни луѓе, секако беше заслужна за зачувување на нашето здравје.

Само мала ограда од неколку зимзелени дрвја, пот кастрени секое со посебна форма, ги делеше од дворот на нивните соседи, кој беше исто така уреден со многу вкус и желба за убаво. Поплочан со така да се каже уметничка креација. Најмногу ми правеа впечаток во него масите и клупите од дебело природно дрво, наместени во непосредна близина, едни до други, зелените најразлични украсни дрвја, во различни форми и големини. Дворот го красеа многу разнобојни цвеќиња. И во него живееја двајца браќа со семејствата. И во нивната двокатна куќа секоја година доаѓаа голем број туристи во неколкуте апартмани што ги имаа изградено со таквата намена. Привлечени од гостопримството и добрите услуги, иако не беа на самото езеро, но само на педесетина метра од него, на крајот на единственото уличе меѓу куќите.

Веднаш до дворот на куќата од каде што полневме вода имаше уште една двокатна куќа, и во неа живееше четиричлено семејство. Тие се издржуваа со еден од ретките но не лесни занаети, правењето и продавањето на свеќи. Ангажирани со работа, немаа многу време за дружење со останатите соседи, па изгледаше како да живеат затворен живот меѓу ѕидовите на куќата. Но затоа во поголемиот дел од денот беа надвор од дома, продавајќи го сработеното, за кое имаше не мал ин терес

кај луѓето верници. Во тоа исто така им помагаа и нивните деца.

Стара, наизглед трошна, куќата залепена до нивната, како да се обидува да се потпре на неа, беше куќата на нашите пријатели Никола и Љубица. Тој беше мајстор во една од малкуте фабрики во градот, што можеше на прсти да ги избројиш. Доста слаб, со ѓаволест израз на лицето, полн со хумор и изреки, кои како постојано да му беа на врвот на јазикот, тој беше добредојден во секоја средина. Најчесто досетките имаа и призвук на сатира, упатена до актуелната власт. Шега на сметка на некој минувач, понекогаш и турист. Не ретко правеше шеговита споредба на однесувањето на животните и птиците со однесувањето на луѓето. Со еден збор, полн со мудрост и итрина. Неговата жена, мојата пријателка вработена во Историскиот архив, беше посветена на домаќинството и домашните обврски. Ќерката мажена во Скопје, таму живееше со сопругот и децата. Синот во куќата, заедно со родителите.

Љубица, според законските одредби, наскоро мораше да се пензионира. Тоа го дочека со многу големо разочарување. Кога да се сретневме повторуваше дека не знае како ќе издржи без работа, што ќе прави по цел ден. Тоа беше и периодот на растурање на фирмите и затворање на фабриките, со нивно претходно намерно обезвреднување од моќниците, кои планираа да ги заграбат по најниска цена и да ги претворат во нивна сопственост. Токму тогаш и нејзиниот маж и нејзиниот син, кои работеа во иста фабрика, останаа без работа. Одеднаш беа сите тројца дома.

Еден ден, кога седевме на каменатa ограда на брегот на езерото, наблизу до нашите куќи, рече:

– Дури сега обравме бостан. Не знам од што ќе се живее.

Знаев дека има извезено многу, и тоа големи гоблени.

Само и спомнав дека имам слушано оти иселениците Македонци, кога навраќале дома, во своите родни места, сакале

да купат гоблени и плаќале доста пари. Таа тогаш се насмеа и рече:

– Тешко нам ако чекаме од нив.

Тогаш се сетив дека еднаш ми кажуваше колку многу сакала да оди во средно уметничко училиште, но дека нејзините не се согласиле. Без да ја прашаат ја запишале во средно економско.

– Што не земеш нешто да црташ аматерски, – и реков. – Онака од досада.

Таа се насмеа.

– Се шегуваш со мене, – рече.

По неколку дена ме викна да пиеме кафе. Потоа малку срамежливо ми покажа еден цртеж кој, како што рече, сама го нацртала. Рекичка и жална врба, надвисната над неа. Навистина ми се бендиса.

– Ете гледаш, – и реков, – ти навистина си талентирана.

Кога тргнав да си одам и предложив да и го купам цртежот и веднаш извадив пари, онака, ни многу ни малку. Таа уште повеќе се засмеа. Јас ги оставив парите на маса, го зедов цртежот и тргнав кон излезната врата. Таа потрча по мене и се обидуваше да ми ги стави парите во џебот, но јас си заминав.

Извесно време ја немав видено. Но кога се сретнавме кај езерото, ми се пофали дека нацртала повеќе работи.

Од некои соседи разбрав дека во нејзината куќа дошол да летува некој познат сликар. Афинитетот на Љубица за сликање како да се разбуди во неа. Од сите сликари, во месеците и годините што следеа, со кои непосредно контактираше, го учеше занаетот, па сликањето во изминатите следни години и стана секојдневна повеќечасовна работа. Наслика и продаде неколку стотини слики, по веќето од нив на платно. Ги урамуваа заедно со нејзиниот сопруг. Учествуваше и на повеќе

изложби на сликари аматери. Успеа да ги прикаже своите слики и на самостојна изложба.

Нејзиниот сопруг беше многу често во уличето или на брегот на езерото. Ретко духовит, полн со народен хумор. Тој многу придонесе за афирмација на сликите на Љубица. Самиот беше син на уметници, иако занаетчија, многу ја ценеше уметноста. Куќата им беше исполнета со многу уметнички слики од врвни мајстори и заедно со сликите на Љубица личеше на вистинска галерија.

Уличето се разубави со уште една модерна голема куќа, што беше изградена на местото на стара турска куќа што повеќе години стоеше заклучена, без жители. Се создаде уште еден простор за летување на туристи од најразлични земји од светот. Сопствениците неуморно работеа, иако во средна возраст, да создадат добри услови за престој на гостите. Нивните деца, кои веќе имаа свои семејства, им помагаа колку што можеа.

Една од најзабележаните и најфотографираните од туристите градби, на самиот агол од уличето, беше некогашното повеќекатно Музичко училиште. Оваа зграда навистина делуваше импозантно со овалните прозорци, онакви какви што биле и во годините кога била градена, сите со поглед кон езерото. Уште повпечатливи беа цвеќињата кои како цветни провиснати завески, најчесто со цикламена боја, ги красеа многуте прозорци. Таа беше веќе во приватна сопственост на по богати семејства и во неа не летуваа туристи.

Не можам да не ги спомнам уште двајцата браќа од блиското соседство, едниот лекар, врвен специјалист, другиот познат заболекар, кои своето образование го беа стекнале во Белград. Нивниот татко исто така бил лекар, кој граѓаните на Охрид го паметат како еден од најхуманите луѓе во нивниот град... И за нив припадноста на друга националност на луѓето не претставуваше пречка да другаруваат со сите, и со нивната хумана професија да им помагаат на сите луѓе. Куќата што тие двајца браќа ја изградија, на истото место каде што им беше и старата, во која претходно живееја со нивните семејства, се наоѓаше веднаш до зградата на старото Музичко училиште. Таа

се протегаше до другиот агол, се до улицата што почнуваше од езерото и по која се одеше до голема раскрсница кон централниот дел од градот. И оваа нова зграда, што со право го доби називот „Вила“, беше со преубав изглед и прозорци со поглед кон езерото. Во неа летуваа голем број туристи. Секоја средба со нив ме исполнуваше со доверба во човекот, можеби ја наоѓав во нивната блага насмевка и дружељубивиот поздрав.

Во сандачето за пошта, на адресата во Скопје, по изминати две-три недели од доаѓањето на претседателот на Судот од Охрид во дворот на мојата куќа, да ги брка работниците, до мене стигна сино плико, со судски печат од Судот во Охрид. Внатре – тужба од соседот. Во неа барање да се утврди дека задниот ѕид од нашата куќа што ја купивме во Охрид е негов и тој си го бара, а кој беше паралелен со ѕидот на нивната куќа изградена пред дваесетина години. Влегувам дома со тужбата в раце и се смеам. Значи – куќата што ја купивме била со три ѕида, односно покривот стоел на три ѕида.

Беше поминало летото. Набрзо потоа добив и покана за судска расправа. Морав да заминам во судот во Охрид.

Уште на првото судење веднаш го препознав истиот судија, кој заедно со претседателот на Судот дојде во недела да ги брка работниците, кои работеа на поправки на куќата.

– Господине судија, – реков кога почна судењето. – Ова тужбено барање на соседот е апсурдно и требало да се отфрли уште пред да се закаже расправата. Како може четвртиот ѕид од нашата куќа да не и припаѓа на куќата, значи таа е со три ѕида на кои стои покривот.

Но, судијата не реагираше, не ме ни слушаше. Јас уште еднаш сфатив дека мојот сосед, тужителот, му е пријател на судијата, или тој за нешто му е должен. Расправата се одвиваше трагикомично. Тужителот, соседот, тврдеше дека уште од време на османлиската држава тој ѕид бил преграден ѕид меѓу дворовите на нивната куќа и куќата на таткото на сопругот на Милена. И, дека сега сиго бара да му се врати. Тоа секако би значело дека треба да се турне нашата куќа! Каква бесмисла!

После оваа расправа, која се одложи, бидејќи тужителот предложи сведоци, следеа уште четириесет и седум расправи, на кои бев принудена да доаѓам и да отсуствувам од работа. Тие се закажуваа и одлагаа од најразлични причини. Или сведокот не дошол, но не јавил претходно дека нема да дојде, или тужителот имал работа во друг град, но не го известил судот. И така во бесконечност.

На едно од судењата тужителот обезбеди лажен вештак од катастар. Тој дојде со некаков голем тефтер – огромен свиок, и тврдеше дека спорниот ѕид е на соседот, тужителот, а не на новите сопственици, дека не припаѓа на нивната куќа, односно на куќата која тукушто ја купиле.

Судијата, како што можеше и да се очекува, пресуди во корист на соседот. Надвор од разумот.

Бесмислената пресуда ја обжалив до второстепениот суд. Но, второстепените судови, ако видат не правилности во водењето на постапката, или не издржаност на тужбеното барање, го враќаат предметот на повторно судење кај првостепениот суд. Така и се случи.

Тогаш јас побарав да се изземе тој судија. Беше за чудење, Судот не само што веднаш го направи тоа и определи друг, туку и самиот судија како да беше среќен што на крајот се ослободи од овој бес мислен предмет.

По првата расправа што ја закажа новиот судија, а соседот, тужителот, веднаш сфати дека неговото тужбено бесмислено барање ќе биде отфрлено, побара определениот нов судија да биде сменет. Судот определи пак нов судија – жена.

Маките продолжуваат – си помислив кога влегов во судницата и ја видов младата, убава, модерна жена, која барем на прв поглед оставаше добар впечаток. Се израдував. И јас, за првпат, имав обезбедено двајца сведоци. Едниот од нив присутен, а другиот со писмена изјава, спречен да дојде поради болест.

Но, кога почна расправата, бев многу изненадена. Судијката не му даваше слободно да зборува на мојот сведок, ниту пак мене. Во исто време, соседот и неговите сведоци ги оставаше, колку што сакаат да зборуваат.

Кога се обидов да реагирам на тоа, судијката ми се закани дека ќе ме отстрани од судницата. Стануваше дури ризично да се реагира.

На крајот од расправата судијката закажа ново рочиште. Всушност реши Судот да излезе на увид на лице место и таму да се одржи расправата.

Бев убедена дека се понатаму ќе биде обична пародија, но мораше да се издржи.

На закажаната расправа на лице место, на покана на судот дојде нов вештак, едно младо момче, кое најмалку оставаше место за доверба. Судијката дојде со чевли на тенки високи штикли, со вкусно одбрана облека и со раскошен скап ѓердан.

Судењето, ми беше соопштено по писмен пат, ќе се одржи кај соседот, бидејќи таму имаше поголем двор. Тогаш за првпат влегов во нивниот двор. Соседот и неговата жена беа таму и чекаа.

Судењето започна. Судијката, придружена од дактилографка, веднаш и диктираше на дактилографката записник. Прво го повика вештакот да го изнесе своето стручно мислење. Тој сосема убедливо, на лице место, констатира дека спорниот ѕид не можел да биде ѕид меѓу дворови, бидејќи на него има оџак, кој е очигледно стар колку и ѕидот, од ист материјал како и ѕидот на куќата, и дека е тој единствениот нејзин оџак. Второ, тој изјави на записник дека дрвените греди, на кои се држат тулите се еднакви и на ѕидот за кој тужителот тврди дека е негов и на ѕидот кон малата улица, односно дека се поставени во исто време и од ист материјал и дека се поврзани една со друга. Всушност утврди дека материјалите од кои се изградени и двата ѕида се еднакви.

Тужителот и неговата жена како да не сфатија во прв момент што значи тоа. Вештакот исто така утврди дека и ќерамидите на покривот кој, се разбира, лежи на овие четири ѕида, се турски и многу стари и дека се наредени една до друга и не се помрднати стотина години.

Судот објави дека е ова последно рочиште.

Немав многу надеж дека пресудата ќе биде во моја полза. Но, што ќе биде, нека биде.

Не им верував на своите очи, кога видов дека пресудата што стигна по пошта, на мојата адреса на постојано живеење во Скопје, не само што бее во моја корист, туку и таква што по својата стручност и документираност не даваше дури ни можности тужителот да се жали. Тој сепак го направи тоа. Но пресудата беше потврдена од второстепениот суд. Конечно се спасивме од една перфидно смислена тортура...

Но, не за долго.

Стигна нова тужба. Во неа соседот навел дека при поправањето на покривот, со задниот негов дел сме навлегле во неговиот простор седумдесет и пет сантиметри. Од Судот се бараше да донесе решение да се пресече тој дел од покривот.

Документите што пристигнуваа од тужителот сосед, правникот, беа напишани како да ги составувал некој кој нема ни средно образование, а камоли завршено Правен факултет. Во неговата тужба стоеше моето име со мала буква, куќа со голема буква, ниту една точка, ни запирка... А да не зборувам за содржината…

Се наоѓаме во судницата на закажаната расправа. Нов судија.

– Господине судија, – велам, – не ми е јасно кое е барањето на тужителот. Ако може да ми го прочитате.

– Како тоа, – вели судијата, – не разбирате, вие сте образувана жена.

– Сепак, ако можете... Токму затоа што сум образувана. Сум прочитала стотици ракописи и од какви не полуписмени луѓе, но ете, оваа тужба не ја разбирам.

Судијата се обиде да чита. Но, бидејќи не се знаеше ни каде е точка, каде голема буква, односно не се разбираше каде почнува и каде завршува реченицата, читањето, иако судијата се воздржуваше, премина во смеење. Се смеам и јас. Во еден момент, судијата му се обрати на тужителот со зборовите:

– Е, овде ептен си ја претерал, колега.

Јас истовремено сфатив дека судијата првпат ја чита тужбата. Но тој, независно од оваа комична ситуација, си продолжи со расправата.

Јас велам:

– Тужбеното барање нема никаква основа, бидејќи нашите две куќи, па и крововите, се оддалечени една од друга само десетина сантиметри. Ако е така како што тврди соседот, ние значи, со седумдесетина сантиметри сме му влегле со нашиот покрив во неговата спална соба. Тоа е ирационално тврдење.

Независно од тоа, судијата набрзина го заврши претресот. Не закажа ново рочиште.
Пресуди во корист на соседот.

Решавајќи по нашата жалба, второстепениот суд го врати предметот на повторно решавање во првостепениот суд.

Тогаш побаравме да се повика комисија со овластени вештаци од Скопје, да ја утврди фактичката состојба, да увиди дека меѓу нашата куќа и куќата на соседот нема растојание ни десет сантиметри, па затоа, не постои можност со седумдесет и пет сантиметри да влеземе кон неговата, (односно во неговата) куќа. Благодарение на записникот што комисијата го достави, откако изврши увид на лице место, од кој се гледаше апсурдноста на барањето на соседот, судијата во Охрид не се осмели да досуди повторно во негова корист.

Во тоа време разбрав дека во законодавствата на некои земји постоеле казни за лицата кои покренуваат беспредметни тужбени барања. Ако и кај нас постоеја такви законски одредби, ќе требаше да бидат казнети, покрај соседот, не мал број судии, претседатели на судови, вештаци, сведоци.

Секогаш кога имав и најмалку слободно време доаѓав до езерото. Седнував на каменот на кејот или шетав на брегот, многупати и до центарот на градот, што се наоѓаше недалеку од нашата куќа. Најчесто да се восхитувам на залезите на сонцето, на огромните уметнички пејсажи, распнати меѓу небото, планините и водите на езерото, што може да ги наслика само тој невиден маѓесник природата. Така обземена од овие приквечерни убавини, не бев го забележала еден пријател кој ми се беше приближил, и станав свесна за неговото присуство дури кога гласно го изговори моето име.

–Добро што те видов, – рече. – Сакав да те прашам дали си во тек дека интензивно се работи на новиот урбанистички план, на овој дел од градот во кој се наоѓа и твојата куќа. Куќата може да биде оставена онаква каква што е. Трае дури трае. А ако ја урне Општината, тоа што си го инвестирала во нејзиното реновирање, бидејќи било во време пред да се усвои планот, нема да ти се признае. Што е уште пострашно, ако куќата не влезе во планот, еден ден може да останеш и без куќата.

Тоа сознание ми беше страшно. Неподнесливо. Толку жртви за неа, толку соништа по неа и како тоа одеднаш, некој администратор да ја избрише, да ја пречкрта! Добив нервна криза. Тоа не може да биде. Се претворив во око и уво. Кој е тој фактор!? Чиј збор ќе одлучи?! Чиј став дефинитивно ќе ја реши судбината на куќата?! Мојата со неа?! Му се заблагодарив на пријателот и брзо се разделив од него упатувајќисе кон дома.

Најпрво разбрав кој тим на стручни лица го работи Предлог–планот, во која институција.Решив превентивно да делувам.

Само по два дена влегувам во долг ходник, во зграда, таму каде што ми посочија дека ќе се решава најважното во врска со Планот. Во мала просторија седи секретарката. Ситна, насмеана, непосредна. Веднаш, по зборувањето разбрав дека е

од мојот роден град. Каква среќа! Кажав која мака ме донесе тука.

– Не бери гајле, – ми рече.– Главниот инженер архитект, кој работи на планот, е исто наш човек.

Го зеде телефонот на локалот, ме најави, кажа и поради што сум дојдена, и откако ме упати веднаш отидов во неговата канцеларија... Уште штом се поздравивме, сфатив дека избегнува да се сретне со мојот поглед. Го замолив, ако е тоа можно, да види кој е статусот на мојата куќа на планот што се подготвува, ако е веќе решен.

Тој, „нашиот човек“, како што го нарече секретарката, го отвори планот и со прстот покажа на Проект–планот, и ми кажа дека куќата е оставена status quo, односно дека е внесена во планот со постоечкиот објект. Откако го препрашав што значи тоа, ми објасни дека не е предвидено нејзино трајно опстанување. Веднаш му реков дека тоа не може така да остане и дека, ако зависи од него, го молам да настојува да влезе трајно во планот. Според неговото однесување кон мене, разбрав дека моите први соседи веќе стигнале и до него, и ми стана јасно дека е поткупен.

Кога се вратив кај секретарката, за малку ќе заплачев. Таа, штом ме виде, веднаш разбра што ми одговорил нашиот сограѓанин. Брзо потоа ми рече:

– Ќе ти договорам да зборуваш со генералниот. Тој е оној што дефинитивно ќе реши. Сега неколку дена ќе биде на пат. Еве ти телефон, јави ми се в понеделник.

Кој друг да барам? Да молам?!

Во понеделникот се јавив кај секретарката да ја прашам дали ми договорила кај „главниот“. Друг женски глас ми одговори дека секретарката е на боледување. И така неколку дена. Сето тоа ми изгледаше некако сомнително. Петтиот ден отидов лично да се уверам.

Влегов во канцеларијата каде што беше работната маса на секретарката. Немаше никој. Се повртkав малку, излегов во ходникот и само што сакав да побарам некого во другите канцеларии, од една од нив излезе човек доста помлад од мене, со куса коса и кожноцрно кусо палто.

– Барате некого? – рече.

Му кажав:

– Секретарката.

– Лично таа ви треба, или?...

– Не, – реков,– требаше да ми договори средба со директорот.

– Вие го знаете директорот? – праша.

– Не, не го знам, – одговорив збунето.

– Јас сум директорот, – рече, се поднасмеа и ми ја отвори вратата на неговата канцеларија, поканувајќи ме да влезам. Тргнав по него уште повеќе збунета. Седнав на столицата до долгата работна маса.

– Имате многу книги од македонски писатели, – реков, забележувајќи ги наредените книги на полицата зад него. – Да знаев, и јас ќе ви донесев два од моите последни романи. Му го кажав своето име и презиме.

Тој не рече дека не ме познава и дека не слушнал за мене, но натамошниот едночасовен разговор беше за литературата, посебно таа на писателите од Македонија, од кои некои му биле и лични пријатели. Откако разбра дека сум и новинар, почна да ми раскажува за настани од минатото од историско значење, за кои не бев слушнала.

Тогаш ме праша зошто сум сакала да дојдам кај него.

Во разговорот со овој човек се почувствував како да сме одамнешни познаници. Му кажав дека животната желба, како на писател, на поет, ми била да имам макар и најмала куќа покрај езерото. И таа желба конечно ми се остварила.

– Можеби како награда – од некоја виша сила, – се пошегував, – бидејќи со семејството, без исклучок, секоја година летуваме во Охрид.

– И сега, во што е проблемот? – праша заинтересирано.

– Видов дека вашите инженери мојата куќа не ја ставиле во планот.

– Сигурни ли сте? Кого го прашавте?

– Вашиот инженер Виктор Николоски.

Преку локалниот телефон го повика да дојде со планот. Кога влезе и ме виде, Виктор делуваше како затекнат во нечесна работа. Директорот го отвори планот. Со мала помош, моја и на инженерот, ја пронајде куќата.

– Како токму на поетесава сте и ја избришале куќата? – рече. – Таа ќе ни пишува песни за убавините на езерото и на градот?! Не гледам дека сте имале објективна причина да го направите тоа.

Зеде фломастер и ја обележа куќата со назнака како на тие другите околу неа, кои се вклопуваат во новиот план, со можност за надградба.

Инженерот отвори уста нешто да каже, но директорот го пресече, велејќи му дека може да си оди. Тој го прибра планот и излезе од канцеларијата.

Имав желба да рипнам, да го испрегрнам тој, до пред малку за мене непознат човек. Му се заблагодарив и му ветив наскоро да дојдам и да му донесам од сите мои издадени книги. Тоа наскоро и го направив. Беше вистинско задоволство да се

разговара со тој човек, познавач на многу настани од минатото и сегашноста, за кои зборуваше со аналитичност и многу сликовито.

Донесувањето на планот се провлече доста долго. Некаде пред да тргне неговата дефинитивна верзија на согласност кај републичките органи, наслушнав дека некој подметнал верзија во која повторно е избришана и мојата куќа од планот, односно дека е оставена таква каква што е. И не само мојата. Некои од луѓето коментираа дека таква била судбината на куќите чии сопственици не пикнале пари во џебовите на инженерите ангажирани на изработка на планот.

Уште утредента отидов кај началникот за урбанизам Наум Филиповски во Собранието на Градот, да се распрашам. Се познававме. Штом влегов кај него, љубезно ми рече дека сега ќе оди во Заводот за урбанизам на состанок.

– Дојди со мене, па ќе се увериме на лице место, – ми предложи. – Причекај ме кај секретарката, да завршам уште некои телефонски разговори, па ќе одиме заедно, да се информираме.

Не пречекаа со кафе. Го познавав и директорот на Заводот за урбанизам. Му кажав за што бев дојдена. Тој веднаш, како само пред некоја минута некој да му зборувал за мојата куќа, рече дека, за жал, не е вклопена во планот.

– Не е точно, – велам, – јас со свои очи видов дека беше ставена во Планот.

– Кој знае во која верзија било тоа, – додаде тој и се обиде да се апстрахира од моето присуство, давајќи ми на тој начин до знаење дека состанокот само што не започнал. Но, јас бев упорна.

– Сакам да го видам дефинитивниот план, – инсистирав.

Тогаш директорот испрати некого да ја повика инженерката Светлана Наумоска, за да ја донесе дефинитивната верзија на

Планот, која наводно е готова за испраќање на одобрување во Министер ството во Скопје. Но јас видов дека истовремено ја зеде и слушалката од локалниот телефон, на кој нешто некому дообјаснуваше. И јас сфатив дека се договара со некого, за која верзија се работи, односно која верзија од планот треба да биде донесена.

Набрзо дојде инженерката, со која не се познавав, а не знаев дали разбра и која сум. Го рашири Планот, а директорот побара од неа, со категоричен тон, да потврди дека мојата куќа не е влезена во Планот, кажувајќи го моето име и презиме.

Не знам зошто, дали по нејзиниот чеден израз на лицето, или по погледот во нејзините очи, си по мислив: „Таа жена не може да лаже“. По некоја интуиција така чувствував, бев убедена во тоа. Беше кревка млада жена. Чекав да проговори како да чекам пресуда...

– Еве ја куќата на Виолета, директоре, можеме да ја израдуваме, бидејќи е вклопена во Планот, – рече. – Таа влезе во Планот, – повтори.

– Колешке, имате грешка, – брзо и нервозно реагираше директорот.

– Не, директоре, вие сте ја помешале со една друга поранешна верзија на Планот. А да, се сетив како беше. Постоеше една друга верзија на Планот во која некој куќата на Виолета се обидел да ја избрише, иако таа била внесена во Планот што дојде од овластената институција која го изготвуваше.

Директорот налутено погледна кон инженерката Светлана. Тој очигледно веруваше дека инженерката ќе ја донесе другата верзија од Планот, за која тој некому од вработените му се јавуваше на локалниот телефон. Веројатно тие што ја испратија не ги беа разбрале неговите дополнителни инструкции што им ги кажа по локалниот телефон.

Тој и началникот се погледнаа збунети. Им се провали договорот. И едниот и другиот не ни погледнаа во Планот.

Знаеја дека е така како што кажа инженерката. И пак неодминливото прашање... Дали беа поткупени?! Што ли добиле во замена?!

– Е па тогаш добро, тогаш добро, – промрморија и двајцата.

– Благодарам, – реков, обраќајќи се кон инженерката. Се поздравив и си заминав. Среќата ми се беше насмевнала.

Таа жена инженер навистина покажа храброст и големина на човек. За мене и до ден денес остана таква. Со ништо не ја бев задолжила.

Кога се вратив во Скопје, отидов со свои очи да видам дали во Планот на Урб. 2, што е испратен и усвоен од Министерството, стои и мојата куќа. Дали во меѓувреме некој повторно не ја избришал. Таму запознав една од најсериозните и најработливите жени, истовремено врвни стручњаци во градежната област. Го отвори планот откако и раскажав за сите заткулисни игри во врска со мојата куќа во Охрид и сите мои патила.

– Не грижете се, – рече, – се е во ред. И тоа, за цртана е како идна двокатна куќа како што се сите околни, па и на тој соседот за кого зборувате, веднаш зад вас, дадено му е право да изгради двокатна куќа.

И се заблагодарив и веднаш знаев дека ќе станеме пријателки.

Натаму се случи една работа која не беше за верување. Урбанистите решиле сите куќи во моето непосредно соседство да се градат со приземје и два ката, па дури и поткровје... Тоа право го добив и јас.

Мојот непосреден сосед прв крена еден кат над приземјето од неговата куќа. Но, бидејќи бевме скоро лепенка со постоечките куќи, во одобрениот проект не му беше дозволено да отвори про зорци кон нашата куќа на неговиот новоизграден кат. Со оглед дека и ние добивме дозвола за надградба, со градењето на

нашиот кат би му ги затвориле прозорците, ако тој, надвор од планот, би ги отворил.

Почнав со прибирање на документи за надградба според новиот Урбанистички план. Ми се чинеше дека тоа ќе оди полесно, и дека најтешкото помина. Всушност, тие документи беа потребни и за внесување на сопственоста врз куќата на мое име во судските интабулациони книги.

Најпрво отидов во Катастарот. Влегувам кај директорот на Катастарот, бидејќи ми кажаа некои луѓе дека се е во негови раце. Штом го видов, сфатив дека е оној истиот кој испрати вештак со наредба да даде лажна изјава пред судот, при лажниот спор за ѕидот. Уште не дочека да објаснам за што сум дошла, за која куќа се работи, каде се наоѓа, категорично ми изјави дека куќата не претставува засебна градежна целина и не фигурира како посебна куќа во катастарот.

Револтирано реков:

– Тоа не е вистина! Тогаш, врз основа на што куќата е внесена во Урбанистичкиот план, ако не претставува посебна градежна целина?!

– Тоа не ме интересира, – ладнокрвно изјави и продолжи да разговара со друга странка, која во меѓувреме влезе во канцеларијата. Јас сепак продолжив:

– Ама тоа не е точно. Задолжете некој од вашите службеници да го провери тоа.

– Нема зошто некого да задолжувам. Така е ка ко што ти велам.

Сфаќам, тука директорот е закон. Сепак се решив да влезам кај еден од службениците во соседната канцеларија. Само што сакав да го поставам прашањето, со надеж дека ќе успеам да го натерам да види во огромните катастарски тефтери, го препознав вештакот што сведочеше лажно. Во истиот момент

дотрча и директорот, сигурно прет постави дека ќе влезам во собата на вработените од неговата служба. Јас без збор излегов. Ми стана јасно со кого имам работа.

Се вратив во Скопје. Некој од познатите, кој по минал низ тие маки, и тоа во Охрид, ми даде идеја да одам кај директорот на Републичкиот катастар.

Отидов. Ме прими многу љубезно. Откако му кажав за што се работи, повика еден од службениците. Тој донесе огромен специфичен тефтер. Со малку напор, заедно со службеникот, а и со моја помош, ја најдовме мојата куќа. Сосем регуларно впишана како посебна градежна целина. Колку бев среќна, како сега некој да ми ја подари. Му се заблагодарив. Ме испрати со зборовите:

– Поздрави го директорот на Катастарот во Охрид од генералниот на Катастарот на Републиката и речи му подобро да погледнат во тефтерите, во кои куќата си има и место и број.

Сметаше дека нема да има потреба, само за да се утврди тоа, да испраќа службеник од републичката институција. Но, ако тој не постапи професионално, ми рече – да му кажам, да му се јави нему лично по телефон.

Одам во Охрид повторно во Катастарот. Влегувам пак кај директорот. Тој – со двајца гости и полуиспразнето шише со пијалок пред нив, на малото масиче. Тогаш почна комичната ситуација.

– Што дојде пак? – вели грубо. – Гледаш, имам гости!

– Не пречи, велам. Дојдов да те поздравам од генералниот директор на Републичкиот катастар од Скопје. – И му го кажав сето тоа што ми го рече неговиот директор, од збор до збор.

Тој, и да беше поднапиен, веднаш се отрезни и ме покани да седнам. Им се извини на гостите, по што тие сфатија дека треба да си заминат. Почна да ми се обраќа час со вие, час по име и презиме.

– Па не требало да одите дури кај него, да го вознемирувате. Ние овде ќе го решевме прашањето. Ќе погледневме малку повнимателно. Седете тука, причекајте.

Зборуваше понизно и ги трлкаше рацете. Си мислев, кој знае колку луѓе се молеле пред него, губеле денови и денови за правата кои ги имале, а тој ги оневозможил да си ги остварат. Не можев да тврдам дека земал мито и колку. Но, знаев дека скоро секој човек барем еднаш имал потреба да тропне на оваа врата и да застане пред ова зацрвенето блазирано лице. Излегувајќи од канцеларијата, ме замоли да причекам, дури ми предложи кафе.

– Не, благодарам, – реков.

По десетина минути се врати и мрморејќи, изрече:

– Ете, така е кога работиш со неспособни службеници – ќе те стават во ваква ситуација, да направиш крупна грешка! И после, кој е виновен – директорот! Замислете, куќата е заведена како самостојна во катастарот, и тоа уште пред повеќе десетици години, а тие мои слепци ми даваат сосем погрешен податок. Но ете, – со божемно задоволство продолжи тој, повишувајќи го гласот, – фала му на бога, грешката ќе биде благовремено исправена!

– Сега веднаш, – продолжи подмижувајќи со очите со изразени отоци, – документот ќе го изработи задолжениот службеник, на кој веќе му реков дека ќе биде казнет за пропустот што претходно го направил. И да знаете дека навистина ќе биде казнет. Ете гледате, тој и такви како него не доведуваат нас претпоставените во заблуда, а потоа ние ги сносиме последиците.

Наскоро влезе еден од вработените службеници и донесе документ и му го поднесе на потпис. Пред тој да излезе, началникот ја продолжи фарсата, го крена прстот кон него со закана и му рече:

– Друг пат, убаво очите да си ги отвораш, ако сакаш да си го сочуваш работното место.

Службеникот со наведната глава излезе. Си мислев дека многу работи би сакал да му одговори, па дури и да го испцуе. Кој знае колку му беше одбивен. Откако го потпиша документот, началникот ми го предаде со изнасилена насмевка на лицето и ми подаде рака, уште еднаш понизно извинувајќи ми се.

Една препрека помалку. Во документот стоеја катастарските податоци од куќата. Клучот за регулирање на натамошните работи во врска со судската заверка на купопродажниот договор.

Уште пред да заглавам со катастарот, поднесов барање во Управа за јавни приходи, каде требаше да ја платам сумата за данокот на промет на недвижнини.

Службеникот на шалтерот, покрај купопродажни от договор и записникот од комисијата за процена на вредноста на куќата, ми побара и документ од Катастарот. Тој веќе го имав, и заедно со другите документи отидов да ги однесам и да побарам решение за износот на сумата што треба да ја платам и сметка за уплатата со која да ја платам сумата. Но веднаш сфатив дека и тука беа стасале пипците на црниот пајак. Истиот службник ми рече дека дактилографката е болна и нема кој да го отчука решението. Неколку дена истиот одговор. Кога пак отидов службеникот ми објасни дека решението е отчукано, но началникот е на пат, а тој мора да го потпише. Друг ден – кај началникот има состанок и не може да влези за потпис, а потоа ќе замине на друг состанок во Собрание. И, така со денови.

Еден ден на службеникот налутено му реков:

– Значи, не сакате да земете пари!

Дури неколкупати го замолував да влезам кај началникот. Постојано најразлични одговори, дека не може да ме прими.

Се решив да влезам кај началникот на препад. Се шеткав кај неговата канцеларија и, кога секретарката отиде да ги мие филџаните за кафе, влегов без најава. Уште од првите реченици сфатив дека и тој е во мрежата на пајакот. Тој ме пресече веднаш кога почнав да го запознавам со проблемот. Рече дека материјалот се уште не дошол кај него. Дека тој ќе провери дали се комплетирани документите и ќе ме известат писмено кога треба да дојдам по решението или, уште подобро, да оставам адреса на која да ми го достават.

– Но, јас сум вработена и не живеам постојано тука, – реков.

Ладнокрвино одговори, дури со израз на нетрпели вост:

– Оставете адреса на местото на постојано живеење.

Сфатив дека комуникацијата со тој, во вистинска смисла на зборот, корумпиран службеник, е завршена и излегов. Слушнав дека на висок тон ја укори секретарката дека дозволила да влезам кај него, со што уште повеќе ме увери дека моите претпоставки се точни...

Поминаа денови и недели, ни трага од решението. На секое мое јавување по телефон, лаконски ми одговараше женски глас:

– Кога ќе биде готово, ќе го добиете.

Размислував како да излезам од овој ќорсокак.

Се распрашував по луѓето во градот, кој може да му влијае на началникот, како негов пријател или како негов претпоставен, од кого зависи неговата кариера. Немав друг избор. По извесно време дојдов до името и презимето на една влијателна личност, во Охрид, па и пошироко, во Републиката, која не би смеел да не ја послуша. По некоја случајност, таа видна личност и познат научник беше блиска на професорскиот тим во институцијата во која имав блиски пријатели... Набрзо бев нејзина гостинка и ја запознав со бесмислената ситуација во која се најдовме со купувањето на куќата. Таа се вчудоневиде, посебно од однесувањето токму на овој началник, кој всушност ја закочува

целата постапка. Изреволтирана, го зеде телефонот и му се јави. Забележав дека неговиот телефон го знае напамет. Му ги рече следниве неколку реченици:

– На гости ми е дојдена од Скопје една пријателка, која ми се пожали дека со месеци чека за документ кој твоите службеници треба да и го издадат, за да плати данок за пренесување на сопственост на куќата што ја купила. Утре ќе дојде по решението кое со недели го чека, односно чека да ја изврши својата законска обврска, да плати данок за да го завери купопродажниот договор за куќата. Во колку часот да дојде?

Од другата страна на телефонот молк.

– Ме разбра, нели?! Ќе и кажам да дојде во единаесет часот. Здраво.

Молчев збунета. Колку ми се допадна начинот на кој му се обрати! Таа со право беше заслужен граѓанин на овој прекрасен град.

Само рече:

– Луѓето последниве години толку се изменија, што и најблиските пријатели, па и роднини не можеш да си ги препознаеш. Дали опседнатоста со големи пари и бескрупулозноста да се дојде до нив ќе стане составен дел на нашите животи, не знам. Можеби затоа што долго се живеело во голема сиромаштија. Но, очигледно влијанието на Западот во тој поглед е огромно. Ширум му ја отворивме вратата... Нивните стратези, за да тргнеме со побрзи чекори кон нивниот начин на живеење, имаат разработено невиден систем. Се што доаѓа оттаму е добро смислена пропаганда. Да не зборуваме за голем дел од филмовите што ни ги даваат за мали пари, шунд литературата. Одамна пли аме во брод без компас. А колку малку време помина од застрашувачките крвопролевања во име на други идеали, што требаше да заживеат во нашите животи, заедно со слободата.

Боже, колку малку ја познавав оваа жена и одеднаш колку ми стана блиска. Моите размислувања беа кажувани преку нејзината уста. По извесно време, се разделив од неа како од драг пријател. И таква ми беше до крајот на животот. Сите средби со неа ми значеа многу. После секоја, се враќав со ново душевно збогатување.

Утредента, точно во 11 часот, се јавив на шалтерот на Управата. Од зад стаклото ме пречека непријателски поглед на службеничката. Само што и го кажав името и презимето, ми рече:

– Началникот го потпиша решението, но треба да го потпише и еден од референтите. Дојдете утре, инаку ќе мора доста да чекате. Тие се на терен, не се знае кога ќе се вратат.

– Ќе причекам, – реков.

Слегов долу, имаше трафика. Накупив весници и се сместив на една од столиците. Седев скоро два часа. Испрочитав од весниците, и тоа што ме интересираше и тоа што не ме интересираше. Влегуваа и излегуваа и вработени и странки. Не ги познавав тие што би требало да го потпишат решението и не знаев дали веќе дошле или излегле.

Кон два часот, се приближив кон шалтерот. Се наведнав кон малиот отвор, зад кој стоеше лицето на намуртената службеничка.

– Ќе влезам кај началникот, – изговорив категорично.

– Нема што да барате кај началникот, – рече грубо.

– Тогаш кажете кој службеник треба да го потпише решението, за да го заведете и ми го дадете, – реков и направив еден чекор во правец на канцеларијата на началникот.

Тогаш таа повика еден од службениците, кој очигледно во целото ова време бил тука, и му кажа за што се работи, но тој рече дека нему началникот ништо не му наредил, и поради тоа

нема да потпише. Тогаш јас револтирано, без да ја слушам неа или секретарката што трчаше по мене, влегов кај началникот.

Началникот, штом ме виде, без да гледа во мене, рече:

– Решението ви е потпишано. Одете кај службеничката на шалтерот.

– Да, – реков, – но таа не може да ми го даде, бидејќи никој од вашите службеници не сака да го стави вториот потпис.

Началникот изгледаше како да му е незгодно от како ги слушна овие мои зборови, но не бев сигурна дали токму тој така им рекол на службениците, односно дали е во договор со нив. Лицето му беше слабо, испиено, скоро безизразно. Но, очигледно немаше каде. По локалот повика некој од нив. По малку време влезе тој истиот, кој одби да го потпише решението без наредба на началникот, како што рече пред малку.

Кога влезе, началникот му рече да го земе решението од секретарката и да го потпише пред него. Службеникот, сосем тивко, изговори:

– Зошто баш јас?!

Тоа негово прашање се разјасни.

– Оди веднаш донеси го решението, – му рече на чалникот, веќе со тон на наредба.

Службеникот брзо го донесе решението, го потпиша и, налутен, излезе. Началникот ми го подаде решението.

– Одете на шалтер да ви го заверат, и да ви дадат уплатница со сумата што треба да ја платите.

Се поздравив и излегов. Пак кај службеничката. Таа, откако го завери решението и јас се потпи шав на копијата дека сум го примила, буквално ми го потфрли заедно со уплатницата. Ги

зедов и заминав. Уште една врата макотрпно отворена и затворена.

Комплетираните документи во папка ги носам во Судот, каде треба дефинитивно да се завери купопродажниот договор. Влегувам кај службеничките кои ги примаат документите.

– Повелете, – ми се обраќа една од нив, млада, многу дотерана, но со акцент во говорот кој зборува дека не е охриѓанка.

Јас и кажав дека сум дојдена за да го заверам договорот за куќата што неодамна ја купив, и тоа дека и сопственичката што ми ја продаде куќата и јас не живееме во градот. Ја замолив колку е можно побрзо да се подготви заверувањето на до говорот, за да се запише во судските книги. Таа рече дека нема проблем. Но, откако го погледна договорот, бојата и изразот на лицето и се изменија, па по мала пауза додаде:

– Не оди тоа така брзо. Треба сите документи детално да се прегледаат и да се одобрат.

– А кој треба да ги прегледа? – прашав.

– Потпретседателот на Судот. Дојдете по десет, петнаесет дена.

– Нели е тоа многу време? – се обидов пак.

– Бидете среќни, ако за толку време се заврши.

Ги оставив документите, зедов потврда дека сум ги предала, на која инсистирав да се стави и датум, и излегов. Не ми се веруваше. И тука ли?

Поминаа двете недели, и трета, и четврта. Прашувам повеќепати, и по телефон, и лично, одговорот е еден и ист – потпретседателот е зафатен, има многу предмети за одобрување. Веќе почнав да се сомневам дали воопшто му ги

дала моите документи. Се колебав дали да одам кај него лично или не?

Тогаш се сетив на една комична ситуација од пред неколку години. Во Скопје, мојата ќерка купи стан во зграда што беше во изградба. За последната рата што требаше да се плати, ни недостасуваа пари. Некако присобравме, и требаше од Управа за јавни приходи потврда дека не должиме пари за данок по било кој основ. Од градежната организација од која го купивме станот бевме опоменати дека, ако до утредента не ја донесеме потврдата дека сме ја уплатиле ратата, станот ќе биде продаден на друго лице. А тогаш многу тешко се доаѓаше до можноста да се купи стан во новоградба, и тоа покрај сопственото парично учество и со поволен долгорочен кредит.

Влегувам во зградата на Управата за јавни приходи, и зад стаклото на единствениот шалтер што ги издаваше потврдите, седи и јаде службеничка, дебелка, целата замастена од мајонези и кечапи. Веројатно јадеше хамбургер. Потоа дојде на ред нешто слатко. Па кафе. Иако на шалтерот задспуштеното стакло пишуваше пауза, и да не сакаш, стануваш сведок на сите тие активности.

Немаше истакнато во кое време е паузата, но прет поставувам дека е токму тогаш... Чекам трпеливо. И конечно го поткрена минијатурното стакло на шалтерот. Се наведнав и со понизен глас кажувам дека ми треба потврда, и тоа итно.

– Пополнете го формуларот, – ми подава лист хартија.

Го пополнувам и го враќам. Чекам.

Пак доаѓа до стаклото. Вели:

– Дојдете по една недела.

– Ама како, ве молам, ми треба веднаш, ќе ми го продадат станот! – продолжувам со голема молба во гласот.

– Ви реков, по една недела, – решително пресече.

Се обидувам да и објаснам, но ни малку не ми помогнаа ни повторените молби. Се оддалечи од стаклото и воопшто не ми обрнуваше внимание.

Целата во очај шеткав во ходникот. Тогаш наиде една моја многу добра пријателка, душа од човек. и кажувам дека се работи за безизлезна ситуација.

– Чекај, не нервирај се, сега ќе дојде една моја другарка, ја бидува за се. Дете од мајка ќе украде, нема да се сети. Оваа овде е безнадежен случај, – ме успокојуваше пријателката.

Спомнатата другарка брзо пристигна.

И се приближивме. Се запознав. Слаба, на триесетина години, жена со долга коса свиткана во плетенка и свртена околу главата. Штом разбра за што се работи, ми рече:

– Оди земи 100 грама кафе.

Купив. И го дадов. Ја зеде и белешката со бројчето.

– Чекајте ме тука, – рече.

Од местото каде што стоевме, можевме да видиме и да слушнеме доста. Не застана кај шалтерот, туку веднаш влезе во собата, и го даде кафето и почна да ја прегрнува. Службеничката стоеше под зачудена. Слушаме:

– Мила моја, од кога не сме се виделе. Да беше отидена во Америка, побрзо ќе те видев. Но, да не се чудиш. Ти не, ама јас бев во Америка. Цела година. Со една фолклорна група. Леле, како сум поминала. Туку, чекај, да не заборавам. Една моја бртучетка купила стан, заглавила со термини, па итно и треба потврда за данокот од кај тебе. Ќе и го земат станот. Срцка, знам дека имаш да издаваш по триста потврди дневно. Затоа, дај го формуларот, јас ќе го заверам. Знам дека имаш работа, преку глава, а сите сакаат брзо.

Службеничката, која уште не беше освестена од каде се познава со оваа жена, а и беше срам да ја праша, се разбира, самата го завери формуларот. Пријателката го зеде, се поздрави набрзина и рече дека пак ќе наврати, убаво да си позборуваат, и истрча кон нас, а ние пред неа истрчавме на улица.

По извесно време доаѓам во Охрид, и тоа право во Судот. Службеничката на приемното одделение во Судот пак ми вели дека потпретседателот уште е многу зафатен и дека не знае кога ќе бидат документите готови за заверување. По изразот на нејзиното лице и по тонот со кој ми одговори, осетив едвај прикривано непријателство, или барем така ми се стори. Побеснев и решив веднаш да одам кај потпретседателот. Знаев дека не му е приемен ден. Претходно се информирав како се вика, колку години има и кога дипломирал на Правниот факултет во Скопје. Не бевме иста генерација, но сигурно сме се сретнувале низ факултетот. Сме дипломирале приближно во исто време, со тоа што јас паузирав скоро две години, така што ме стигнаа две генерации, по време на студирање, но не и по возраст.

Брзо ја пронајдов неговата канцеларија. Секретарка немаше. Тоа ја поедностави работата. Слушнав дека има луѓе кај него. Тропнав и влегов. Седеше на фотељата зад бирото. Веднаш му се обратив:

– Здраво, колега. Многу години не сме се виделе, можеби од дипломирањето... но, ти не си се изменил, веднаш те познав. Еве да те потсетам, – му го кажав моето име и презиме.

Тој стана и љубезно се поздрави со мене. Не ми стана јасно дали ме препозна.

Јас му помогнав, со тоа што го потсетив:

– Ние бевме помалку студентки тогаш, во однос на вас машките, но јас на тебе добро се сеќавам.

– Ма се разбира, и јас на тебе, – рече и извади чашка од шкафот да ми тури виски, кој веќе го пиеја со двајцата гости. Луѓето

кои очигледно му беа во пријателска посета, наскоро заминаа. Останавме ние двајцата, па продолживме да разговараме. За факултетот, за годините потоа. Во тоа добро расположение, се обидував да насетам дали тој навистина се сети на мене од студентските години, но тоа сега веќе не беше важно. Му кажав за тоа дека купив мала куќа од една жена, веднаш крај езерото и дека ги поднесов документите за заверка, тука кај нив во Судот, скоро пред еден месец. Тој се зачуди зошто уште службеничката не ги доставила документите кај него. Му реков дека жената што ми ја продаде куќата живее во Белград и треба специјално за заверката да дојде со авион, односно дека не може да остане повеќе од еден ден, затоа што е во работен однос. Го замолив, ако може да се прецизира денот и терминот на потпишувањето.

Изгледаше дека му е мило што од оваа своја не мала функција може да ми услужи, како на своја колешка. На негов предлог, веднаш слеговме заедно кај службеничката. Ги побара од неа документите, укорувајќи ја зошто не му ги доставила толку долго време.

Таа беше изненадена што се појавив одеднаш кај неа во придружба на потпретседателот, но не се збуни.

– Ми се затурија некаде, – рече таа веднаш, како да го имаше веќе подготвено тоа оправдување. Колегата дури тогаш се налути.

Таа се обиде да претстави дека и сега, во овој момент, не може да ги најде документите. Стоевме и ја чекавме.

– Кога ќе ги најдам, ќе ви ги донесам, – рече, дури како со лутина во гласот.

– Не, сега да ги најдеш, – настојуваше потпретседателот.

Ми се стори дека и тој насети во сето ова некоја не чесна работа.

Чекавме, стоејќи на нозе. Таа виде дека нема како повеќе да одлага, ги извади и му ги подаде, целата вцрвенета во лицето. Тој приседна и на лице место ги прегледа.

– Се да ти биде подготвено за потпишување до задутре во 11 часот! – строго и рече.

– Ама знаете колку многу предмети имам..., – се обиде пак службеничката.

– Знам, но документите се предадени пред цел месец, – пресече тој.

Излеговме во ходникот.

– Слободно телефонирај и на белграѓанката нека дојде. Ве чекам задутре во 11 часот кај мене в канцеларија, – срдечно се поздрави со мене. Јас му се заблагодарив и заминав брзо по скалите. Бев среќна... Тој не е во мрежата! Да се молам до задутре да не го фатат во неа!

Се јавив во Белград. Милена веднаш прифати. Таа прекрасната Милена.

Веднаш утредента, еден ден пред договорениот термин, долета со авион. Вечерта ќе преспие во Охрид, за да сме сигурни дека ќе бидеме точно навреме кај потпретседателот. Подобро никој да не разбере дека дошла. Нема да излегуваме никаде. Барем не, додека не се завери договорот во интабулационата книга. Никој, дури ни најдобрите пријатели! Довербата ја бев изгубила во сите.

Следниот ден, во закажаниот термин, бевме кај потпретседателот. Тој срдечно не пречека. Не го криеше задоволството што ќе ја заврши работата, ете, за мене, неговата колешка од факултетот.

По испиеното кафе, слеговме заедно кај службеничката. Кога тој и ги побара документите, дрско му одговори дека уште не се готови. Тој наредбодавно и рече дека ќе почекаме тука, и

веднаш од соседната канцеларија, на негово барање, донесоја три столици на кои сите тројца седнавме.

– Ама зошто, штом ќе бидам готова со заверување на документите, ќе ве повикам, – реагираше таа.

Потпретседателот изгледа се увери дека се работи за заткулисна игра, целиот вцрвенет во лицето од непочитувањето кон него како претпоставен, посебно пред мене и пред гостинката од Белград, рече:

– Не, тука ќе почекаме! – но со тон во кој се почувствува и закана. – Странката е од Белград. Мора да замине веднаш со авион.

Седевме тука, заедно со него, десетина минути. Службеничката ги заведе документите. Тој и ние потоа, како што бараа прописите, се потпишавме и на документите и во големата книга со дебели корици. Се ставија и печатите.

Пред да излеземе, службеничката рече:

– Завереният договор ќе ви биде готов по една недела.

– Најмногу по еден час, дојдете да го земете договорот, – ни рече потпретседателот, а потоа обраќајќи и се на службеничката, и нареди – до тогаш да го изготвите, бидејќи странките треба лично да го подигнат, а тие не живеат тука, како што веќе, се надевам, разбравте!

Сето ова беше речено со високо подигнат тон. Се поздравивме со колегата. Се договоривме да се видиме по еден час кај него во канцеларијата.

Во договореното време, тропнавме на вратата на неговата канцеларија, со заверените договори в раце, кои во моментот кога ни ги предаваше службеничката, имавме чувство дека има желба и физички да не нападне. Кога видов дека потпретседателот е сам, го извадив скриеното шише виски од чантата и побарав чаши, да го прославиме дефинитивното

озаконување на нашиот „историски“ договор, за купената од мене полусрушена куќа од шеесет квадрати, изградена пред стотина години!

Колегата се побуни:

– Зошто ви било потребно да купувате пијалак? Јас ќе ве почестам, имам тука по некое шише.

– Не, редно е ние да честиме. Ова не е мала работа, – рековме ние во еден глас.

Шишето тој го отвори. Испивме по една чашка и заминавме, срдечно поздравувајќи се со тој, доследен на својот збор, мој колега.

Излеговме надвор од оваа зграда во која се дели правда, се скусуваат и продолжуваат животи, зависно од тоа дали е пресудено праведно или надвор од законските права, не ретко спротивно на нив, се решаваат човечки судбини, понекогаш се пресудуваат до апсурд невистинити работи. Зграда во која плачат или се радуваат луѓето кои дошле да ги бараат своите права, во зависност од совеста на тој што пресудува. Какви ли треба да бидат луѓето кои ја делат правдата? Одговорот на ова прашање содржи многу својства, пред се многу од нив што ќе ги одделуваат од другите луѓе, во позитивна смисла. Можеби најмногу од се, да се биде човек... поголем од другите! Колку од овие пресудувачи се такви?!

Кога излеговме од зградата, со Милена силно се прегрнавме. Сега можеме слободно да прошетаме низ градот. Не ни можат веќе ништо тие од мрежата на црниот пајак.

На прашањето зошто е дојдена, бидејќи не е лет на сезона, Милена, со целиот нејзин природен хумор и ведар дух, на некои од соседите им одговараше – така, од ќеф, на други – ме повика швалерот и слично.

Кога седнавме да ручаме во најблискиот ресто ран, Милена рече:

– Боже, драга другарице, откако ја купи куќата од мене, се што правиме во врска со неа е како да е за време на воената окупација од 1941. Дури ни за ова денес, за овој убав настан, не треба да знае никој. На што личат некои од овие луѓе овде?! Дали постои некое скриено зло што ги обединува? Просто, како некоја завера на злите духови!

– Ајде Милена, да не си го расипуваме овој прекрасен ден. Гледаш дека се наоѓа и по некој добар човек. Ако немаше такви ние денес не ќе се девме овде.

– Така е. Имаш право. За среќа, за убаво, – ги кренавме чашите и наздравивме.

Подоцна ја испратив на аеродромот. Ми беше жал што не е почесто тука. Да се дружиме.

Одев по улица пресрекна. Ми доаѓаше на сите да им раскажам дека сепак правдата победи. Но, си молчев. Не знаев колку од нив, од моите соседи, од моите познати, ќе се радуваат заедно со мене. Не верував дека е голем бројот. Зошто таа завист? И на што? Илјадници од луѓето изградија огромни куќи, цели палати! Си мислев, љубоморат на езерото. Неговата близина. И можеби имаа право. Таа чудесија од убавина, денонокно пред мене, до мене...

Тоа езеро во мене, во душата, и на сон и на јаве...

Конечно, без судења и судови, без туркање на sидови, без проблем за вода, одвод, струја. Летување на повеќе генерации во таа мала куќа. Многу луѓе, многу средби. Децата подрастеа. Дојдоа и внуци.

Но... дојде и болест. Кај сопругот. Болест неколку години, која и при сите лекари и сите лекови не поминуваше. И не помина...

Како понатаму?...

...Веќе неколку години сама со децата, со внуците. Не беше лесно, но во тоа никој ништо не може да измени, да врати...

Куќата е влезена во планот со можност за надградба два ката. Но кој ќе гради, со што? Пари – една цела плата помалку. Неговата. Позајмици, кредити...

Бев излегла в град да купам некои намирници за дома. Влегувајќи во првата поголема продавница се сретнав со еден пријател, кој ги знаеше сите мои маки во врска со купената куќа во Охрид.

–И што реши – ќе градиш или се откажа? Кај би се откажала ти, и да видам не верувам, – ме праша тој, и сам си одговори на прашањето.

– Имаш ли најдено мајстори? – додаде.

– Чекај, има уште половина година за мислење, да собереме малку пари, – реков со смеење.

– Каква ти уште половина, сменета е одлуката од страна на Собранието. Од денот на добивање на дозвола за градба мораш да почнеш да градиш во рок од половина, а не на цела година,

како што беше порано. И колку што се сеќавам на деновите кога ти ја доби дозволата, овие денови ти истекува рокот.

– Вистина, или се шегуваш за да ме исплашиш?! – реагирав со смеење...

– Не бре, Виолета, не би се шегувал со таква работа.

Се откажав од купувањето на намирниците и со брзи чекори тргнав кон дома, скоро и да не се поздравив со пријателот. Ми трепереа рацете кога ја отворив дозволата. Имал право! Каква среќа што го сретнав! Но истовремено ме опфати чувство на безнадежност. Би било вистинска авантура да се почне градба на куќа со позајмени пари. Од друга страна, зарем ќе дозволам да пропадне дозволата за градба, која толку макотрпно беше добиена?

По еден час потоа заминав кај сестра ми и зетот да се посоветувам. Мајсторите што ја градеа неговата викенд-куќа уште не си беа отидени. Работеа. Веќе беше направена првата плоча и ставаа столбови за следната. Во населбата Лагадин кај што се градеше куќата имаше веќе изградено стотици куќи и беше една од најубавите населби во непосредна близина на градот.

Уште од врата кога ме виде сестра ми, сфати дека сум многу загрижена и веднаш ме праша да не има некој проблем. Набрзо дојде и зет ми. Им кажав за тоа што го разбрав во врска со градбата на мојата куќа. И двајцата многу се загрижија.

Знаев дека и тие едвај присобраа пари, и гледаа до некаде да дојдат со градењето, барем до покривот.

– Немој да се секираш, – рече сестра ми, нешто ќе смислиме. Како порано не разбравме!

Ручавме и си тргнав со локален автобус кон Охрид. Не ми се веруваше дека на толку маки што видов да дојдам до таа дозвола, сега може да го изгубам тоа право за градење. Дури има опасност од овие вакви органи во Општината никогаш

повеќе да не го добијам. Се чувствував беспомошна. Со такво чувство стигнав дома и со такво – сум заспала.

Утредента се бев разбудила многу рано со тешка главоболка. Уште нерасонета, слушнав дека некое возило застана пред влезната врата на куќа та. Погледнав низ прозорецот. Од бело комбе излегоа тројца луѓе во работни алишта. Ми заличеа на работниците што ја sидаа куќата на сестра ми и зет ми. Веднаш потоа од колата што застана зад комбето, излегоа и сестра ми и зет ми.

– Виолета, отвори ја вратата и стави пет кафиња да се варат, – свика весело зетот.

Не знаев дали сонувам или сето тоа е вистина. Но откако влегоа во куќата, збунето реков:

– Што е оваа работа?

– Не прашувај многу. Со сестра ти решивме, работниците некое време да ги префрлиме тука да работат, да се стават темелите, па после ќе гледаме, ќе правиме. Не смее да пропадне дозволата. Еве и пари за почеток.

Парите ми ги пикна во раката.

Солзи ми потекоа. Ги изгушкав и двајцата.

Набрзо дојде и еден голем камион, за кој со превозникот се договорил зетот, и, сите ствари од внатре од куќата за неколку часа беа извадени и натоварени на камионот.

– Ќе ги носиме во Лагадин, во гаражата, – ми рекоа сестра ми и зет ми. Потоа сестра ми влезе во колата и замина, а камионот по неа. Зетот остана да се договори со работниците. Тие веднаш се фатија за работа.

Така почна да се гради куќата.

Не ми се веруваше, првите пари – позајмица од сестрата и зетот. Иако и тие веќе градеа викендица во Лагадин и немаа доволно пари ни за неа. Но тие беа создадени да даваат, да помагаат. Тој, не само затоа што беше лекар, туку – и многу хуман човек, а сестра ми, и душата би си ја дала за да помогне секому, а камо ли мене. Да бевме близначки немаше да бидеме толку блиски. Тој се прерадува кога ја купивме оваа, иако мала куќа. Веднаш до неа, во големата двокатна куќа, која им припаѓаше на истите сопственици, бил интернат, каде живеел како ученик и тој и неговиот постар брат. А во оваа наша куќа била кујната на интернатот, каде се чувале прехрамбени продукти и се готвела храната за учениците и другите луѓе од персоналот. Тоа било во време на окупацијата, од страна на бугарските фашистички војски, во време на Втората светска војна.

Децата заминаа дома. Секој со своите работни обврски. Јас тукушто пензионирана. Од куќата натоварена на голем камион беше пренесена целата покуќнина во гаражата на куќата од сестра ми и зет ми во Лагадин. Беше празна.

Уште кога тргна камионот со покуќнината, љубопитните соседи се растрчаа да разберат дали не сме ја продале куќата, некои уплашени дека, ако се работи за такво нешто, како порано не разбрале?! Кој не би сакал да купи куќа со поглед кон езерото и во негова непосредна близина. Дури некои дојдоа и до вратата со директно прашање.

Посакував потврдно да одговорам, за да ја видам нивната реакција, но секако дека за тоа сега не беше тој момент. Ниту пак објаснував дека ќе ја градиме. Реков само дека генерално ќе ја реновираме.

За неколку дена мајсторите го отворија покривот, отстранувајќи ги новите ќерамиди, за кои бев платила не малку пари.

Почна копањето на темелите, но внатре, покрај постоечките ѕидови. Со Решението за надградба што ни го издаде Општината, бевме задолжени бетонските столбови да влезат во самите ѕидови на постоечката куќа, односно да бидат вметнати во нив. Тие беа со дебелина од 55 см, повеќе од половина метар, што овозможи така да се постапи.

Претпоставувам дека тоа беше смислена замка од една пакосна жена инженер, од која сите се жалеа, вработена во службата за градежништво во Охрид, а која го изготви решението. Таа се правеше да не добиеме решение за надградба. Не можеше да се помири со фактот дека началникот за градежништво во Општината, за да го поткрепи своето решение, неочекувано повика четворица други инженери од околните градови за членови на комисија, која на лице место требаше да ја оцени можноста за надградба. Комисијата едногласно, заедно со него, на записник ја даде согласноста.

Инженерката, која патем речено имаше нево обичаено црнтен, веројатно се надеваше дека, кога ќе ја почнеме градбата и ќе се обидеме бетонските столбови да ги вградуваме во постоечките ѕидови, тие ќе испопаѓаат. Но не и се оствари желбата. Дебелината на ѕидовите беше по повеќе од педесет сантиметри, а истовремено необично цврста, независно од материјалот од кој беа градени пред толку многу години.

Најпрвин се ископаа стопите, всушност лежиштата на бетонските столбови. Потоа местото за поврзните греди.

Се јави потреба за уште еден мајстор. Разбрав дека кај пазарот во Охрид чекаат невработени работници, да најдат било каква работа. Го прашав еден од постарите, заклучувајќи сама за себе

дека тој не би се нафатил за тешката физичка работа, мешањето на малтер со рака, и тоа неколку часа, па затоа него го прашав дали познава некој од неколкуминатa тука што стоеја кој би можел тоа да го работи. Ми го покажа дискретно со движење на главата, за да не му забележат другите, зошто баш него го избра. Кога му се приближив на работникот по име Борис, на кој ми укажа првиот кој го прашав, а и од него го разбрав името, откако му објаснив, веднаш тргна со мене. По патот до куќата се договоривме за износот на дневницата. Тој веднаш се вклучи во работата и јас бев среќна дека не се излажав. Навистина чесно си работеше.

Токму на Борис, новиот ангажиран работник, кој брзо се вклопи во групата градежни работници, му ја објаснив целата таа работа и му реков:

– Знаеш мачките како копаат со нокти, е сега ти пробај со било кое средство ископај по еден отвор во сите четири ѕида, по мерка што ќе ти ја каже мајсторот. Ни помалку ни повеќе. Гледај ѕидот да не мрдне. Посебна награда ќе добиеш за тоа.

И навистина. Така ни еден од ѕидовите не се помести, ниту отпадна делче од нив.

Оплатата за бетонските столбови беше внимателно сместувана во тие отвори. Исто така сместувањето на железните шипки, според пропишаните стандарди за градење, претходно врзувани со обрачи, беа вимателно поставени во таа оплата и веќе мораа да излезат над покривот, како и дел од претходно подготвената закована оплата. Кога беше направена подготовката за првите четири столба, мешавината од бетон и песок, пак со пропишан сооднос, се истураше од покривот во полутечна состојба и се оставаше да стои повеќе денови, да се стврдне. На соседите, очигледно, веќе им беше јасно дека се гради, па престанаа било што да прашаат.

Бидејќи градежниот инженер ангажиран за надзор на работата на работниците беше во работен однос, неговото присуство беше недоволно, јас бев принудена во дел од денот да ја следам работата на мајсторите. И набавувањето на потребните градежни материјали во голем дел остануваше моја обврска.

Ѕидањето на столбот во делот на куќата кој беше лепенка до големата зграда на истата сопственичка, Милена, знаев дека ќе оди потешко. Тој столб мораше да се изгради однадвор, бидејќи од внатрешната страна на ѕидот имаше изградено ВЦ, целото од камен, кое беше неопходно да служи и натаму. Кога еден од

мајсторите почна да копа за стопата на столбот од задната страна на нашата куќа, во нашиот заден двор, се зададоа со закани кон него сите тројца членови од семејството на соседот. Тој со тешки маки успеа да го заврши копањето. Потоа со итрина ја спушти однапред искованата оплата директно од покривот, во ископаната дупка за стопата, па на ист начин и арматурата, и на крајот од покривот ја тураше и бетонската смеса.

За бетонскиот столб кој се поставуваше од десната страна на таа просторија, чиј ѕид беше паралелен со ѕидот на куќата на соседот, одеше полесно, бидејќи се ѕидаше како и другите останати, со вкопување во ѕидот, од внатрешноста на собата. Набрзо се направија и поврзните греди.

Истата таа инженерка, дури и откако ја изградија куќата и живееја неколку години во неа, се обиде да ја елиминира како постоечка во еден од наредните урбанистички планови за нивната Урбана 2, кој се работеше во фирма во Гостивар?! – Замислете, Планот на крајбрежјето на Охрид – во Гостивар! Зошто баш таму?!

За среќа Виолета разбра дека јавно ќе биде изложен Нацртот на новиот Предлог-план во Општината. Исто така, дека ќе има и јавна расправа. Како да имаше претчувство, зеде неколку фотографии од куќата и целата документација во врска со нејзината градба. Заедно со еден нејзин сосед отидоа во салата за јавна расправа. Таа претходно со неверување виде дека нејзината куќа не е нацртана во Планот, што беше изложен во ходникот. Само што влегоа во просторијата каде што ќе се водеше расправата, ја здогледа истата инженерка, седната на столица до масата. Таа ја отвори расправата, а покрај неа, како што и кажа соседот, стоеше овластениот инженер од Гостивар, кој требаше да објаснува одредени измени во Планот и да одговара на прашања од присутните граѓани.

Во првите кои поставуваа прашања беше и Виолета. Таа веднаш излезе со фотографијата на нејзината куќа, покажувајќи ја пред сите присутни и рече дека претходно,

на изложениот Предлогнацрт план во ходникот, видела дека ја нема нејзината куќа, и дека не верува оти случајно е пропуштена.

– Оваа моја куќа ја изградив со уредни документи, односно решение за дозвола за градба и со платени сите потребни комуналии, што евеги тука, ги донесов, – рече Виолета.

Инженерот се сврте назад и се обиде да ја најде нејзината трокатна куќа на закачениот на ѕидот зад него Предлог-план. Кога виде дека ја нема, се обрати кон инженерката. Таа се направи како да не знае како дошло до тоа, па едвај изусти дека сигурно е направен некој превид. Инженерот ја успокојуваше Виолета, велејќи дека веднаш грешката ќе се исправи и и се извинуваше. Лицето на инженерката природно беше толку црно, што и да поцрвенеше немаше да се забележи. Но таа немаше ни малку совест, ни малку срам, што и да беше сосем бело, на него црвенило немаше да се појави.

Наскоро Виолета се увери дека куќата се врати на своето место во Планот, во контакт лично со инженерот од Гостивар. Извесно време се колебаше дали да истражува кој и поради што, односно со што беше поткупен да го направи тоа скандалозно дело, но се откажа. Тоа беше и нејзин последен контакт со оваа жена, чија злоба не можеа да ја скријат ни нејзините шарени очи.

...Во куќата веќе не можеше да се престојува. Секоја вечер, откако ќе заминеа мајсторите, одев на спиење кај блиските пријатели, кај кои се осеќав како дома. Нивното гостопримство и пред се големо пријателство, ме топлеше и ме храбреше во сите овие неверојатни, дури и за мене самата, зафати. Кога дојдоа постудени денови, секогаш ме дочекуваа со топла соба и не ретко топло јадење.

Дојде денот и за поставување на првата плоча. Тој ден сите се чувствувавме посебно возбудени. Главниот мајстор повика многу искусен армирач од блиското село, за поставување на арматурата за плочата. Набрзо како со разбој да се исткаја тепих од метални шипки. Не можев да и се изнагледам на вештината на неговите раце.

За истурање на бетонот за плочата мајсторот повика уште неколку работници. Бетонот се мешаше во полутечна смеса, се полнеше во железни колички и по даските што беа поставени косо од земјата се носеше до таму каде што требаше да биде поставена плочата и се истураше врз оплатата од заковани даски врз кои се наредија железните шипки. Таму горе двајца од работниците со даски ја рамнеа истурената бетонска маса. За неколку часа сè беше готово. Го направивме и обичајот да се постават маси и да се даде ручек, пред сè, на мајсторите. Во подготвувањето на оваа, посебно за мене и за целото семејство вистинска свеченост, многу ни помогнаа и најблиските многугодишни пријатели на мојот син, кои живееја во Охрид. Тие беа секогаш тука со својот добар збор и совет и практична помош.

За да биде добра плочата, требаше да стои со целата оплата и потпори извесно време и да се полева со вода, да не испука бетонот.

Но, поминаа петнаесет дена, а од мајсторите ни трага ни глас. Не доаѓаа ниту на градбата во Лагадин кај сестра ми и зетот. Сите обиди да ги добиеме по телефон останаа без успех.

Тогаш еден пријател му кажа на зетот дека работат на куќата на еден иселеник во Австралија во едно од блиските села. Со кола отидовме во селото, ја најдовме куќата, и кога се приближивме и излеговме од колата, брзо слегоја од градбата и дотрчаа, видливо посрамотени. Најстариот мајстор се обиде да се оправда и да му објасни на зет ми дека многу ги молел сопственикот на куќата бидејќи ќе заминувал во Австралија, па гледал да ја заврши куќата пред да отпатува.

– А да си признаеме, и добро ќе ни плати, – на крајот рече мајсторот.

На зетот му помина малку лутината и му одговори:

– Ако ми се јавевте и ако ми кажевте за целава оваа работа, јас сам ќе ве пуштев, ќе ви дадев согласност. А не да ме оставите да висам секој ден на врата, да ве чекам, па дури и по телефон да не се јавувате.

– Е, за тоа, криви сме, газда.

– Колку дена уште имате овде работа?

– Уште една недела.

– Значи, да ве чекам, сигурно доаѓате.

– Повеќе од сигурно.

По една недела од таа средба дојдоа кај мене да ги доземат парите што им ги должев и да ги извадат даските и потпорите на плочата. Кажаа де а ќе продолжат да работат кај зет ми и сестра ми во Лагадин, додека да се покрие куќата, но не можат да ми ветат дека ќе продолжат со работа и кај мене, потоа. Синовите наводно настојувале да одат да работат сите тројца во странство.

Најважното заврши. Градењето на куќата тргна. Но што натаму? Да се продолжи и како да се продолжи?

Да прекинеме со градбата?! Но, куќата ти била нешто само по себе голема обврска. Кога ќе почнеш да ја градиш, како таа да те зема во своја власт, те врзува и не те припушта дури не ја доградиш. Така се градеше со пари за кои плаќавме огромни камати, со кредити, но не се откажавме. Ја покривме. Куќата имаше покрив. Имаше и врати и прозорци. Задолжувањето на семејството ги надмина сите реални можности. Синот и ќерката, покрај редовната работа, работеа и дење и ноќе, а нивниот труд, иако во областа на културната сфера, беше макотрпен.

Бидејќи претходните мајстори дефинитивно ми откажаа, најдов друга група – татко и три сина. Во тоа време, пред дваесетина години, не беше лесно да се најдат добро обучени мајстори. Тоа најчесто беа луѓе кои од генерација во генерација го наследувале градежниот занает, па го научувале кој колку можел. Повеќето од нив, луѓе од селата. Мајсторот се договори со мене да продолжи со градбата и на лист хартија потпишавме колку пари ќе треба да му платам за да го изградат другиот кат со бетонските столбови и втората плоча. Тој предложи паралелно да се sидаат и sидовите. Ми напиша кој материјал да го набавам и колку. Бидејќи веќе ги знаев повеќето од стовариштата за градежен материјал, тоа не ми беше тешко. Купената роба ја носеа до куќата и ја истоваруваа.

Уште при sидањето на првиот sид, кој беше долг единаесет метри, бев задоволна од работата на мајсторот. Откако ќе соsидаше неколку реда од циглите по целата должина, излегуваше надвор да види дали е добро тоа што го сработил.

Секој ден работеше скоро цело време со едниот син, кој не беше полнолетен. Тој ги носеше тешките цигли, по една од левата и десната мишка до првиот кат, качувајќи се по провизорно исковананата дрвена скала. Јас го укорував татко му дека тоа е претешко за момчето, но тој само кратко одговараше:

– Нека се учи. Да види како се заработува лебот.

Циглите ги имав купено, прва класа, од едно стовариште каде што го набавував скоро целиот градежен материјал. Сопственикот толку стекна до верба во мене, што не ретко ми даваше и на почек, а ми даваше и најквалитетни материјали. Можеби ме сожалуваше како жена што сама сум се зафатила со таква макотрпна работа.

Градењето на столбовите веќе одеше полесно, бидејќи се надоврзуваа на претходните, и соседите не можеа да ни прават пречки. Кога и тие беа готови и помина потребното време да се исуши бетонот истурен во нив, мајсторот почна да го зида и предниот ѕид, со поглед кон езерото. Тоа беше покомплицирано, бидејќи поголемиот дел од ѕидот беше планирано да биде од дрвени рамови и стакло, а на делот од влезната врата да се остави отвор за прозорец, како и на ѕидот од бочната страна на зградата, од кој прозорец ќе има поглед кон малата улица.

Откако сето тоа беше завршено, мајсторот најави дека по три дена ќе ја прави втората плоча. Јас, кога ги постави потпорите за плочата и искова даски, како подготовка за армирање, му кажав дека ќе го повикам истиот тој армирач, кој работеше на армирање на првата плоча. На тоа мајсторот не реагираше сосем отворено, но изрази некое незадоволство, како да сметаше дека сам може да ја заврши таа работа. Но јас со тоа не се согласив, само му реков дека сама ќе го платам армирачот, и на тоа заврши разговорот.

Отидов во селото каде живееше армирачот и го убедив да дојде да работи и на оваа, вторава плоча. Тој, иако се колебаше, дојде, и пак бев спокојна во врска со армирањето.

Дојде и денот за поставување на плочата. Со моето неискуство, не можев да оценам колку мајсторот е подготвен за оваа не лесна работа. Но тој искористи една огромна талпа, што јас ја имав купено порано, на барање на претходните мајстори, ја прицврсти и на неа постави макара по која ќе врви сајла, на која ќе се врзува железна количка. Таа претходно ќе ја полнат работниците со смесата од цемент, веќе подготвена во мешалицата, што веќе ја имаше донесено со комбе. Потоа ќе се крева и ќе се истура врз арматурата. Таа дигалка што ја движеше сајлата работеше на струја, колку што разбрав.

Синот на мајсторот и уште еден работник стоеја долу покрај електричната мешалица. Ја полнеа со потребниот песок и цемент, и кога ќе беше смесата готова ја полнеа количката, ја врзуваа со јажето на кое имаше прицврстено даска како подлога за количката. Таа ја пречекуваше мајсторот и ја истураше на местото, каде полека се формираше плочата. Но не помина многу време, нешто во апаратурата горе куршлузираше и работата мораше да прекине. Некој дел однесоа на поправка, па по извесно време го вратија и продолжи работата.

Облачноста на небото стануваше се поголема.

Почна да врне. Набрзо се јавија и грмежи. Дождот стануваше се посилен. На моменти, како да паѓаа и громови во непосредна близина. Мајсторите искиснаа до гола кожа. По такво невреме истрчав кон една од комшиките, во дуќанчето што се наоѓаше наблизу.

– Цвета, – реков, – се става плоча на куќата, мајсториве искиснаа до гола кожа. Да не имаш некоја празна од

најлонските големи вреќи, па да исечеме отвори колку да спровнат глава и да извадат раце, те молам. Гревота се луѓето.

Цвета, добродушната моја комшика и пријателка, крена раменици и рече:

– Барем една нема празна.

Со трчање по невремето се вратив до куќата. И поради тоа и поради опасноста од громови го убедував мајсторот да прекинат со работа, на кое тој дури грубо ми одговори дека е непишан закон, кога се поставува плоча, не смее да се прекине со работата.

Не поминаа ни петнаесетина минути, еве ти ја Цвета дотрча, носејќи три големи вреќи, веќе беше ги пресекла како што реков јас кога бев кај неа им ги подадовме на мајсторите, каква-таква заштита.

– Не бев мирна откако дојде. Си мислев што ќе прави кутра жена по ова време, кај ќе бара најлонски ќеси, па изнајдов празни кутии и помали кеси, ја испретурив робата, се снајдов некако, а еве донесов и помали ќеси за на главите.

Ја испрегрнав Цвета и чувствував дека се додека има вакви добри луѓе, човек не останува сам.

Откако замина Цвета, уште повеќе се зголеми па ѓањето на громови, или мене така ми се чинеше, но мајсторот не ме слушаше кога настојував да ја прекинат работата, дури викаше дека ова е добро за самата плоча, која требаше да стои водена некое време, пред да се извади оплатата и потпорите, а и после секојдневно треба да се потура со вода. Не само што јас се плашев, туку постоеше реална опасност по животот на тие луѓе.

Не беше уште престанал дождот кога заминаа мајсторите. Во тоа малку време додека ја заклучив влезната врата и портата во дворот, толку силно заврна, што едвај успеав да истрчам до блискиот ресторан. Буквално влетав внатре, а од моето палто и коса течеше толку вода, како да сум пропаднала во езерото со се алишта и кондури. Кога ме виде сопственичката на ресторанот Рада, се растрча околу мене, викајќи:

– Леле жено, леле комшике, ќе се разболиш. Веднаш слекувај го палтото и фрли го на радијаторот, вади ги кондурите, чорапите и стапни боса на мермерот, оздола е пуштено парното, топол е.

Грабна две големи крпи, ми ја бришеше косата и ми ја триеше главата да ми се затопли. Потоа со сува крпа ми ја завитка главата. Некако си дојдов на себеси. Се приближи и Бранко, нејзиниот сопруг. И тој ме искара но, и самиот градежник, знаеше какви се непредвидливи работи се случуваат кога се гради куќа. Брзо потоа, откако им кажал на келнерите, тие сваријa чај... Па уште еден. Останав тука до доцните часови, и пред да затворат, веќе со исушените алишта и кондури, со такси заминав кај пријателите каде што спиев. И таму, иако доцна, и тие мои драги луѓе ме дочекаа будни и во затоплена соба.

Како би можела да ја заборавам добрината на овие луѓе, од овие мои блиски семејства... Ме топлеше, не само тоа што ми помогнаа да исушам се што беше водено на мене, ме стоплија, а другите ме дочекаа на нозе, загрижени зошто уште ме нема во ова невреме, но повеќе од се ме топлеше нивната добрина, нивната човештина. Јас нив не одамна ги запознав, но брзо ме приближи кон нив нивната племенитост, што зрачеше од нивните очи, од секое делче на нивното лице. Нивната работливост, нивната неуморност во работењето, нивната љубов кон работата што ја работеа, ме исполнуваше со почит кон нив.

Бранко и Рада ја беа купиле една од најстарите турски куќи покрај езерото. Таа целата беше од до трајано дрво и во неа немаше живеано од поранешните сопственици никој, најмалку четириесетина години. Сопственичките, три сестри, кои од родителите ја наследиле куќата, се омажиле, сите три во далечни држави, и така куќата пропаѓала, а тие и не мислеле дека може да се продаде. Еден роднина што го овластиле за евентуалното продавање на куќата не им помагал во таа работа.

Бранко и Рада од најмлади години заминале во туѓина, барајќи подобар живот, за кој во родното село немале услови. Со макотрпна, често и тешка физичка работа, успеале да заработат и да заштедат извесна сума пари. Потоа почнале да работат во угостителството. Купувајќи не голем ресторант во крајбрежно туристичко место, привлекле доста муштерии. Работата добро им тргнала. Но, со три деца, кои веќе сакале да ги школуваат, и постојаната носталгија по родното место, во едно од доаѓањата да ги посетат своите родители, разбрале дека се продава стара куќа, покрај езерото, во Охрид. Некој пријател ги посоветувал да не му се обраќаат на роднината, кој божемно сака куќата да се продаде, туку да се информираат како да дојдат во директен контакт со сопственичките. Во тоа и успеале. Преку адвокат ја договориле цената, договорот преку полномошно бил потпишан, парите исплатени преку банка и куќата станала нивна сопственост. Тогаш дошле кај роднината на поранешните сопственички да ги земат клучевите од куќата. Тој не им поверувал, мислел дека се некои измамници.

Кога ги видел сите веродостојни документи, тој морал да им ги даде клучевите од куќата, односно да ги пушти во неа.

Куќата беше уште постара од мојата. Но не знаев дека зад таа стара куќа има голем двор, а и предниот двор не беше мал.

Бидејќи беше само на неколку стотини метри подалеку од мојата куќа, и исто така близу до езерото, често поминував крај неа.

Веднаш до дрвената куќа се наоѓаше цврсто градена двокатна куќа, на аголот каде се поминуваше кон улицата по која се одвиваше сообраќајот, кон центарот на градот. Приземјето на куќата беше обложено со камен. Во неа живееше една возрасна жена, а нејзините две сестри беа мажени со Срби и живееја во Белград. Оваа жена, после претрпена тешка сообраќајка, делуваше во извесна мера како непресметлива. Но никогаш никој не беше сигурен дали таа се преправа, за да ги користи паричните средства за инвалидитетот. Во различни ситуации оставаше различен впечаток. Убаво се облекуваше, дури и со скапа облека, правеше фризури кај најскапите фризери, ја посетуваа различни луѓе. Дури успеа и да се омажи за еден воен пензионер.

Нејзините сестри со семејствата доаѓаа во летните месеци на одмор, бидејќи куќата што беа ја наследиле од родителите, со меѓусебен договор, им беше поделена на три сопственички делови, еден вид како еднособи станови.

Новите соседи го изменија целиот нејзин живот, бидејќи во меѓувреме беше починал и мажот и, и беше пак сама во таа голема двокатна куќа.

Откако разбрав за новите сопственици на старата дрвена куќа, Бранко и Рада, поминувајќи по неколку дена покрај неа, забележав дека целата беше обоена со дебел слој мрсна кафена и темнозелена боја. Наскоро малото куќарче од камен, кое постоеше на предниот дел од дворот, се видоизмени. На предниот негов дел беше поставено стакло со дрвени рамови и тоа беше набрзо оспособено за подготвување и продавање на сендвичи. Толку многу заинтересирани млади луѓе се јавија да ги купуваат, така што мајката и двете ќерки не можеа да престасаат да ги услужат. Набрзо во продавничето вниманието на минувачите, посебно на децата, го привлекоа и сладоледи, со најразлични бои и вкусови.

Веднаш потоа дворот беше покриен со големи плочи и околу плочите во големи саксии најразнобојни цвеќиња. Набргу на него беа распоредени маси и столици. Почна да се служи кафе, сокови, пијалоци. По некој ден забележав тенка декоративна настрешница од платно, за да штити од сонцето, кое во летните месеци премногу силно грееше. Кој не би сакал да се освежи, тука покрај самото езеро, да приседне на кафе и ладни сокови и пијалок.

Секојдневно, се повеќе се уверував дека ова семејство живее во вистинска хармонија и совршена организација. Дури и за најмалото осумгодишно синче имаше работа. Ги собираше чашите и чиничињата од масите и ги забришуваше, внимателно и педантно, масите. Еден ден, пиејќи кафе во ресторанот кога го пофалив, малиот ми кажа дека за оваа работа добива и хонорар од родителите. Имав резерва за овој третман на децата од родителите, бидејќи сите беа ученици, но кога разбрав дека сите три се истовремено и одлични ученици, го сменив тоа мое мислење.

Постепено во ова кафуле, кое очигледно прераснуваше во ресторант, почна да се служи и храна. Тоа привлече уште повеќе луѓе и во текот на целиот ден и до доцните вечерни часови. Се вработија неколку келнери, готвачи, хигиеничари, сметководители. Со квалитетот на тоа што тука се подготвуваше, и како се послужуваше, стана едно од најпривлечните места во градот.

Децата веќе поминуваа во повисоките класови на школувањето, требаше повеќе да се учи. Но бидејќи секојдневно се подобруваше материјалната состојба на родителите, тие беа ослободувани од обврските дома, освен ако и самите не сакаа да помогнат во слободното време.

Дојде и времето кога двете девојчиња заминаа на студии, едната во странство, другата во Скопје. Остана синот, кој беше ученик.

Во тој период им помогнаа и некои крупни настани, нешто што подолго време се насетуваше, посебно по смртта на претседателот на државата, Тито. Се распадна државата Југославија на деловите што ја сочинуваа. Најпрво се одделија двете најсеверни републики, Хрватска и Словенија. И како по инерција, сите останати. Некои на мирен начин, некои со вооружена меѓусебна борба, со жртви. На крај, за наша среќа, без воен судир со било која од републиките и покраините, и нашата држава Македонија стана посебна самостојна република. Тоа се оствари на мирен начин, со изразена слободна волја на граѓаните на референдум. Киро Глигоров, кој беше во врвовите на власта на ниво на Југославија, даде голем придонес да не дојде до крвопролевање, туку осамостојувањето да заврши со договор. Се измести многу крупни нешта во нашите животи. Се постави граници меѓу новите мали држави, што порано ги немаше.

При првата можност слободно да се патува, до патуваа од Србија двете сестри на сосетката на новите сопственици на старата куќа. Тие се исплашија од новите граници меѓу Србија и Македонија и опасноста во иднина да се загуби можноста за користење на нивната куќа, па дури и сопственоста. А и воопшто за преминување на границите. При тоа доаѓање едната од нив му го продаде својот дел, апартман од куќата, на Бранко. Токму тој, со прозорците од кои имаше поглед кон езерото.

Не помина многу време, Бранко и Рада, од апартманот, кој очигледно не беше мал, со преградување оспособија неколку помали апартманчиња и почнаа да ги издаваат на туристи. Претежно странци.

Како што можеше и да се очекува, наскоро и втората сестра, која живееше во Белград, им го продаде својот дел, апартман, на Бранко и Рада. Така тие станаа сопственици на двата дела од

таа куќа. И тој дел беше преадаптиран за издавање. Остана само Фиме во својот апартман, во третината од куќата, кој имаше посебен влез од другата улица, што не минуваше покрај езерото.

Со осамостојувањето на Македонија како посебна држава, со свои граници, сестрата која остана и натаму да живее во куќата се почувствува уште повеќе сама, понезаштитена и новите соседи и станаа второ семејство. Посебно што и здравјето со стареењето и попушташе. Добро и дојде и редовната исхрана во ресторанот, така да се каже во нејзиниот двор. Така и поминуваа неколкуте години пред крајот на животот. По нејзината смрт, наследниците им го продадоа на Бранко и Рада и третиот апартман од куќата.

Дури не беше и за верување дека така ќе се сложат коцките на животните судбини на овие семејства.

Влегувањето во ризици во животот некогаш може да биде исплатливо и да ти се врати со голема повратна добивка. Некогаш може многу да загубиеш. Но паметната инвестиција која ја направи семејството на Бранко и Рада, сметајќи на сопствената умешност, креативност, а пред се неуморна енергија, придонесоа на брегот на езерото, каде се наоѓаа старата и поновата куќа, да изградат огромен трикатен хотел со ресторант.

Сите деца им завршија факултети, со посебни професии што си ги одбраа, но се уште им помагаат на родителите, работејќи во оваа прекрасна градба покрај езерото, веќе и со сопствени семејства. Тука се вработија и многу други луѓе. Во неа уживаат не мал број гости, домашни и од сите страни на светот.

Кога одев да ги посетам долгогодишните пријатели во чија куќа летувавме четиринаесет години, минував покрај хотелот и се радував на се ново во него. А таа куќа беше непосредно до хотелот. Сопственичката Невена, која секоја година не дочекуваше со исчистени, средени соби, постелнината блескаво бела, испеглана, ми беше како блиска роднина. Ние секогаш кога доаѓавме на летување, сакавме да бидеме во приземјето, бидејќи само ние престојувавме во него.

Ниту една од собите што ги издаваше на туристи не остануваше празна, ни еден ден преку летото. Вредна, пргава, постојано насмеана, педесетина пати на ден се качуваше и слегуваше по скалите на горниот кат. Сите требаше да бидат услужени. За сите имаше по некој убав збор. Дури и от кога ја оспособивме нашата куќа, не можев да не наминам кај неа да испиеме макар по едно кафе, на масичката во нејзиниот секогаш грижливо измиен поплочан двор. Гостопримството и дружељубивоста на Невена се пренесе и кај нејзините деца и внуци. Потекнуваше од видно семејство. Нејзиниот брат беше еден од најстарите познати фотографи во градот, а во семејството повеќето од помладите беа се здобиле со високо образование. Нејзината ќерка, која живееше во Скопје, беше една од најблагородните и најнеобичните жени што ги бев запознала. Сама изгради куќа во Нерези. Немаше човек во селото, па и во околните села, што не ја почитуваше и не ја сакаше. Во годините на осамата наслика повеќе пејсажи. Велеше, – нешто да остане по мене – како да знаеше дека нема долго да живее.

А сега, пак за мојата куќа.

Кога се ослободи од оплатата и втората плоча, а беа извадени и потпорите, заминав за Скопје. По неколку дена ми се јави по телефон мајсторот, и вели:

– Газдарице, има преостанат материјал, зошто да оди фира, да ги направам и другите столбови за нагоре.

– Слушај мајсторе, знаеш дека немам воопшто пари, нема да можам да ти платам. А и уште не сме решиле кога и што ќе правиме натаму. Децата ќе ме караат.

– Еве вака ќе се договориме... Кога ќе имаш, ќе ми платиш. Што ќе речеле децата. Откако ќе биде сосидано, добро ќе им дојде.

– Не знам што да ти речам...

Се прекина телефонската врска... Јас бев свесна дека дома не смеам да зборнам за тоа. Но мајсторот по неколку дена ми телефонира дека работата е завршена.

Веднаш заминав за Охрид да видам што направил. Новите бетонски столбови се издигаа нагоре. Градежниот материјал прибран. Само големите нови греди, четириесет на број, стоеја наредени во дворот, една до друга. Му се јавив дека сум тука.

Утредента ми телефонираше рано претпладне. Ми се пофали дека има нова внука и рече дека многу ќе им направам мерак на сите во семејството ако дојдам кај него дома. Решив да појдам. Знаев дека Лабуништа е големо село, претежно со албанско население, или дел од луѓето што го сочувале македонскиот јазик, а ја примиле муслиманската вера. Некои дури го говореа најчистиот македонски јазик. Влегов во селото со такси, а мајсторот ме дочека пред огромната неодамна изградена

џамија, како што бевме договорени. Тој, само што се поздравивме, со гордост се пофали дека неговиот брат ги обезбедил парите за градење на џамијата.

Кога влеговме во неговата куќа, среде големиот салон во приземјето беа поседнати на земја, на душеци, неколку жени, а околу нив трчкаа шест-седум деца, внучиња. Веднаш срипа неговата жена, која ја познавав од порано, бидејќи дојде еден ден на градбата, и ме пречека со раширени раце. Потоа се поздравија со мене и двете снаи и уште една жена која не знаев во кое сродство е со нив. Ме почестија. Јас го дадов подарокот за новото бебе и играчките за останатите дечиња. Поразговаравме за некои работи од нивниот живот. Децата се ангажираа со играчките и повремено љубопитно се загледуваа во мене. Поголемите ме прашаа како се викам.

На крајот јас ги пофалив мајсторот и синовите дека многу и добро работеа. Неговата жена рече дека и тие се благодарни од мене. Им ветив дека пак ќе дојдам и си заминав со такси кон Охрид.

Гредите, една по една, полека ги прибрав во десната приземна соба, во која се се ставаше како во магацин. Таму беа сместени и дел од циглите.

Неколку дена откако дојдов во Охрид, се срет нав со една блиска пријателка на моја роднина. Имаше стан во градот и често престојуваше по повеќе денови тука. Беше вдовица, а немаше деца ни од првиот ни од вториот брак. Беше наследила два стана од сопругот што и почина пред неколку години, а како банкарски службеник, и самата имаше добра плата. Бидејќи одевме во ист правец и ме праша поради што сум во Охрид, и раскажав за маките со куќата и градбата. Тогаш ми предложи да ми позајми една сума пари, без обврска брзо да и ги вратам и не со голема камата. Тие и така и стоеле во банка.

Се јавив во Скопје кај моите.

– Реши ти, како што мислиш, – ми рекоа.

Однапред беа сигурни како ќе решам. Бев веќе заробеник на куќата што ја градевме. Таа управуваше со мене.

За почеток позајмената сума беше толкава, при ближно на онаа со која мислев дека ќе се стави и третата плоча, чие поставување како да се наметна со изградените трети столбови.

Откако ги зедов позајмените пари, му се јавив на мајсторот. Дојде уште утредента. Ја донесе и мешалицата. Таа беше една од ретките, словенечка, што изгледаше и помодерно и беше поефикасна за работа. Ја врза со истиот дебел синџир за едно од цврстите железа на прозорецот од приземјето, па тој го затвори со огромен катанец, како што правеше и порано.

Ми запиша кој и колку материјал треба да набавам за да продолжи со градењето натаму и си замина в село. Рече дека ќе дојде по два-три дена. И јас заминав во Скопје да си земам некои неопходни работи.

Само по еден ден ми телефонира и вели:

– Газдарице, ти да не знаеш нешто за оваа работа, украдена ми е мешалицата?

Јас се вчудоневидов. Му реков дека јас не би ни можела да знам, бидејќи веднаш заминав за Скопје. А и да сум била тука, сум можела да не бидам во куќата, бидејќи и кога сум таму, во неа не спијам.

– Дојди побрзо, – рече, – да видиме што ќе правиме.

Со првиот автобус заминав за Охрид. Како и по веќепати дотогаш, доаѓајќи од Скопје во Охрид, слегував од автобусот на поблиската постојка кај мојата куќа, кај Гимназијата. Тргнав по правата улица што одеше директно до езерото, каде беше и мојата куќа. Тукушто поминував покрај куќата што почна да се гради скоро во исто време кога и мојата, и сакав да видам до каде се стигнало таму со градбата, во дворот здогледав иста мешалица како на мајсторот. Се вознемирив, бидејќи тој велеше дека во целиот овој крај нема како неговата, што ја купил од Словенија. Но веднаш си помислив дека не е можно да е таа, бидејќи секако тие што му ја украле не би се осмелиле да

работат со неа во непосредна близина. И одеднаш се сетив дека мајсторите што ја градат оваа куќа се роднини на мајсторот...

Сето ова ми стана сомнително, но никако не можев да поврзам за што станува збор. Дали мешалицата не е негова, па морал да им ја врати на роднините, или пак, ако е негова, им ја дал да работат со неа, а мене ми кажува дека му е украдена, за да оди да работи на некое друго место за повеќе пари. Во секој случај, не ми беше пријатно.

Ме пречека седнат во дворот. Се поздравивме. – Дали пријави во полиција за кражбата? – го прашав.

– Каква ти полиција, на прво место ќе ме набедат дека лажам.

– Нема зошто,– реков.

– Ти не знаеш, не си имала работа со нив. Што е најлошо, – рече, – нема со што да работам. Нема да можам.

– Ќе се снајдеш, – реков, ќе позајмиш од некого.

– Не ти дава никој, секому му треба.

Ја отворив влезната врата. Се уште се колебав дали да му кажам за мешалицата што ја видов во дворот кај што работат неговите роднини. Однапред се плашев од тоа во каква ситуација ќе се најде ако сфати дека е фатен во лага. Тој и не знаеше дека мене ми е познато дека тие мајстори се негови блиски роднини. Тоа ми го имаше кажано инженерот што ја надгледуваше работата.

На крај се решив да не му кажам дека ја видов мешалицата и каде ја видов. Откако влеговме внатре, приседнавме на столиците што беа тука. Со категоричен тон му реков како знае да се снаоѓа, дека мора да ги догради скалите од приземјето до првиот кат. Сега веднаш да измери колку и какви даскичиња и летви требаат за оплата, железо имаше преостанато, имаше и песок и цемент!

– Бидејќи сите тројца синови ми заминаа да работат во Италија, а за оваа работа ми треба уште еден работник, за тоа ќе ми платиш уште сто евра, – рече, – и тоа однапред.

Мислев како да постапам и по кратко време решив.

– Добро, – реков. – Причекај малку да испиеме по едно кафе.

Го ставив ѓезвето за кафе на плинското решо што беше тука на масичето и го запалив. Излегов пред вратата и му се јавив на пријателот, сопругот на пријателката каде што преспивав и го замолив да дојде ако може веднаш со точак. Тој пристигна додека го пиевме кафето. Пред него извадив лист хартија и му реков на мајсторот:

– Мојот пријател е правник и пред него ќе потпишеме спогодба за тоа дека ти веднаш ќе почнеш да ги правиш скалите и дека за тоа бараш уште сто евра, и покрај тоа што во претходната спогодба беше договорено да ги направиш и скалите за парите кои веќе ти ги исплатив. Јас се согласувам да ти платам уште сто евра што ги бараш, откако ќе ги направиш скалите, бидејќи, како што кажа ќе земеш и работник. Сето тоа го напишав на листот за спогодбата.

Мајсторот го слушна напишаното, откако му го прочитав, неколкупати испитувачки гледаше во мојот пријател, кој дојде неодамна, и потоа се потпиша каде што го напишав неговото име и презиме, а јас каде што беше моето име и презиме. На крајот од листот стоеше и датум. Вака постапив бидејќи не бев сигурна кога ќе најдам нови мајстори, а потребата од овие скали беше итна.

Тогаш веднаш, заедно со мојот пријател зедоа мерки за се што требаше да се набави за скалите. Со колата отидовме во стругарата, каде што ни ги исекоја даските и летвите. На поминување зедовме и еден работник за помагање, од тие што чекаа кај пазарот. Кога се вративме, почнаа со работа. Другиот ден, доцна вечерта скалата беше готова. Му ги дадов и парите. Ми кажа дека по неговите алати ќе дојде со такси по два дена.

Кога дојде со такси-колата следниот ден, не оставаше впечаток, според тоа како беше облечен, дека ќе се враќа дома. Беше со работнички алишта. Механички го запамтив бројот на такси-колата и компанијата на која и припаѓаше. По еден час откако ги натовари алатите и замина, се јавив во компанијата на која и припаѓаше такси-колата и замолив да ми ја испратат таа кола со тој број. Бидејќи, реков, патникот што го возеше работникот си заборавил еден од алатите и му е потребен, па ме замоли да му го однесам таму каде го одвезе таксистот. Кога дојде таксистот, му реков да ме одвезе таму каде што го носеше работникот со алатите.

Тој веднаш се сети и отидовме до една куќа која беше изградена до првиот кат. Јас му реков на таксистот да ме остави на блиската главна улица, му платив и тој замина. Веднаш го здогледав мајсторот. Веќе беше искачен на скелето и sидаше. Си тргнав пешки кон дома.

Пак без мајстори... Можеби сега беше моментот да се одложи натамошното градење. Во разговор со еден инспектор по угостителство, кој често на враќаше во ресторанот кај моите пријатели и испивавме кафе, ми сугерираше да не се откажувам од натамошното градење.

– Куќа без покрив, – велеше, – е како човек без глава. Макар и по малку, нека се подработува. Да не биде како напуштена градба. Посебно дека не си постојано во градов. Има многу пакосни, завидливи луѓе.

– Веќе ништо не ми можат, – му реков.

– Ти така мислиш, – ми зборуваше тој. – Не знаеш што неубав народ се изнароди.

По неколку дена откако замина мајсторот, јас секој ден кога поминував покрај куќата што наблизу се градеше ја гледав истата, наводно неговата мешалица, во дворот каде се уште работеа неговите роднини. Но тоа за мене веќе не беше важно.

Бев отишла на пазар да земам свежо овошје и на враќање го видов работникот Борис, кој со неколкуте други работници пак чекаше некој да го повика да работи.

Се израдува кога ме виде и праша како оди со градењето на куќата. Му раскажав за проблемите. – Знаете, има една група мајстори, одовде од градот, сум работел со нив, зет, шура и еден нивни внук. Ако сакаш да ги прашам дали не се ангажирани.

– Добро, – реков, – ако се слободни, дојдете утре кај мене кај куќата да се договориме.

Утредента Борис дојде со мајсторите. Разгледаа што треба да се работи, видоа кој и колку материјал е набавен, пресметаа уште што треба да се купи, се договоривме колку треба да им платам за работењето и си отидоа. Се согласија да почнат со работа веднаш утредента. Се прерадував дека ќе продолжиме и натаму, сега веќе со поставувањето на третата и последна плоча.

Инжинерот кој го имав ангажирано за надгледување се помалку доаѓаше, бидејќи имаше многу обврски, а јас не можев да се решам на негово место да повикам друг, поради нашата дотогашна соработка и мојата пријателка, која ми го препорача и со која работеа во исто претпријатие. На некој начин бев оставена скоро сама на себеси и каквото-такво искуство на мајсторите, нивната оспособеност во оваа градежна работа. Многу од елементарните работи веќе ги знаев од дотогашното следење на работата на претходните мајстори.

Новите мајстори почнаа со работа рано утрото, бидејќи живееја во градот. За работењето на третата плоча мораше најпрвин да се направат и двете останати скалила. Јас тоа им го кажав и тие ми одговорија дека тоа не е никаков проблем. Сите тројца беа средовечни луѓе и влеваа некоја доверба. Им кажав дека има се што е потребно за правење на плочата, како и даски и греди што по служија за оплата на претходните скали и каде се наоѓаат. И песок и железо заедно набавивме. Почнаа да работат. А што и како работат јас не можев да видам, бидејќи и тие се качуваа по нестабилната дрвена скала од надворешната страна на ѕидот на куќата. На неа не се осмелував да се искачам. Се остана на доверба. Верував дека Борис, кого го запознав како многу позитивна личност, како добар човек, не може да донесе неуки мајстори.

Кога влегував во приземјето слушав дека непрекинато работат.

Поминаа неколку дена, но скалите уште не почнуваа да ги прават. Иако пак ги потсетив на тоа, и дека им е многу потешко да качуваат материјал по дрвената висока скала, и самите да се качуваат, тие велеа дека треба првин да ја подготват плочата и дека и скалите ќе дојдат на ред.

Повремено доаѓаше да им помага и синот на мајсторот, набавувајќи го потребниот материјал, со една постара кола.

Сепак решија да ја прават плочата пред да ги направат скалите. Оваа, третата плоча, ме убедија дека треба да биде полесна, односно дека ќе ја прават со цигли во кои ќе спровнуваат железни шипки, како што граделе на многу куќи дотогаш. Им реков да се посоветуваат и со градежниот инженер, штом тој ќе дојде. Потоа ми кажаа дека и инженерот се согласил.

По неколку дена ми кажаа дека се е готово и дека утре ќе го тураат бетонот за плочата. Другиот ден на истата голема талпа прицврстија макара со сајла и дигалка на струја, со која ќе се покрева железната количка полна со бетонот и ќе се истура потоа врз подготвената оплата.

Беше неделен ден. После подигнатите неколку колички со бетон се повтори истиот малер. Прегореа осигурачите. Синот отиде, купи други и се качи горе, ги намести. Продолжија со работа. По неполн час стана нов куршлус. Пак застој, набавување на нови осигурачи, пак продолжија со работа.

Имав подготвено јадење и ги повикав да ручаат кога дојде пладнето. Откако се најадоа, мајсторот ми рече дека малку се вреќите со цемент и дека треба да се купат барем уште три. Но јас му кажав дека се избројани, точно толку колку беа за претходните две плочи. Тој упорно настојуваше. Јас го потсетив дека е недела и дека нема каде да се купат. Но тој кажа дека во едно од стоваришта има пријател од чуварите и син му ќе купи од него.

– Кога ќе снема ќе биде доцна, што ќе правиме тогаш, а ти знаеш дека не смее да има прекин додека се фрла плочата.

Видов не видов, му дадов пари на син му и тој отиде и донесе уште три вреќи цемент. Откако поработија уште извесно време, мајсторот пак ми свика одгоре дека ќе требаат барем уште три. Погледнав таму каде беа наредени вреќите. Тие навистина се намалуваа, но не бев убедена дека ќе се потрошат сите. Но, си реков, и да останат, не е проблем, бидејќи и така има уште

многу да се работи... И пак му дадов на син му пари да оди да купи уште три.

Но откако тој се врати со новите три купени вреќи цемент, забележав дека со колата се паркира на тротоарот без да ги истовари вреќите. Отиде некаде и се врати по половина час. Му реков да ги истовари вреќите и да ја тргне колата од тротоа рот, бидејќи ќе го казнат. Тој се направи дека не ме слушнал и пак замина некаде. Истурањето на бетонот привршуваше. Рекоа дека се полни и последната мешалица.

Тогаш видов дека син му на мајсторот набрзина замина со колата, без да ги истовари вреќите. Се колебав како да постапам. Ако кажев дека се сомневам дека тој си ги однесе вреќите дома, ќе требаше да се скарам со мајсторите, пред се со татко му, а тоа ќе значеше дека ќе останам пак без мајстори. Се направив дека не сум ја видела целата оваа работа, всушност оваа однапред смислена кражба. Ги пребројав преостанатите вреќи со цемент. Имаше уште пет. Веќе не бев сигурна, другите денови, кога небев кај куќата, дали не зеле од другиот градежен материјал. Се случуваше по повеќе часови да не сум тука, а вечерно време заминував на спиење кај моите пријатели.

По неколку дена кога дојдоа да работат, веднаш почнаа со sидањето на циглите. Пак не се зафатија со правењето на скалите.

Во тоа меѓувреме, скоро и без да забележиме инженерот и јас, мајсторите набрзина ги направиле двете преостанати скалила. Кога ги прашав зошто така набрзина, речиси веќе стемнето, ми рекоја дека сакале да ме изненадат.

Откако поминаа неколку дена и бетонот на скалите беше исушен, па мајсторите ги извадија оплатите, јас забележав дека се направени многу понестручно од тие што ги правеше претходниот мајстор. Им реков дека не се добро направени. Но тие ме убедуваа дека неможело поинаку, бидејќи тој дел на куќата е потесен и морало да се прилагодат на таквата несиметрична положба. Тоа беше свршен чин и немаше што да се прави.

Остануваше уште правењето на покривот. Им платив за тоа што го сработија и ги седнав на разговор. Дали правеле покрив на други куќи и дали се сигурни дека ќе можат да го направат. Тие гарантираа и се зафатија со работа. Новите цврсти греди ги сечеа, ги ковеа и некако се оформи новата кровна конструкција, која навистина изгледаше солидно.

Потоа (овој пат со мојата кола) купивме шмиргла, што ја заковаа врз гредите и врз неа летви на кои ќе се редат ќерамидите. Покривот за неколку дена беше готов. Беа наредени и ќерамидите. Овој пат, кога ме повикаа да се качам во поткровјето, кое веќе беше можно со доградените скали и една помошна дрвена, лесно се искачив. Бев толку радосна што ги заборавив сите маки и проблеми. Пред мене блесна во сета своја убавина Охридското Езеро.

По неколку дена најдов еден мајстор електричар за поставување на сите кабли и штекери во целата куќа, кој се согласи јас да ги набавам потребните материјали, а за работата да му платам на повеќе рати. Приклучок на струја веќе имаше и во куќата пред отпочнување на градбата. Тој навистина одлично си ја знаеше работата и за брзо време приземјето и првиот кат на куќата беа со светло и приклучоци за апарати на струја.

Од основните клучни работи останаа приклучувањето во водоводната и одводната градска мрежа. Благодарение на големи пријатели и мои, а пред се на мојот син, Дарко и Ленка, чиј близок роднина беше поставен за директор на претпријатието за водовод и канализација, ни се овозможи конечно, по редовен пат, приклучување во водоводната и одводната мрежа. Тој ден, кога тоа требаше да се реализира, дојде со службено комбе екипа од Водовод, истоварија алат за работа, како и се што беше потребно за приклучувањето.

Најпрвин почна со копањето за да се открие каде е сместена водоводната цевка која ја носела водата до малата куќа што ја купивме, односно каде проаѓала. Соседите зад нас, од кои ги трпевме многуте претходни тортури, дотрчаа да видат што се случува. Мајсторите констатираа дека целата цевка преку која доаѓа водата во куќата зад нас почнува од нивниот двор и стигнува до уличниот приклучок, без да има отклонување кон нашата куќа. Тогаш решија да копаат поблизу до нашата куќа. По извесно време еден од мајсторите откри дека постои посебна цевка по која доаѓала вода само во нашата куќа, но дека е пресечена на еден метар пред да стигне до куќата и на неа има ставено чеп. Во тој момент првите соседи буквално побегнаа, кога се откри тоа што одамна го направиле.

По овој настан се чудеа сите очевидци кога и како сето тоа е направено, а да нема сведоци, но и да знаеле некои од соседите, тие молчеле.

Веднаш се постави целосна инсталација на доводот и одводот.

Со напорна работа на сите членови на семејството, секој во својата струка, долговите се отплаќаа.

Наскоро на куќата беа поставени врати и прозорци. Се послаа килими на патосите. Се внесоа каучи и шифоњери, шпорети, перални и фрижидери, маси и столици. Куќата заживеа. Оградите на балконите и плочките со кои беа послани овозможија, стоејќи или седејќи на нив, да уживаме во изгревите и залезите, секој ден од чудесни почудесни, секој ден поинакви. И да не си поет ќе станеш. Ќе се всели во тебе необичен неспокој, желба за создавање, желба за убавото. Зошто сите луѓе што се родиле и живеат покрај овој неповторлив дар од природата не стануваат убави, во телото, и пред се во душата.

Не сум сигурна, но мислам дека само во Охрид, кога ќе прашаш каков е оној човек, и ако ти одговорат – убав е, со тоа кажале се. Всушност се создал израз, во еден збор, за делење на луѓето на добри и лоши.

Сега веќе можеше и мораше да се запре со натамошното инвестирање во куќата. Но и таа одлука брзо пропадна во вода. Куќата постојано бара-е да биде завршена до крај.

Својата викенд куќа зетот, докторот, ја приврши со истите мајстори, кои ги дочека да доработат на куќата, каде ги најдовме да градат, и ја оспособи за живеење. И тој се изнамачи. Но љубовта кон својот роден крај му даваше сила и го исполнуваше со радост за тоа што го создаваше. Беше горд што на синот и ќерката ќе им остави куќа во таа убавина. Во подножјето на планината, богата со прекрасни шуми и прекрасен поглед кон неповторливото по пејсажи, кои секој момент се менуваа, езеро.

Тогаш таа куќа, на сестра ми и зетот, ни стана втора куќа, во која најчесто се собиравме сите. Моите и нивните деца не делеа ништо и не се делеа. Мојата ќерка и синот на сестра ми беа поврзани и со професиите. Режисери.

Нашата куќа во градот полека ја доправавме.

Скоро истовремено куќата на зетот и сестра ми во Лагадин и мојата беа фасадирани, од вештите раце на група млади фасадери.

Уште од брегот на езерото се гледаше кремасто обоената куќа на три ката, со предните ѕидови целите од стакло, што се издигна на местото на малото трошно приземно куќиче.

ПОГОВОР

Со најновиот роман, нашата еминентна македонска романсиерка Драгица Најческа, чие творештво го следиме веќе подолго време, ја продолжува низата успешни раскажувачки дела, во својот препознатлив стил, а во форма која логично се надоврзува на нејзиниот претходен роман, „Доживотна јамка“.

„Куќа на езеро“ се занимава со наизглед едноставна тема, лесно читлива, современа и актуелна. Главниот лик, Виолета Николовска, купува мала напуштена куќа на самиот брег на Охридското Езеро. Но, уште веднаш по купувањето на куќата, со првите обиди да ја оспособи за живеење и летување, работите во нејзиниот живот крајно се усложнуваат. Виолета ни во најлошата фантазија не би можела да замисли низ какви се трауми и мачни моменти ќе помине и колку тие долго ќе траат во следните години, се до конечното спокојно престојување и живеење во неа.

Главниот заплет, купувањето на куќата, продолжува во цела низа подзаплети, почнувајќи од најличниот – односите со сопругот и целото семејство, а продолжувајќи со односите со соседите. Се создаваат една цела низа уште покомплексни односи, во новата средина во која одеднаш треба да се донесуваат брзи одлуки и да се започне нов соживот.

Првите конфликти започнуваат со непосредните соседи, на кои им била понудена куќата да ја купат, а тие се откажале. Наскоро ќе стане јасно дека тие се надевале да ја добијат оваа мала куќа од сопственичката без да дадат пари за неа. Откако не успеале во тоа, тие ја оштетувале постепено, за еден ден да ја прогласат за склона на паѓање. Но, тие нивни планови се нарушуваат со тоа што сопственичката на куќата и ја продала на Виолета. Овој факт, дека куќата сега има нов сопственик, соседите не сакаат да го прифатат и продолжуваат со сите можни притисоци, се уште верувајќи дека на тој начин ќе ја избркаат новата сопственичка од куќата. Всушност, мечтата на главниот лик, Виолета, која е уметник, е да има куќа со поглед на езерото. Оттаму и името на романот.

Една од најважните, најкомплексните и најактуелните нишки во романот е онаа врзана со поткупливоста, подводливоста и личните интереси пред граѓанинот и неговите права, а со самото тоа пред законот, длабоко всадени во механизмите на институциите на државата. Во таа смисла, драгоцено е прикажувањето на голем број службеници – претставници на власта кои се добро платени од државата, и со многу привилегии, за да ги штитат интересите на граѓаните, гарантирани со постоечките закони, при што тие најмногу ги кршат законите и, сосема спротивно, работат исклучиво во своја полза.

Така, главните страдања и апсурдни доживувања кои ги преживува главниот лик се предизвикани од корумпираните, не ретко и поткупени службеници од судството, органите на власта во Општината, Управата за јавни приходи, Катастарот. Поткупувањето не е само во парична форма, туку со крупни заемни услуги, па и уцени. Директ на причина и последица на ваквиот развој е токму соседот и неговите контакти и врски, зашто тој и самиот се наоѓа на едно од клучните места во локалната чиновничка машинерија.

И покрај сите тие мачни доживувања и неправди, па и наместени судски процеси, со измислени, непостоечки факти, Виолета успева да се всели во куќата, да го оствари своето сопственичко право на неа. Во тоа и помагаат неколку позитивни личности, кои се наоѓаат на клучни места во некои од градските институции.

Претставувајќи луѓе од различни слоеви и профили во општеството, иако на мал географски простор, авторката на романот „Куќа на езеро“ дава слика на развојниот пат на нашата општествена заедница во изминатите децении, започнувајќи од средината на осумдесеттите години од минатиот век. Истовремено, многу од механизмите за кои се зборува, препознатливи во еден сосема поинаков општествено–политички систем, денес прозвучуваат поактуелно од кога било порано.

Како и во целото претходно творештво, писателката Драгица Најческа пишува за современи теми, со реалистичен пристап, непосредно, освојувајќи го читателот уште од првите настани на дејствието. Нејзиниот препознатлив висок уметнички исказ, пак, таа го вградува и во новата форма на раскажување, првпат донесена во романот „Доживотна јамка“. Така, романов третира три агли, три аспекти на истата приказна: првиот, основниот, оној во кој главната протагонистка, која и го движи дејствието, раскажува во прво лице за настаните и доживувањата со кои се судира; вториот, од аспект на раскажувачот, авторот, во трето лице, но само третирајќи ги постапките и чувствата на главната протагонистка, одделен со болдирани букви; и третиот, дијалозите, настаните кои независно од главниот раскажувач и протагонистот им се случуваат на другите ликови, антагонисти, оние кои се директно конфронтирани на намерите и постапките на главната протагонистка, одделени со курзивни букви.

Ваквиот јазик дава посебна динамика, а и го става читателот во привилегирана положба, да може да се најде на повеќе различни страни кои го сочинуваат мозаикот од односи, чија комплексност на овој начин и полесно може да ја следи и да ја разбере.

д-р Георги Сталев